Број 09-3/2
23.03.2021 год.
Скопје

УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН
Број 2/2021

23 март, 2021 година
Скопје

СОДРЖИНА

_____

РЕФЕРАТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

А) Општествени науки:

Еден наставник во научно-истражувачко поле од научно-истражувачко подрачје општествени науки, научно-истражувачко поле економски науки, област маркетинг (50325), маркетинг менаџмент (50608) и друго (50329) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Еден наставник од научно-истражувачко подрачје општествени науки и управување, научно-истражувачко поле организациски науки и управување (менаџмент), области: 50614 одлучување, 50622 управување со човечки ресурси и 50624 друго,) на Факултетот за човечки ресурси на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Еден наставник во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, Научно-истражувачко поле Економски науки, област: 50309 Меѓународна економија, 50327 Економска статистика и 50329 Друго.

Еден наставник во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, Научно-истражувачко поле Туризам и угостителство, област 51413 Туризам и културно наследство, 51416 Комуникации во туризмот и 51419 Друго

Издавач
Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА
ЗА ИЗБОР НА

Вонреден професор. д-р ДАЛИБОРКА БЛАЖЕСКА

ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР
ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ, ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ (50325), МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ (50608) И ДРУГО (50329) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

Проф. д-р Алекса Стаменковски, редовен професор во пензија, претседател
ЕУРМ, Економски факултет,

Проф. д-р Савица Димитриеска, редовен професор, член**,**
Меѓународен Балкански Универзитет, Факултет за економски и административни науки,

Проф. д-р Ленче Петреска, редовен професор, член,
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р Державин“ – Свети Николе, Факултет за економија и организација на претприемништво.

	До Наставно научниот совет на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје Република Македонија

Предмет: Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Далиборка Блажеска**, вонреден професор, во наставно-научно звање редовен професор, за научно-истражувачко подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 503 Економски науки, област 50325 Маркетинг, 50608 Маркетинг менаџмент и 50329 Друго

Врз основа на одлука на Наставно научниот совет на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје 28.12.2020 година за избор во звање, и објавениот Конкурс на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје во веникот "Нова Македонија" од 17.12.2020 година, а во согласност со член 172 и 173 од Законот за високо образование (Службен Весник на РМ бр.82/2018) за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање редовен професор, за научно-истражувачко подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 503: Економски науки, област Маркетинг (50325), Маркетинг менаџмент (50608) и Друго (50329), на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

На истата седница, **именувана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање редовен професор за научно-истражувачко подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 503 Економски науки, област Маркетинг (50325), Маркетинг менаџмент (50608) и Друго (50329), на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, и тоа во состав:

1. Проф. д-р Алекса Стаменковски, редовен професор во пензија, претседател
   ЕУРМ, Економски факултет,
2. Проф. д-р Савица Димитриеска, редовен професор, член,
   Меѓународен Балкански Универзитет, Факултет за економски и административни науки,
3. Проф. д-р Ленче Петреска, редовен професор, член
   Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р Державин" – Свети Николе, Факултет за економија и организација на претприемништво.

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање редовен професор за научно-истражувачко подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 503 Економски науки, област Маркетинг (50325), Маркетинг менаџмент (50608) и Друго (50329), на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 17 декември 2020 година и на веб страницата на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (www.utms.edu.mk) на 17 декември 2020;
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Далиборка Блажеска, вонреден професор, вработена на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје; и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот,

Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно научниот совет на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

И З В Е Ш Т А Ј

За кандидатот д-р Даліборка Блажеска, вонреден професор, на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:

1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
2. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
3. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – редовен професор, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015; 154/2015, 30/2016 и 127/2016) *(Прилог 3),* како и
4. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во редовен професор *(Прилог 4),*
5. Потврда за учество во научно-истаржувачки прект *(Прилог 5),*
6. Извештај од самоевалуација на Универзитетот *(Прилог 6),*
7. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање редовен професор во научно-истражувачко подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 503 Економски науки, област Маркетинг (50325), Маркетинг менаџмент (50608) и Друго (50329) *(Прилог 7),*
8. Одлука од Сенатот за избор во наставно-научно звање вонреден професор *(Прилог 8).*

1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — д-р Даліборка Блажеска

Кандидатот, вонреден професор. д-р Даліборка Блажеска родена на 08.04.1974 во Кичево. Основно образование завршила во Кичево. Во 1992 година го завршила средното образование во економското училиште „Климент Охридски” во Охрид.
Дипломирала во 1996 година на Економскиот Факултет во Прилеп на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, на насока Економија на претпријатијата и се стекнала со степенот и стручен назив Дипломиран економист, со просек 8,41.

Од 1999 до 2002 година работи како раководител на економско-финансиско одделение во фабрика за навојни производи во Кичево.

Постдипломските студии завршува во 2002 година на Универзитетот „Св.Климент Охридски", Битола, Економски факултет, Прилеп, насока Деловно и развојно планирање на претпријатијата. Се стекнува со звање Магистер по економски науки, со просек 8.75. Темата на магистерскиот труд е "Истражување на пазарот како елемент на окружувањето во процесот на донесување стратегиски менаџмент одлуки".

Докторирала на Европскиот Универзитет, на Факултетот за економски науки во Скопје во 2009 година со одбрана на докторската дисертација на тема: „Создавање марка на производите од македонско потекло" пред комисија во состав: проф. д-р Панче Јовановски, проф. д-р Ленче Петреска, проф. д-р Алекса Стаменковски и доц. д-р Савица Димитриеска, а под менторство на проф. д-р Бошко Јаќовски, со што се стекнала со звањето доктор на економски науки (PhD).

Учествувала на повеќе научни собири, конференции, семинари и советувања од областа на економијата и менаџментот во земјата и странство. Одлично ги владее и активно ги користи англискиот и францускиот јазик со овластување за судски преведувач. Поседува солидни компјутерски вештини, вклучувајќи напредно познавање и работа со Windows, Microsoft Office пакетот: Word, Excel, Access, PowerPoint, и Интернет.

Од 2006 ангажирана е како асистент по група на предмети од областа на менаџмент на Првиот Приватен Европски Универзитет. Периодот од 2006-2009 е асистент, а во декември 2009 година е избрана како доцент по група на предмети од областа на маркетингот. Оттогаш, како предмети со доверена настава ги предава следните предмети: Промоција, Однесување на потрошувачите, Непрофитен маркетинг менаџмент, Маркетинг на земјоделски производи и Маркетинг менаџмент во туризам и угостителство.

Од 2014 е ангажирана на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент по група на предмети од областа на маркетинг. Истата година избрана е за В.Д. Декан на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент, а од 2015 година оваа одлука е потврдена со Декан на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент.

На Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент и на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент, Скопје ги предава следните предмети:
На додипломски студии: Маркетинг, Маркетинг менаџмент, Маркетинг на услуги, Меѓународен маркетинг, Канали на маркетинг, Бренд менаџмент.

На последипломски студии: Б2Б Бренд менаџмент, Стратегиски маркетинг, Маркетинг менаџмент –пристап за донесување на стратегиски одлуки.

Досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистерскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирала својата истражувачка ориентација кон проучување на полето на економските науки.

2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и

2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

Д-р Даліборка Блажеска на 29.12.2009 година е избрана за наставник по група на предмети од областа на Маркетингот во наставно-научно звање доцент на Факултетот за економски науки во состав на Првиот Приватен Европски Универзитет - Република Македонија (со одлука бр. 306/1561 од 11.01.2010) (*Прилог*).

Д-р Даліборка Блажеска на 21.01.2014 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 25.12.2013 (*Прилог*) е избрана за наставник по група на предмети од областа на Маркетингот во наставно-научно звање доцент на Факултетот за меѓународен маректинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (со одлука бр. 2-6/1 од 21.01.2014) (*Прилог*).

Д-р Даліборка Блажеска на 01.06.2016 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 23.02.2016 (*Прилог*) е избрана за наставник по група на предмети од областа на Маркетинг (50325), Маркетинг менаџмент (50608) и Друго (50329), во наставно-научно звање вонреден професор на Факултетот за меѓународен маректинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (со одлука бр. 2-216/1 од 01.06.2016) (*Прилог*).

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Даліборка Блажеска во нејзината научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање редовен професор напишала докторска дисертација и објавила 13 научни трудови во меѓународно признати списанија и публикации, 19 научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции и 7 книги.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

2.2.1. Докторска дисетација
2.2.2. Објавени научни трудови
2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.4. Учество во научни проекти

2.2.1. Докторска дисертација

Докторската дисертација на тема: „Создавање на марка на производите од македонско потекло" кандидатот ја одбранил на 20.10.2009 година на Економски Факултет во Скопје, Европски Универзитет, Република Македонија, Скопје, 2009, пред комисија во состав: проф. д-р Панче Јовановски, проф. д-р Ленче Петреска, проф. д-р Алекса Стаменковски и доц. д-р Савица Димитриеска, а под менторство на проф. д-р Бошко Јаќовски истовремено и претседател на комисијата за одбрана на докторската дисертација.
Со одбрана на докторската дисертација кандидатот се стекнала со академски степен доктор на економски науки (PhD).

Докторската дисертација на кандидатот д-р Даліборка Блажеска претставува пионерско посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на маркетингот и процесот на создавање на брендови. Материјата во дисертацијата, покрај вовед, заклучок, литература и прилози, е структуирана во седум глави, логично систематизирани.

Покрај воведот, предметот, целите и задачите дисертацијата има седум логично поврзани глави, прилог и заклучни согледувања

Во *првата глава* - Марка и значење на марката преку неколку современи дефинирања е определен поимот марка. За да може да се дефинира марката на производот се тргнува од самите корени и настанувањето на поимот. Исто така се напоменува каде е нејзината прва примена, а подоцна и нејзиното посериозно применување. Во рамките на ова поглавје се утврдува марката како белег на производот. Всушност марката служи за диференцирање на производите едни од други кои се слични на пазарот. Овдека се нагласува дека постои разлика помеѓу производ и марка. Производот претставува било што може да ги задоволи потребите на купувачите, додека марката е искуство на потрошувачот претставено преку комплексен и индивидуален збир на слики, идеи, искуства ... кои носат емоции. Производите се создаваат во производните хали, услугата онаму каде што се дава, а марката во главите на потрошувачите. Во ова поглавје се потенцира марката како многу важен белег на производот кој има големо значење како за производителот така и за потрошувачот. За потрошувачот марката носи многу предности кои се состојат во следново: марката го олеснува изборот и купувањето на производот што е многу важно кога на пазарот се нудат голем број производи со слични карактеристики: марката прдонесува кон создавање на определено искуство и создава навика за повторно купување на истиот производ; марката дава определена гаранција за квалитет и марката задоволува определени емотивни потреби кај купувачот.
Марката носи низа предности и за производителите како што се: марката на претпријатието му овозможува контрола, бидејќи преку марката се идентификува производот на пазарот, познатата марка му овозможува на претпријатието лесни преговори со трговијата при склучувањето на нови договори, марката дава можност за независна политика на цени, марката на производот го олеснува лансирането на нови производи и се олеснуваат активностите за промоција а сето тоа доведува до намалување на трошоците.
Имајќи во предвид предностите што ги нуди секоја марка на производ и за производителот и за потрошувачите, постои нужност од создавање на марка.

Во *втората глава* - Идентитет на марката и елементи на идентитетот на марката, се образложуваат правните аспекти за означување на марката и процесот на правна заштита на трговскиот знак.
Во овој дел уште еднаш се укажува на важноста на идентитетот на марката, како и согледување на елементите на идентитетот на марката. Како елементи на марката може да се каже дека се оние што служат за идентификација на марката воопшто и диференцирање на марката од другите марки. Како

такви елементи можат да се појават: името, веб адресата, лого-симбол-знак, лик, слоган и пакувањето. Елементите за изградување на марка треба да бидат такви што ќе овозможат лесно запомнување. Тие треба да упатуваат на вредноста на производот и се доста важни особено ако производот нема некои лесно препознатливи предности. Откако ќе се согледаат елементите на идентитетот на марката се овозможува согледување на пристапите во управувањето со елементите на идентитетот на марката и нивното значење во комуницирањето со марката.

Во *третата глава* - Видови на марки и стратешко управување со марката се упатува на постоењето на повеќе видови на марки. Во ова поглавје се укажува на основните разлики кои постојат помеѓу класичното и современото управување со марката, што во суштина опфаќа современото управување со марката и кои се предностите што произлегуваат од ова управување. Често при управувањето со марки се појавуваат одредени препреки и пропусти кои ќе бидат теоретски разработени. Потребно е да се знае дека од исклучително значење е управувањето со марки. Но со марката на производ неможе брзо и едноставно да се управува. Управувањето со марките на производите треба да се свати како долгорочен процес. Пред се треба многу време, пари, труд и големо знаење за да се создаде една марка но се разбира и да се одржува. Доколку не се поседува знаење и искуство се она што е создадено може да се упропасти за еден ден.

Во *четвртата глава* - Концепт на марки се претставува концептот и еволуцијата на марките. Всушност се анализира концептот на марки и околностите во кои тие марки се појавуваат. Во ова поглавје уште еднаш се разгледува значењето на марките за трговските ланци и етапите на еволуција на марките. Се нагласува дека како темел на марката е цената и квалитетот. Пред се прво треба да имаме квалитетен производ. Да замислиме ако имаме лош производ од кој сакаме да направиме марка. Наместо прво да се фокусираме на производот со цел да го направиме сакан, ние сма направиле атрактивна реклама во која го фалиме до небо И очекуваме производот да го засакаат. Значи прво треба да се обрне внимание на производите на нивниот квалитет па потоа на создавањето на марките.
Понатаму ова поглавје се занимава со можните стратешки одговори на производителите и се прикажуваат иднината и можностите за ширење на марките.

Во *петтата глава* - Животниот циклус на производите и марките, прво се обработува животниот циклус на производите кој опфаќа неколку фази. Како што постои животен циклус на производите така постои животен циклус на марките. Ова не упатува на заклучокот дека секоја марка на производ еднаш се “ раѓа”. Таа е резултат на некој напор, креирање и голем или помал успех во однос на пазарот и потрошувачите. Патот до успехот на новата марка е многу трновит. Значи, новата марка на производите се создава, а не се прогласува. Треба да знаеме дека еднаш создадената јака марка незначи гаранција за вредност. Марката се креира но со време и се губи. Тоа е пазарен закон и логика. Значи и марката има свој животен циклус кој постојано треба да го имаме во вид.

Во *шестата глава* - Стратегии за развој на марка на производ, се опишуваат стратегиите кои доведуваат до проширување и потврдување на марката.
Во оваа глава е опфатена и стратегијата за воведување единствени марки при настап на пазарот како и претставување на пристапите за интернационализација на марките. При опишување на стратегијата за проширување и потврдување на марката се укажува и на предностите и недостатоците на оваа стратегија.

Во *седмата глава* - Вредност и мерење на вредности на марката, се укажува на концептот на вредности на марката ,разликите помеѓу финансиската и пазарната вредност на марката, како и концептот за мерење на пазарната вредност за марката.
Вредноста на марката е во свеста на потрошувачот а не во отценката од страна на менаџментот.

Марката може да има и негативна вредност која постои кога “потрошувачите не реагираат позитивно на производите”. Доколку крајниот потрошувач се одлучил да купи одреден производ значи дека тој верува во вредноста на марката. За правилно позиционирање на марката на пазарот треба да се идентификуваат атрибути или бенефиции што ќе ја презентираат вредноста на производот кај крајниот потрошувач. Ова создава доверба кон производ со марка кој се наоѓа на пазарот од страна на крајниот корисник. Позиционирањето на марката на пазарот овозможува преку неа производителот да ги идентификува своите потрошувачи, нивните барања, потреби и очекувања. Текот на настаните понатаму се насочува кон развој на такви производи и услуги кои на најдобар начин ќе ги следат потребите и желбите на крајните потрошувачи.

Прилог
Во овој дел се објаснува еден пример за создавање марка на производ од македонско потекло, кој ќе послужи како пример за проучување на развојот за марки и маркетинг во Република Македонија. Всушност во овој дел укажува на потребата за изградба на марка на производ од македонско потекло, ќе се пристапи кон креирање на марка и утврдување на елементите што ја прават марката силна. Големо значење има и управувањето со марките на производите кое треба да се свати како долгорочен процес за кој е потребно многу време ,пари, труд и големо знаење за да се создаде една марка но се разбира и да се одржува. Доколку не се поседува знаење и искуство она што е создадено може да се упропасти за еден ден.

Заклучни согледувања - синтетизирани се заклучоците и сумирани се сознанијата за неопходноста од создавање на марка на производите при настап на пазарот.

Научниот придонес
Научниот придонес на докторската дисертација произлегува од фактот што таа претставува пионерско посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на една од најактуелните теми во областа на маркетинг проблематиката во Република Македонија. Тоа произлегува од фактот што дисертацијата има соодветна научно-истражувачка заснованост и е обработена според најсовремени методолошки поставки и методи својствени за оваа проблематика. Кандидатот успеал преку соодветни методи и критериуми да ги дефинира начините и стратегии за креирање на еден бренд во Македонија. Научниот придонес е уште позначаен ако се земе предвид фактор дека тоа е во првите трудови кои ја опфаќаат оваа проблематика. Воедно по овој пример треба да се раководи и една стратегија за идниот развој на брендовите во Република Македонија.Посебен научен и стручен е придонесот на кандидатката во спроведување на емпириското истражување, при што е опфатен процесот на брендирање и дадени се конкретни предлози за успешно спроведување на тој процес на брендирање кој ќе послужи како пример за сите идни активности на компаниите.

2.2.2. Објавени научни трудови

2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент, д-р Далиборка Блажеска покрај докторската дисертација не објавила трудови.

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски

бази на податоци (а1)

Рецезентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Даліборка Блажеска не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

Рецезентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Даліборка Блажеска не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

2.2.2.2. После избор во звање доцент

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

После изборот во звање доцент, д-р Даліборка Блажеска објавила 3 научни трудови.

1. **Blazeska, Daliborka,** and Natasha Ristovska. 2016. „The product design as a significant element of differentiation for achieving market competitiveness". *Economic Development* 18 (1-2): 41–57. (EBSCO)

2. Kozuharov, Sasho, Natasha Ristovska, and **Daliborka Blazeska**. 2015. „International standards for financial reporting - harmonization in the Republic of Macedonia". *UTMS Journal of Economics* 6 (2): 233–240. (EBSCO)

3. **Blazeska, Daliborka**, Ace Milenkovski and Sashko Gramatnikovski. 2015. „The quality of the tourist destination a key factor for increacing their attractiveness". *UTMS Journal of Economics* 6 (2): 341–353. (EBSCO)

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

После изборот во звање доцент, д-р Даліборка Блажеска објавила 15 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1.**Blazeska, Daliborka**, Vera Boskovska and Angela Milenkovska. 2015. „The influence of the social factor during adaptation of the marketing strategies in franchise". In *Proceedings of the Fourth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2015: Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management, Skopje, Republic of Macedonia, 09-11 of October 2015, 324–333.* Skopje: University of Tourism and Management.

2.**Blazeska, Daliborka,** Sashko Gramatnikovski and Andreja Mackic. 2015. „Important comportant components that affect the image of the company for achieving competitive advantage". In *Proceedings of the Fourth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2015: Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management, Skopje, Republic of Macedonia, 09-11 of October 2015, 285–293.* Skopje: University of Tourism and Management.

3. **Blazeska, Daliborka**, and Natasha Ristovska. 2015. „The impact of the brand on consumer's decision making process". In *Proceedings of the XI International May Conference on Strategic Management - IMKSM2015: Touch the New Wave, Bor, Serbia, 29-31 of May 2015, 294–303.* Bor, Serbia: University of Belgrade, Technical Faculty in Bor, Management department. (EBSCO).

4.**Блажеска, Далиборка** и Ленче Петреска. 2015. „Влијанието на информационата технологија на маркетинг комуницирањето на компаниите и идните маркетинг трендови", Втора меѓународна конференција ISCMMA: Новите предизвици за маркетингот, Маркетинг здружение, Скопје, Р. Македонија, 12 Февруари 2015, 31–35.

5.Петреска, Ленче и **Далиборка Блажеска**. 2015. „Плава океанска стратегија – стратешки потег во функција на развој на компанијата", Втора меѓународна конференција ISCMMA: Новите предизвици за маркетингот, Маркетинг здружение, Скопје, Р. Македонија, 12 Февруари 2015, 100–103.

6.**Blazeska, Daliborka** and Vera Boskovska. 2014. „Значењето на on line маркетингот за постигнување на конкурентска предност", In Proceedings of the First International Conference SINTEZA 2014: Impact of the Internet on Business Activities in Serbia and Worldwide, Belgrade, Serbia, 25-26 of April 2014, 121–124. Belgrade: Singidunum University.

7.**Блажеска, Далиборка**, Ленче Петреска и Савица Димитриеска. 2013. „Примена на информациско комуникациските технологии во деловните субјекти", Меѓународна научна конференција на тема „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија", Универзитет Евро Балкан, Скопје, 20-21 Декември 2013, 546–556.

8.Стојанова, Павлина и **Далиборка Блажеска**. 2013. „Примена на компјутерски потпомогнати ревизорски техники во ревизијата на измами како придобивка од развојот на информационата технологија", Меѓународна научна конференција на тема „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија", Универзитет Евро Балкан, Скопје, 20-21 Декември 2013, 699–707.

9**.Блажеска, Далиборка** и Савица Димитриеска. 2013. „Менаџирање на луксузните брендови во светот кој бргу се менува", Меѓународна научна конференција на тема: "Промените во глобалното општество", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 06-07 јуни 2013, 401–408.

10.Димитриеска, Савица и **Далиборка Блажеска**. 2012. "Безбедносни аспекти на електронскиот маркетинг", Меѓународна научна конференција на тема: "Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 15 Септември, 2012, 316–322.

11.**Блажеска, Далиборка** и Савица Димитриеска. 2012. „Критика на медиумите за промоција на стоки и услуги", Меѓународна научна конференција „Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 14-15 јуни 2012, 119–126.

12.**Блажеска, Далиборка** и Александра Станковска. 2012. „Значењето на on line маркетингот за успешно работење на македонските компании", Меѓународна научна конференција "Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 14-15 јуни 2012, 391–400.

13**.Блажеска, Далиборка** и Савица Димитриеска. 2012. „Дали кризата треба да ги менува потрошувачките навики", Меѓународна научна конференција " Лицата на кризата", Европски

Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 09-10 Март 2012, 566–579.
14.**Блажеска, Далиборка** и Ленче Петреска. 2012. „Дали кризата треба да ги намали буџетите за маркетинг", Меѓународна научна конференција "Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 09-10 Март 2012, 553–558.

15.**Блажеска, Далиборка**. 2011. „Диференцијацијата како средство за остварување на конкурентска предност", Меѓународна научна конференција "Европски пат кон иднината", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 11-12 Јануари 2011, 119–126.

2.2.2.3. После избор во звање вонреден професор

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

После изборот во звање вонреден професор, д-р Далиборка Блажеска објавила 10 научни трудови.

1. Ristovska, Natasha and **Daliborka Blazheska.** 2020. „Enhancing Women's engagement in entrepreneurial business activities". *UTMS Journal of Economics* 11 (2): 213–230. (EBSCO)

2. **Blazheska, Daliborka**, Natasha Ristovska and Sashko Gramatnikovski. 2020. The impact of digital trends on marketing". *UTMS Journal of Economics* 11 (1): 48–58. (EBSCO)
3. **Blazeska, Daliborka** and Natasha Ristovska. 2019. „The use of social media as an effective tool for obtaining sustainable competitive advantage". *Business Management* 7 (2): 31–45. (EBSCO)
4. Angelovska, Julijana, S.Senturan and **Daliborka Blazheska.** 2018. Measuring employees'empowerment at higher education institutions". *International Journal of Information, Business and Management* 10 (3): 171–177. (EBSCO)
5. **Blazheska, Daliborka**, Zoran Strezovski and Angela Milenkovska Klimoska. 2018. „The influence of tourist infrastructure on the tourist satisfaction in Ohrid city - Macedonia". *UTMS Journal of Economics* 9 (1): 85–93. (EBSCO)
6. **Blazheska, Daliborka**, Vladanka Davkovska and Dejan Nakovski. 2016. „Hotel service, assumption and starter of the hotel development". *UTMS Journal of Economics* 7 (2): 175–186. (EBSCO)
7. Naumovska, Ljupka and **Daliborka Blazheska**. 2016. „Public Relation Based Model of Integrated Marketing Communications". *UTMS Journal of Economics* 7 (2): 175–186. (EBSCO)
8. Gramatnikovski, Sashko, Ace Milenkovski and **Daliborka Blazheska**. 2016. „The impact of the international tourism receipts on GDP – The case of republic of Macedonia". *International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management* 6 (4): 220–225. (EBSCO)
9. **Blazheska, Daliborka** and Meri Nickova. 2016. „Creating marketing strategies for development of the wine tourism. *International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management* 6 (4): 177–184. (EBSCO)
10. **Blazheska, Daliborka** and Ljupka Naumovska. 2016. „Socially responsible activities - an efficient tool for the companies for marketing". *International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management* 6 (3): 10–18. (EBSCO)

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

После изборот во звање вонреден професор, д-р Даліборка Блажеска објавила 4 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1.**Blazeska, Daliborka** and Natasha Ristovska. 2020. „The impact of Integrated Marketing Communication on Customers Behavior". In *Proceedings of the 7th International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: "Alternative paths for development of emerging economies in global business environment", Skopje, Republic of Macedonia , 11 of November 2020, 394–404.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

2. **Ristovska, Natasha** and **Daliborka Blazheska**. 2020. „The impact of emotional intelligence skills to entrepreneurial business success". In *Proceedings of the 7th International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: "Alternative paths for development of emerging economies in global business environment", Skopje, Republic of Macedonia , 11 of November 2020, 304–319.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

3. **Blazeska, Daliborka**, Dragan Petrovski and Vera Boskovska. 2018. „The application of integrated marketing communications in creating competitive advantage". In *Proceedings of the 6th International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2018: "Global education, skills and competencies: How to deliver high quality business education in accordance with the market nee", Skopje, Republic of Macedonia , 15 of October 2018, 471–488.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

4. **Blazeska, Daliborka**. 2016. „The social networks a powerful marketing tool for effective communication with the consumer". In *Proceedings of the 6th International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2016: "GLOBAL TOURISM CHALLENGES IN 21st CENTURY", Skopje, Republic of Macedonia , 8 of October 2016, 56–67.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Даліборка Блажеска во наставно-научно звање вонреден професор.

2.2.3.1. Пред избор во звање доцент

Рецезентската комисија не може да изврши анализа и оценка на научните трудови на кандидатот бидејќи во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Даліборка Блажеска не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

Рецезентската комисија не може да изврши анализа и оценка на научните трудови на кандидатот бидејќи во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Даліборка Блажеска не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни меѓународни научни конференции (а2)

Рецезентската комисија не може да изврши анализа и оценка на научните трудови на кандидатот бидејќи во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Даліборка Блажеска не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

2.2.3.2. После избор во звање доцент

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. **Blazeska, Daliborka**, and Natasha Ristovska. 2016. „The product design as a significant element of differentiation for achieving market competitiveness". *Economic Development* 18 (1-2): 41–57.

    - *Достапност на трудот:* http://www.ek-inst.ukim.edu.mk/images/docs/ED/ED-18-12-2016/3-PRODUCT-DESIGN-AS-A-SIGNIFICANT-ELEMENT-OF-DIFFERENTIATION-FOR-ACHIEVING-MARKET-COMPETITIVENESS.pdf
    - *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
    - *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
    - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
    - *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-7741 (online)
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 50%
    - *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
    - *JEL класификација:* M10, M30

Опис на трудот
Целта на овој труд е да се потенцира дизајнот на производите како значаен елемент во процесот на создавање и одржување на конкурентска предност на компанијата на пазарот. Анализата покажува дека голем дел од компаниите во Република Македонија не обрнуваат внимание на прашањето за создавање на дизајн кој ќе доведе до градење на силен бренд и корпоративент имиџ препознатлив од страна на потрошувачите. Всушност, истражувањето е концентрирано на клучните параметри на дизајнот кои влијаат на одлуката за купување, преку споредба на неколку производи на

производителите на вино во Република Македонија кои имаат еднаков квалитет и цени

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека покрај квалитетот на производот, неговата визуелна атрактивност и функционалноста се клучните фактори кои влијаат на одлуката за купување. Всушност, дизајнот е оној кој го привлекува потрошувачите, што ги диференцира производите и пред се влијае на купување на одлуката. Дизајнот на пакувањето е од клучно значење за маркетингот на компаниите поради тоа што има влијание на корпоративниот имиџ.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно економика на претпријатија, со прикажување на препораки за зголемување на атрактивноста на производите преку иновативен дизајн, кој може да им донесе на компаниите подобра стратегиска позиција на пазарот, можност за диференцијација, оригиналност, и зголемување на конкурентноста.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

2. Kozuharov, Sasho**,** Natasha Ristovska, and **Daliborka Blazeska**. 2015. „International standards for financial reporting - harmonization in the Republic of Macedonia". *UTMS Journal of Economics* 6 (2): 233–240.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%202/UTMSJOE-2015-0602-005-Kozuharov-Ristovska-Blazeska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M480

Опис на трудот
Авторите на трудот го потенцираат значењето на континуираниот проток на веродостојни, релевантни и финансиски важни информации за донесување економски оправдано и стратешки одлуки за инвестиции. Економската глобализација ја засилува потребата од создавање на единствен јазик за комуникација, еден сет на меѓународните стандарди за финансиско известување со единствена цел за подобрување на транспарентноста на инвеститорите и намалување на цената на капиталот. Усогласувањето на финансиското известување обезбедува поефикасно користење на глобалните ресурси, полесно консолидација на филијалите на мултинационалните компании, олеснување на сметководството и намалување на трошоците за ревизија. Првичната цел на ова

истражување е да се потенцира улогата и значењето на финансиските извештаи и информациите кои ги содржат во процесот на донесување одлуки со посебен акцент на одлучувањето кај менаџерите во средни и мали субјекти во Република Македонија.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот се однесува на анализата на придобивките кои националната економија може да ги добие ако меѓународните стандарди за финансиско известување се успешно спроведени. Посебно внимание во овој труд е посветен на факторите кои го детерминираат усогласувањето на финансиското известување. Анализата на резултатите ја потенцира перцепцијата на менаџерите за важноста на финансиските извештаи, и ефектите од примената на МСФИ во Република Македонија.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа, односно применета економија, потенцирајќи го значењето од изготвување на финансиски извештаи во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, соодветна квалификација на овластени сметководители, како и институционално следење и контрола на правилна примена на меѓународните стандарди за финансиско известување и примена на етичкиот кодекс, а со тоа и намалување на временската рамка за конвергенција на меѓународните прописи со националните прописи. Целосната усогласеност на финансиското известување во Република Македонија врз основа на меѓународните стандарди за финансиско известување ќе овозможи одржлив развој на македонските компании и индиректно ќе влијае врз економскиот развој на земјата.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

3. **Blazeska, Daliborka**, Ace Milenkovski and Sashko Gramatnikovski. 2015. „The quality of the tourist destination a key factor for increacing their attractiveness". *UTMS Journal of Economics* 6 (2): 341–353. (EBSCO).

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%202/UTMSJOE-2015-0602-014-Blazeska-Milenkovski-Gramatnikovski.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M30,Q01

Опис на трудот
Целта на овој труд е да обезбеди разбирање на влијанието на квалитетот на туристичките

дестинации кој е значаен предуслов за зголемување на атрактивноста. Во трудот се нагласува дека Република Македонија е потребно да обрне внимание на квалитетот на сопствените туристичките дестинации. Во трудот се дефинира и врската помеѓу факторите на атрактивност на дестинацијата и постигнувањето на конкурентност. Се нагласува дека за да може да биде конкурентна на глобалниот пазар, туристичката дестинација мора да биде иновативна и континуирано да бара нови компаративни предности. Таквите конкурентски предности и овозможуваат на туристичката дестинација стабилен и долгорочен одржлив развој.
Во овој труд посебен акцент се става на следење на квалитетот на дестинацијата на туризмот со постојано анкетирање на туристите (домашни и странски) во врска со најважните сегменти на квалитетот на туристичкиот производ кој тие го користат, со цел да се согледа задоволството или евентуалното незедоволство за да можат да се превземат конкретни стратегии за идниот период. За истражувањето во трудот користена е методата на испитување со анкета, Во анкетирањето на туристите се обрнува внимание на комуникацијата која претходи на доаѓањето, пристапноста кон нашата земја и туристичките дестинации, сместувањето, храната итн. Добиените реултати јасно го потврдуваат незадоволство од патната инфраструктура и сигнализацијата, цената на услугите и условите за престојот, како и дополнителните атракции кои биле очекувани да се добијат.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот се однесува на укажување на елементите кои се значајни за зголемување на атрактивноста на туристичките дестинации. Тука пред се се мисли на зголемување на квалитетот, комуникацијата со клиентите, како и визуелниот изглед на дестинацијата која дава придонес за позитивно доживување на неа.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа, односно во детално елеборирање на начините за креирање на успешен имиџ кој ќе продонесе до градење на бренд.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. **Blazeska, Daliborka**, Vera Boskovska and Angela Milenkovska. 2015. „The influence of the social factor during adaptation of the marketing strategies in franchise". In *Proceedings of the Fourth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2015: Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management, Skopje, Republic of Macedonia, 09-11 of October 2015, 324–333.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/iconbest-2015
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* M30, M31

Опис на трудот

Овој труд претставува детално објаснување за карактеристиките на франшизата во меѓународни рамки, а дадено е конкретно објаснување како може да се функционира на меѓународен пазар. Пред се нагласено е дека е потребно да се пристапи кон стандардизација на сите процеси според дефинираните правила и процедури. Во трудот е дадено објаснување дека секоја територија има свои специфики според кои треба да се прилагодуваме, но сепак треба да се почитуваат барањата на давателот на франшизата. Истражувањето на трудот се однесува на социјалните фактори кои влијаат на франшизите посебно во Република Македонија.

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето за укажување за стандардизација на франшизата, но и на влијанието на социјалните фактори врз франшизата. Придонесот на трудот е во давање на насоки за адаптација на стандардизираните маркетинг стратегии на секој пазар..

Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење и се состои во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на начините за адаптација на маркетинг стратегиите на глобалниот пазар

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2. **Blazeska, Daliborka,** Sashko Gramatnikovski and Andreja Mackic. 2015. „Important comportant components that affect the image of the company for achieving competitive advantage". In *Proceedings of the Fourth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2015: Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management, Skopje, Republic of Macedonia, 09-11 of October 2015, 285–293.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/iconbest-2015
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* M10, M30

Опис на трудот

Овој труд претставува детално образложување на градењето и зајакнувањето на имиџот во јавноста која станува една од основните стратегии на компаниите, затоа што за потрошувачите поголема вредност имаат оние компании кои се подобро позиционирани на пазарот. Од тука во трудот произлегува клучното прашање – како да се изгради добар имиџ на една компанија? Кои се клучни компоненти за градење на добар имиџ. Во трудот се обработени значајните компоненти кои влијаат на имиџот на компанијата. За таа цел во трудот направено е истражување со кое се потврдува дека имиџот на компанијата го создаваат производите или услугите, локацијата, клиентите, атмосферата, постпродажните услуги и промотивните активности.

.

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето за укажување

на значајните компоненти за градење на имиџот на компанијата како што се локацијата, просторот и функционалноста на компанијата, атмосферата во компанијата, услугата од персоналот, квалитетот и асортиманот на производите и промотивните активности. Доколку една компанија ги задоволува сите овие критериуми и фактори тогаш сигурно за брзо време таа ќе има безброј потрошувачи кои ќе и бидат лојални, а со тоа ќе ја постигне нејзината цел, да стане успешен бренд.
Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење и се состои во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на начините за креирање на успешен имиџ кој ќе продонесе до градење на бренд.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

3. **Blazeska, Daliborka**, and Natasha Ristovska. 2015. „The impact of the brand on consumer's decision making process". In *Proceedings of the XI International May Conference on Strategic Management - IMKSM2015: Touch the New Wave, Bor, Serbia, 29-31 of May 2015, 294–303.* Bor, Serbia: University of Belgrade, Technical Faculty in Bor, Management department. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* http://media.sjm06.com/2012/11/Book-of-Proceedings_IMKSM15.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот: 0,8 а.а.*
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10, M37

Опис на трудот
Целта на трудот е да покаже дека успехот на компанијата на пазарот зависи од нејзината способност да се разликува од конкурентите. Брендот претставува важна алатка и извор на конкурентска предност. Процесот на донесување одлуки е исклучително сложен со оглед на фактот дека потрошувачите се соочуваат со избор од голем број на исти или слични производи на пазарот. Главната цел на истражувањето е да се идентификуваат факторите кои влијаат на процесот на донесување одлуки на потрошувачот. Во тековната високо конкурентна средина, не е доволно компаниите да понудат квалитетни производи и услуги, туку е потребно да креираат ефикасен начин за нивна продажба. Соодветно на тоа, за да се добие повисок удел на пазарот и да се реализираат планираните продажба, создавањето на бренд е многу потребно и се препорачува.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува истражувањето спроведено кај македонските компании чии резултати потврдуваат дека брендот е најефективниот начин на комуникација со потрошувачите и главен фактор во процесот на донесување одлуки за купување.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатија, односно потребата од инвестиции во градење на брендови како вистинска стратегија за подобрување на конкурентноста

на компаниите особено на македонските компании на домашниот пазар во споредба со странските компании, но секако и заради успешен влез на странски пазари.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

4.**Блажеска, Далиборка** и Ленче Петреска. 2015. „Влијанието на информационата технологија на маркетинг комуницирањето на компаниите и идните маркетинг трендови", Втора меѓународна конференција ISCMMA: Новите предизвици за маркетингот, Маркетинг здружение, Скопје, Р. Македонија, 12 Февруари 2015, 31–35.

- *Достапност на трудот:* https://www.mzmarketing.org.mk/pdf/Macedonian-Intl-Journal-of-Marketing-Issue-1.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10, M37

Опис на трудот
Целта на трудот е да покаже развојот на технологијата во 20 век кој доведува доведува до промени во сите области на општеството, и влијанието на новата технологија на маркетингот. Во трудот се детално објаснети новите технолошки решенија кои доведуваат до нов начин на комуницирање, кои водат во правец на унапредување на постоечките, и како резултат на сето тоа доведуваат до зголемување на ефикасноста на секоја компанија. Во трудот се опфатени новите средства во маркетинг комуникациите. Влијанието на современата технологија се согледува во подобра техничка опременост на маркетинг менаџерите, но и поголеми барања на кои треба да одговорат. Во трудот е потенцирано дека современите маркетинг менаџери треба да бидат посебно оспособени за користење на новите технички можности кои ги имаат на располагање. За да се овозможи успех на компанијата во комуникацијата со потрошувачите потребно е да се предвидат и да се применат новите маркетинг трендови. На крај од трудот се дадени овие маркетинг трендови.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува научното претставување на новите технолошки решенија кои доведуваат до нов начин на комуницирање и кои водат во правец на унапредување на постоечките, и како резултат на сето тоа доведуваат до зголемување на ефикасноста на секоја компанија. Во трудот се опфатени новите средства во маркетинг комуникациите. Во трудот авторите ја покажуваат нивната научна спремност и се даваат начините на комуникација која треба да ја применуваат компаниите.
Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на новите начини кои треба да се применат од страна на компаниите за постигнување на поголема ефикасност.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

5.Петреска, Ленче и **Далиборка Блажеска**. 2015. „Плава океанска стратегија – стратешки потег во функција на развој на компанијата", Втора меѓународна конференција ISCMMA: Новите предизвици за маркетингот, Маркетинг здружение, Скопје, Р. Македонија, 12 Февруари 2015, 100–103.

- *Достапност на трудот:* https://www.mzmarketing.org.mk/pdf/Macedonian-Intl-Journal-of-Marketing-Issue-1.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M30,M31

Опис на трудот
Целта на трудот е детално обрзложување на плавата океанска стратегија која им овозможува на компаниите креирање простор на пазарот кој ќе ја прави конкуренцијата ирелевантна. Користењето на сетот аналитички алатки и рамките во кои може да се дејствува, како и разработување на принципите кои ја дефинираат и одвојуваат плавата океанска стратегија од конкурентската стратегија, е покажана како стратегија која на претпријатијата може да им овозможи остварување на конкурентска предност. Всушност во трудот е потенцирано дека оваа стратегија на компаниите им овозможува да го прифатат предизвикот со креирање на плави океани на паметен и одговорен начин, кој дава двојна придобивка со максимизирање на можноста и минимизирање на ризикот. Во реалноста ниту една компанија, мала или голема, постоечка или нова на пазарот, не би требало да си дозволи да се поигрува со својата иднина. Рамките на дејствување се однесуваат не само на аналитичките аспекти позади креацијата на плавата океанска стратегија, но исто така и на важните човечки аспекти на тоа како да се доведе претпријатието и нејзините луѓе на вистинскиот пат, со желба за спроведување на овие идеи на дело.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува научното претставување на плавата океанска стратегија која им овозможува на компаниите да остварат конкурентска предност. Во трудот авторите ја покажуваат нивната научна спремност и се даваат начините за креирање на стратегија на компаниите што им овозможува да го прифатат предизвикот со креирање на плави океани на паметен и одговорен начин, кој дава двојна придобивка со максимизирање на можноста и минимизирање на ризикот.
Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на начините за креирање на успешна стратегија за постигнување на конкурентска предност.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

6. **Blazeska, Daliborka** and Vera Boskovska. 2014. „Значењето на on line маркетингот за постигнување на конкурентска предност", In Proceedings of the First International Conference SINTEZA 2014: Impact of the Internet on Business Activities in Serbia and Worldwide, Belgrade, Serbia, 25-26 of April 2014, 121–124. Belgrade: Singidunum University.

- *Достапност на трудот:* http://portal.sinteza.singidunum.ac.rs/Media/files/2014/Sinteza-2014.pdf *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10, M30

Опис на трудот
Целта на трудот е детално образложување на значењето на on line маркетингот. Всушност трудот елаборира што on line маркетингот вклучува во себе, а тоа е on line канали и електронска трговија и обично се води преку интерактивни on line компјутерски системи, кои електронски ги поврзуваат потрошувачите и продавачите. Во трудот се истакнати начините на on line маркетинг кој компаниите можат да ги применат, а тоа се креирање на свое електронско присуство на Интернет, презентирање на on line реклами, учество на форуми, newsgroups, билтенски огласни табли, веб-страница или испраќање на електронска пошта (e-mail) до таргетираната јавност. Во трудот посебно се елеборира предноста на веб страната на секоја компанија која не треба да биде статична туку треба да биде интересна и интерактивна на која постојано треба да се најавуваат новитети, да им помага на посетителите да ги најдат најблиските продавници, да презентира настани реализирани во хуманитарни цели и во принцип го гради имиџот на компанијата. Во трудот како добра веб страна е нагласена страната на McDonalds која може да послужи како пример како треба да изгледа една веб страна.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува научното претставување на значењето на on line маркетингот. Во трудот авторите ја покажуваат нивната научна спремност и се даваат начините на on line маркетинг кој компаниите можат да ги применат, а тоа се креирање на свое електронско присуство на Интернет. Овој труд им дава поттик на македонските компании да започнат со континуирана примена на начините на on line маркетингот кои им стојат на располагање на компаниите.
Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се во неговото теоретско и методолошко знаење знаење на on line макетингот и неговата доследна примена од страна на македонските компании.
.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

7. Блажеска, Далиборка, Ленче Петреска и Савица Димитриеска. 2013. „Примена на информациско комуникациските технологии во деловните субјекти", Меѓународна научна конференција на тема „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија", Универзитет Евро Балкан, Скопје, 20-21 Декември 2013, 546–556.

- *Достапност на трудот:* https://issuu.com/univerzitetevro-balkan/docs/zbornik_euba_dec.2013
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)

- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M31

Опис на трудот
Целта на трудот е неопходноста од примената на информациско комуникациските технологии во секој деловен субјект. Примената на информациско комуникациските технологии се одговор на тоа како компаниите можат да бидат конкурентни во своето работење преку воспоставување на добри комуникациски врски со потрошувачите и тоа на долг рок. Компаниите се успешни во зависност од тоа дали нивните производи, услуги и идеи се продаваат на целниот пазар. Во трудот нагласено е дека производството, набавките, истражувањата, развојот, финансиите и другите функции во компанијата постојат за да и овозможат на компанијата да се сретне со потрошувачите и да им ги понуди своите производи и услуги, додека примената на маркетинг комуникациите се задача на компанијата за да открие кои се потребите и барањата на потрошувачите и да знае компанијата што најдобро да понуди. Констатирано е дека информациско комуникациските технологии нетреба да се краткорочна, туку долгорочна инвестиција на секоја компанија, доколу таа сака да постигне успех и конкурентска предност. Во трудот се потенцира дека примената на информациско комуникациските технологии претставува доста ефикасно средство за воспоставување брз и интерактивен однос на компанијата со своите потрошувачи.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува научното претставување на комуникациите со потрошувачите како еден од начините за остварување на конкурентска предност. Во трудот авторите ја покажуваат нивната научна спремност и преку конкретни примери е потенцирано дека воспоставувањето на добри комуникациски врски со потрошувачите и тоа на долг рок доведува до конкурентска предност. Овој труд им дава поттик на македонските компании да започнат со градење на долгорочни и стабилни комуникации со потрошувачите како можност за постигнување на успех и конкурентска предност.
Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на маркетинг комуницирањето со потрошувачите. Личниот придонес во трудот се согледува во давање на примери и истражувачки дел за одржување на долгорочни врски со потрошувачите по пат на непосредна комуникација.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

8. Стојанова, Павлина и **Далиборка Блажеска**. 2013. „Примена на компјутерски потпомогнати ревизорски техники во ревизијата на измами како придобивка од развојот на информационата технологија", Меѓународна научна конференција на тема „Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија", Универзитет Евро Балкан, Скопје, 20-21 Декември 2013, 699–707.

- *Достапност на трудот:* https://issuu.com/univerzitetevro-balkan/docs/zbornik_euba_dec.2013
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10, M30

Опис на трудот
Целта на трудот е систематскиот приод на објективизирано прибавување и оценка на докази поврзани со извештаите за економските настани и работењето, со цел да се потврди степенот на кореспондентност помеѓу постоечките извештаи за работењето и однапред утврдените критериуми и соопштување на резултатите на заинтересираните страни. Деншното работење се повеќе се сведува на телекомуникациски пренос на податоци отколку на хартиен пренос. Поради тоа самите активности на ревизорите како контролните и советодавните, се повеќе се наклонети и ги применуваат тие програмски контроли кои се во рамките на информациониот систем. При ревизија на финансиските извештаи во современите компании ревизорите се почесто прибегнуваат кон примена на компјутерски потпомогнати ревизорски техники.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува научното претставување на алатките и техниките за намалување на ризикот и заканите во ревизијата. Во трудот се предлага специфичен софтвер за ревизија на податоците. Тоа вклучува софтвер дизајниран за широк обем на работи поврзани со различни типови на ревизија. Овој труд им дава поттик на македонските компании при ревизијата да се користи овој модел, но истовремено во трудот се потенцира и важноста на внимателно направената ревизија од страна на ревизорот заради тоа што постојано има измами при прикажување на финансиксите извештаи.
Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката од областа на финасиските извештаи. Личниот придонес во трудот се согледува во давање на предлози за успешно извршување на ревизијата преку интегрирање на прилагодените ревизорски постапки.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

9. Димитриеска, Савица и **Далиборка Блажеска.** 2013. „Менаџирање на луксузните брендови во светот кој бргу се менува", Меѓународна научна конференција на тема: „Промените во глобалното општество", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 06-07 јуни 2013, 401–408.

- *Достапност на трудот:* http://eprints.ugd.edu.mk/8555/1/konf_6-7_2013_01%20EURM.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M31

Опис на трудот
Целта на трудот е менаџирањето со луксузните производи кои се повеќе се истражуваат и од практичарите и од маркетинг теоретичарите. Во трудот се дава објаснување за луксузот кој значи оддалеченост од се она што значи обично и регуларно. Потенцирано е дека луксузот е се она што е раритет, ексклузивитет, недостижност, посебан едиција, иновација, безвременост и скапоценост. Но, она што е посебно интересно е во овој труд е тоа што е потенцирано и преку конкретни примери дадено дека токму луксузот не бил погоден од кризните турбулентни времиња. Луксузните компании не само што лесно ја пребродиле кризата туку остварile и вртоглави профити. Луѓето, иако имало криза, купувале луксуз. Според истражувањата, потрошувачката на луксузни производи се должи на тоа што потрошувачите бараат квалитет. Од друга страна и луксузните компании се менуваат. Тие се враќаат кон традицијата, влегуваат во дигиталната ера и работат на постојани

иновации. Луксузните брендови имаат иднина! Заклучено е дека благодарение на новите тематски бренд искуства, кастимизацијата, акцентот на уметноста и онлајн продавниците, компаниите ќе профитираат уште долго во иднина.

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот се однесува на научното претставување на менаџирањето со луксузните брендови. Во трудот авторите ја покажуваат нивната научна спремност и преку конкретни примери дадено е дека токму луксузот не бил погоден од кризните турбулентни времиња. Луксузните компании не само што лесно ја пребродиле кризата туку остварile и вртоглави профити. Луѓето, иако имало криза, купувале луксуз. Овој труд им дава поттик на македонските компании да започнат со градење на луксузни брендови кои ќе бидат отпорни на кризите.

Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на процесот на брендирање. Личниот придонес во трудот се согледува во давање на примери и истражувачки дел за отпорноста на луксузните брендови и покрај појавата на кризи.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

10.Димитриеска, Савица и **Далиборка Блажеска**. 2012. „Безбедносни аспекти на електронскиот маркетинг", Меѓународна научна конференција на тема: „Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 15 Септември, 2012, 316–322.

- *Достапност на трудот:* http://www.eurm.edu.mk/publikacii/Zborik_Bezbednost_2012_1.pdf*Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M30

Опис на трудот

Целта на трудот е да се образложат безбедносните аспекти, поточно начините за заштита на податоците и информациите кои ги разменуваат продавачите и купувачите по електронски пат. Нагласено е дека најдобар начин е користење на технички средства кои се поткрепени со закони, регулативи, договори, административни процедури кои би го заштитиле интегритетот, автентичноста и расположивоста на дигиталните (и недигиталните) информации, податоци, процеси и трансакции. Покрај овој начин во трудот е детално образложен и начин на заштита на податоците со користење на класични алатки за заштита, како софтверски и хардверски firewalls, примена на дигитални цертификати, дигитални потписи, јавен клуч, енкрипција, па дури и биометриски податоци како скен од зеница на око, секн на глас, звук, отпечаток од прсти и сл. Сепак нагласено е дека најдобар начин за избегнување на грешки во електронското работење е да се реализираат почести контакти помеѓу продавачите и купувачите.

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот се однесува на научното претставување на предлог за примена на соодветна заштита на податоците и информациите кои се разменуваат во електронското работење. Во трудот авторите ја покажуваат нивната научна спремност и детално образложен начин на

заштита на податоците со користење на класични алатки за заштита, како софтверски и хардверски firewalls, примена на дигитални цертификати, дигитални потписи, јавен клуч, енкрипција.
Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со безбедностите аспекти на електронскиот маркетинг. Личниот придонес во трудот се согледува во откривање на начините за безбедност во електронското банкарство.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

11.**Блажеска, Далиборка** и Савица Димитриеска. 2012. „Критика на медиумите за промоција на стоки и услуги", Меѓународна научна конференција "Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 14-15 јуни 2012, 119–126.

- *Достапност на трудот:* http://eprints.ugd.edu.mk/10613/3/MEGJUNARODNA%20MARKETING%20KONFERENCIJA%20-%20ZBORNIK%20-%202012%20EURM.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M31, M30

Опис на трудот
Целта на трудот е да се образложи денешното современо општество кое се карактеризира со глобализација и висока технолошка развиеност, каде компаниите користат најразлични медиуми за промоција на своите производи и услуги. Тука е нагласено дека промоцијата е многу значајна инвестиција за иднината на компанијата. Таа помага јавноста да се запознае, да се информира, да се убеди или да се потсети на стоките или услугите кои ги нудат компаниите. Во трудот е дадена една изрека според која е нагласено дека оние кои се обидуваат да заштедат пари со штедење на промоцијата наликуваат на лица кои сакаат да го запрат часовникот за да заштедат време. Нагласено е дека бесмислено е функционирањето на компанијата доколку никој не знае што таа навистина произведува и нуди на пазарот. Но, од друга страна како што промовирањето станува се позначајно во модерното општество, се повеќе е изложено на критика. Во трудот истакнато е дека промоциите го окупираат јавниот простор и навлегуваат во приватноста на луѓето. Критиките на промоциите, а посебно на медиумите како преносители на пораки за стоките и услугите, се однесуваат на нивните аудио-визулени аспекти (запоседнување на јавен простор), аспекти на заштита на животната средина (загадување, преголеми пакувања, зголемена потрошувачка), политички аспекти (зависност на медиумите, слободен говор, цензура), финансиски аспекти (високи трошоци), етички, морални и социјални аспекти (подсвесно влијание, инвазија на приватност, отпад, таргетирање на поединци, чесност, вистинитост). Целта на овој труд е детално да ги опише негативните страни и ограничувања на медиумите во промоцијата на стоки и услуги.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот се однесува на научното претставување на проблемите и негативните страни и ограничувања на медиумите во промоцијата на стоки и услуги. Трудот се карактеризира со истражувачки дел и давање на насоки за примена во компаниите во Република Македонија.
Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со тајните на маркетингот и неговата примена во компаниите. Личниот

придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на промотивните активности и опишување на негативните страни на медиумите.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

12.**Блажеска, Далиборка** и Александра Станковска. 2012. „Значењето на on line маркетингот за успешно работење на македонските компании", Меѓународна научна конференција "Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 14-15 јуни 2012, 391–400.

- *Достапност на трудот:* http://eprints.ugd.edu.mk/10613/3/MEGJUNARODNA%20MARKETING%20KONFERENCIJA%20-%20ZBORNIK%20-%202012%20EURM.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M31

Опис на трудот
Целта на трудот е да се примени нов начин за успешен настап и промоција на тој пазар. Во овие динамични услови претпријатијата имаат единствена цел, што е можно подобро да се разберат потрошувачите и да се приближиме кон нив со користење на on line маркетинг. Затоа според авторите претпријатијата треба да обрнат внимание на on line маркетингот кој ќе доведе до подобрување на продажбата, комуникација на информации за компанијата и за производите, испорака на производи и услуги и поефикасно и поефективно градаење на односи со клиентите. Сигурно on line маркетингот ќе стане незаменлива алатка за промоција за сите претпријатија независно дали се големи или мали. Сите оние компании кои ова нема да го прифатат едноставно ќе изгубат голем дел од пазарот. Пред се во трудот се објаснува дека on line маркетингот ќе стане успешен бизнис модел за секоја компанија, кој ќе биде важен приод за пазарот, и ќе функционира заедно со другите приоди во целосно интегриран маркетинг микс. Практично тоа значи дека денес за да се успее на пазарот треба да се има, меѓу другото, комуникацијата на компанијата со потрошувачите што ќе овозможи поефикасно и поефективно градење на односи со клиентите и испорака на производи и услуги. Пред се компаниите треба да водат сметка за сатисфакцијата на потрошувачите. Некои компании најголемиот дел од парите го трошат на интернет маркетингот и водат сметка за комуникацијата со потрошувачите, а останатите компании би требало да го следат примерот и да почнат да креираат своја стратегија за интернет маркетинг. Всушност модерниот маркетинг бара насочување на вниманието кон иновација и градење на односи со потрошувачите. Со оглед на фактот дека обработената тема е исклучително актуелна, сметам дека овој труд ги исполнува критериумите за објавување на Мегународната конференција за маркетинг.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот се однесува на научното претставување на предлог за примена на соодветни инернет маркетинг стратегии. Во трудот авторите ја покажуваат нивната научна спремност и објаснување дека најголемиот дел од парите компаниите го трошат на интернет маркетингот и водат сметка за комуникацијата со потрошувачите, а останатите компании би требало да го следат примерот и да почнат да креираат своја стратегија за интернет маркетинг. Всушност

авторите укажуваат дека модерниот маркетинг бара насочување на вниманието кон иновација и градење на односи со потрошувачите.
Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со тајните на создавање на иновативни и креативни интернет маркетинг стратегии. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на маркетингот, при што користејќи го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за да се донесе успешна стратегија.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

13.**Блажеска, Далиборка** и Савица Димитриеска. 2012. „Дали кризата треба да ги менува потрошувачките навики", Меѓународна научна конференција „Лицата на кризата", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 09-10 Март 2012, 566–579.

- *Достапност на трудот:* http://www.mzmarketing.org.mk/Proceedings-of-ISCMMA12-Marketing-conference-EBSCO.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M31

Опис на трудот
Целта на трудот е да покаже дека за време на кризата како се однесуваат потрошувачите. Тука се објаснува сека потрошувачите имаат посериозен пристап кон купувањето и повеќе се насочени кон попрагматични и практични набавки. После кризата ова однесување продолжува како резултат на навиките на потрошувачите ограничено да купуваат и да штедат. Ограничувањата во потрошувачката станува нов начин на живеење на луѓето. Фоксуирањето кон ексклузивни брендови, цена, асортиман на производи се заменува со вредност, трајност, фунцкионалност и практичност на производите. Во време на криза, а и по неа, се менува и однесувањето на компаниите. Тие се прилагодуваат на новиот начин на однесување на потрошувачите. Освен што ги менуваат производите, правејќи ги поедноставни и поефтини за потрошувачите тие ги менуваат и начините на промоција, користејќи електронски социјални мрежи. За нив посебен предизвик е спроведувањето на дигиталната комуникација со потрошувачите.
Трудот сето ова го презентира на интересен начин со користење на современа литература. Овој труд на оригинален начин обработува едно актуелно прашање од областа на маркетингот. Прашањето на однесувањето на потрошувачите, но и компаниите особено се обработува во пост-кризниот период од голем број експерти од домашната и странска јавност. Посебен дел во трудот е критичката анализа на резултатите од истражувањата на авторот и заклучните согледувања.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот се однесува се однесува на научното претставување на начините на однесувањето на потрошувачите во донесувањето на одлука за купување во посткризниот период. Трудот се карактеризира со истражувачки дел и давање на насоки за примена во компаниите во Република Македонија.
Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со тајните на маркетингот и неговата примена во компаниите. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на маркетингот и како потесна специјалност однесувањето на потрошувачите во процесот на донесување на одлука за купување.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

14.**Блажеска, Далиборка** и Ленче Петреска. 2012. „Дали кризата треба да ги намали буџетите за маркетинг", Меѓународна научна конференција „Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 09-10 Март 2012, 553–558.

- *Достапност на трудот:* http://www.mzmarketing.org.mk/Proceedings-of-ISCMMA12-Marketing-conference-EBSCO.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M30

Опис на трудот
Целта на трудот е да покаже дека турбулентните времиња бараат многу стратегиски и тактички промени во маркетиншките напори на една компанија. Најнепопуларна мерка е во време на криза компаниите да ги намалат буџетите за маркетинг. Маркетинг буџетите секогаш се врзани со приходите и со целите на компанијата. Нормално е рецесијата да влијае и на маркетинг буџетот, но со оглед на тоа дека маркетингот има најголемо влијание на уделот на пазарот и на задоволството на клиентите, сепак не треба да се намалува. Всушност, буџетот за маркетинг е последен во низата области кои се афектуирани од намалувањето на трошоците. Кризата не треба да предизвика намалување на буџетот за маркетинг, туку треба да придонесе за преструктуирање на активностите и покреативни начини за пристап до потрошувачите. Тоа што секако треба да се направи е рационално таргетирање и одредување приоритети. Компаниите мора да останат фокусирани врз задоволувањето на своите најверни клиенти. Тие треба да знаат со кои проблеми се соочуваат нивните клиенти? Какви потези прават тие клиенти? Како да се задоволат нивните потреби? Што прават конкурентите? И во секој случај е потребно да одржуваат постојан контакт со нив. Во трудот, се разгледуваат главните маркетиншки активности што би барале ревизија и евентуални заштеди на трошоците како што се маркетиншкото истражување, комбинација на производи и услуги, одредување на цена, дистрибуција и промоција. Исто така даваат предлог за примена на соодветни маркетинг стратегии во услови на криза. На маркетинг буџетот не треба да се гледа како на трошок, туку како на инвестиција за подигнување на продажбата. Во услови на криза успеваат најпаметните компании. Преку една интересна презентација, со користење на современа литература во овој оригинален труд се обработува едно актуелно прашање од областа на маркетингот.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот се однесува се однесува на научното претставување на предлог за примена на соодветни маркетинг стратегии во услови на криза. Во трудот се покажува научна спремност и објаснување дека на маркетинг буџетот не треба да се гледа како на трошок, туку како на инвестиција за подигнување на продажбата. Во услови на криза успеваат најпаметните компании

и според авторите на трудот треба ние да бидеме таа компанија која ќе успее на пазарот преку примена на овие совети.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со тајните на маркетингот и неговата примена во компаниите. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на маркетингот, при што користејќи го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат за да се донесат успешни одлуки.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

15.**Блажеска, Далиборка**. 2011. „Диференцијацијата како средство за остварување на конкурентска предност", Меѓународна научна конференција „Европски пат кон иднината", Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија, 11-12 Јануари 2011, 119–126.

- *Достапност на трудот:* http://eprints.ugd.edu.mk/10613/3/MEGJUNARODNA%20MARKETING%20KONFERENCIJA%20-%20ZBORNIK%20-%202012%20EURM.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M31

Опис на трудот
Целта на трудот е да се покаже значењето на диференцијација на производите за успешен настап на пазарот. Во трудот се нагласува дека зголемувањето на конкуренцијата, како резултат на создавањето на единствен конкурентски пазар на ниво на Европска Унија, вклучува и нов приод на македонските претпријатија за успешен настап на тој пазар. Во овие динамични услови претпријатијата имаат единствена цел, а таа цел е остварување на конкурентска предност. Затоа според авторот претпријатијата треба да обрнат внимание на диференцијацијата која е еден од начините за успешен настап на странските пазари, а во исто време и за успешен настап на домашниот пазар.
Диференцијацијата ни дава можност сопствениот производ да се разликува од сличните конкурентски производи на пазарот. Пред се во трудот се објаснува на кој начин претпријатијата можат да креираат сосема различна линија на производи и маркетиншка програма со која тие ќе станат лидери на пазарот. Значи, секое претпријатие мора да изнајде специфични начини со кои ќе ги диференцира своите производи за да се стекнат со конкурентска предност. Да се има конкурентска предност најпрво треба да се оствари надмоќност во споредба со конкуренцијата, а таа надмоќност се однесува на особините на производите, која е битна за купувачите.
Диференцијацијата значи обликување на значајни разлики со кои понудата на едно претпријатие се издвојува од понудата на конкурентите. Главно диференцијацијата се остварува преку: својствата на производите, квалитетот на производите, трајноста на производите и стилот и дизајнот на производите.
Пред се доколку се пристапи кон диференцијацијата на правилен начин претпријатијата може да

имаат успешен настап на пазарот. Практично тоа значи дека денес за да се успее на пазарот треба да се има, меѓу другото, диференциран производ кој ќе овозможи тој да се разликува од другите производи на пазарот.

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот се однесува на научното претставување дека диференцијацијата значи обликување на значајни разлики со кои понудата на едно претпријатие се издвојува од понудата на конкурентите. Главно во трудот авторот дава насоки како треба да се оствари диференцијацијата, а тоа е преку: својствата на производите, квалитетот на производите, трајноста на производите и стилот и дизајнот на производите. Придонесот на овој труд се однесува на предложените мерки кои треба да ги спроведуваат компаниите за да успеат на пазарот. Пред се тие треба да пристапат кон примена на исклучително нови идеи со кои ќе остварат диференцијација на нивната компанија.

Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100% бидејќи се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да ги разработи и анализира начините за успех на компаниите преку диференцијаци или степен на различност. Во трудот се даваат предлог мерки за начините за диференцијација. Токму овие совети треба да ги применуваат компаниите во Република Македонија.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2.2.3.2. После избор во звање вонреден професор

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. Ristovska, Natasha and **Daliborka Blazheska.** 2020. „Enhancing Women's engagement in entrepreneurial business activities". *UTMS Journal of Economics* 11 (2): 213–230. (EBSCO)

   - *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.11.No.2/ENHANCING_WOMENS_ENGAGEMENT_IN_ENTREPRENEURIAL_BUSINESS_ACTIVITIES.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
   - *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
   - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6982 (online)
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 50%
   - *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови

- *JEL класификација:* M13, L26

Опис на трудот
Целта на овој труд е да потенцира влијанието на мотивацијата на жените да започнат сопствен бизнис, фокусирајќи се на специфични проблеми и предизвици со кои треба да се соочат и истите да се надминат, како и да го анализираат развојот на позицијата на жените во бизнисот и општеството.
Развојот на женското претприемништво во последната деценија е подобрено како резултат на еманципација на жените, поголемо учество на жените во јавниот, политичкиот живот и
бизнис секторот. Како резултат на можностите создадени од политичките и економските промени, се повеќе жени се вклучуваат во водење компании и одлучуваат да започнат нивна сопствена деловна активност. Всушност направена е споредбена анализа на жените кои се на водечка раководна позиција во различни земји. Во трудот потенцирано е дека претприемничкото образование е важно за поттикнување на женското претприемништво во сите фази на образовниот процес, каде жените претприемачи ќе ги зголемат своите знаења, вештини и претприемништво.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека женското претприемништво во последната деценија е подобрено како резултат на еманципација на жените, поголемо учество на жените во јавниот, политичкиот живот и бизнис секторот. Всушност, мотивацијата на жените е клучна да започнат сопствен бизнис и да се соочат со предизвиците на современото живеење.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно женското претприемништво, со давање на препораки за зголемување на мотивацијата на жените која ќе доведе до подобрување на позицијата на жените во бизнисот и општетсвото.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

2. **Blazheska, Daliborka**, Natasha Ristovska and Sashko Gramatnikovski. 2020. „The impact of digital trends on marketing". *UTMS Journal of Economics* 11 (1): 48–58. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.11.No.1/UTMSJOE-2020-1101-5.THE_IMPACT_OF_DIGITAL_TRENDS_ON_MARKETING.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6982 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%

- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M30, M13

Опис на трудот
Целта на овој труд е да потенцира влијанието на дигиталните трендови во маркетингот. Во трудот е потенцирано значењето на дигиталниот маркетинг кој е важен за водење на бизнис, а особено во делот за промовирање и продавање на производите. Новите случувања на глобалното ниво ја наметнуваат потребата од примена на маркетингот кој дава нови начини со кој компаниите се поврзуваат со своите клиенти, фокусирајќи се на масовниот маркетинг. Компаниите преку дигиталниот маркетинг внимателно ги избираат своите клиенти и градат долготрајни односи со веќе избраните клиенти. Овој труд става акцент на истражувањето околу свесноста на македонските компании за влијанието на дигиталниот маркетинг врз бизнисот и промените во традиционалните начини на комуникација.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека дигиталниот маркетинг овозможува двонасочна комуникација со клиентите. Според добиените резултати, компаниите користат дигитален маркетинг и се
постојано присутни на социјалните мрежи, од кои повеќето се на Фејсбук. Врз основа на резултатите од истражувањето се препорачува да се креираат и применат дигитални стратегии за поефикасна комуникација со клиентите на компанијата кои ќе доведат до остварување на подобри резултати на компанијата.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно дигиталниот маркетинг со давање на препораки за креирање и имплементација на дигитални стратегии.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

3. **Blazeska, Daliborka** and Natasha Ristovska. 2019. „The use of social media as an effective tool for obtaining sustainable competitive advantage". *Business Management* 7 (2): 31–45. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://ideas.repec.org/a/dat/bmngmt/y2019i2p31-45.html
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2455-6661 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови

- *JEL класификација:* M30, M13

Опис на трудот
Целта на овој труд е да потенцира влијанието на социјалните мрежи во остварување на ефективна комуникација со клиентите. Во трудот е потенцирано значењето на иновациите и креативните идеи во маркетинг кампањата на социјалните мрежи за кои не се потребни огромни парични инвестиции, туку енергија, размислување, време и знаење. Инвестицијата во маркетинг активности во социјалните мрежи не може да се смета како едноставен потфат, туку како управување со неколку цели: корисникот треба да го запознае брендот, интеракцијата на корисникот со брендот и усното пренесување на пораката. Трудот се фокусира на анализата на социјалните мрежи и нивното влијание во насока на промовирање на двонасочна, односно интерактивна комуникација со потрошувачите. Од друга страна, во трудот беа дадени одговори на прашањето: „Кои од социјалните мрежи се најефикасните алатки за промоција?“ Резултатите покажуваат дека апликациите на современи и иновативни методи во областа на интернет маркетингот се клучни за диференцијација и создавање конкурентска предност.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека компаниите ги користат социјалните мрежи за воспоставување на ефикасна комуникација со таргет групата, но потребно е да внесат и иновативни методи. Врз основа на резултатите од истражувањето се препорачува да се креираат и применат современи и иновативни методи во областа на интернет маркетингот кои ќе бидат клучни за диференцијација и создавање на конкурентска предност.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно користењето на социјалните мрежи со давање на препораки за креирање и имплементација на стратегии за остварување ефикасна комуникација со клиентите.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

4. Angelovska, Julijana, Şermin Şenturan and **Daliborka Blazheska.** 2018. „Measuring employees'empowerment at higher education institutions”. *International Journal of Information, Business and Management* 10 (3): 171–177. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://ijibm.elitehall.com/index4.htm
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2218-046X (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)

- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* J5, L6, M00, M54

Опис на трудот
Целта на овој труд е да се потенцира влијанието на вработените и нивното усовршување како значајна стратегија на менаџментот за остварување на подобри резултати во компанијата. Целта на оваа студија беше да се процени конзистентноста преку доставување на прашалник за психолошко зајакнување (PEQ) на вработените во избрани приватни високообразовни институции во Република Македонија. Се препорачува раководството на високообразовните институции да ги користи овие заклучоци од PEQ кое ќе придонесе да се согледа нивото на вработените и да се пристапи кон нивно усовршување.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека усовршувањето на вработените е значајна стратегија на менаџментот.
Врз основа на резултатите од истражувањето се препорачува раководството на високообразовните институции да ги користи овие заклучоци од PEQ кое ќе придонесе да се согледа нивото на вработените и да се пристапи кон нивно усовршување.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно влијанието на вработените и нивното усовршување како значајна стратегија на менаџментот.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

5. **Blazheska, Daliborka**, Zoran Strezovski and Angela Milenkovska Klimoska. 2018. „The influence of tourist infrastructure on the tourist satisfaction in Ohrid city - Macedonia". *UTMS Journal of Economics* 9 (1): 85–93. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.%209%20No.%201/UTMSJOE-2018-0901-08-Blazeska_Strezovski_Milenkovska_Kimoska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6982 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%

- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M13; Z33; L83

Опис на трудот
Целта на овој труд е да потенцира влијанието на туристичката инфраструктура врз унапредување на задоволството на туристите од туристичката дестинација. Во трудот е потенцирано значењето на туристичката инфраструктура што претставува материјална и организациска основа за развој на туризмот. Истата се состои од четири основни елементи: сместувачки капацитети, гастрономски објекти, придружни објекти и комуникација со клинетите. Во трудот се става акцент на потребните политики за подобрување на инфраструктурата и промовирање на туристичките услуги. Овој труд става акцент на истражувањето за туристичката инфраструктура на градот Охрид и можностите за привлекување на поголем број на странски и домашни туристи.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека туристичката инфраструктура е од исклучително значење за задоволството на туристите. Според добиените резултати се согледува состојбата со туристичката инфраструктура во градот Охрид и се даваат препораки за надминување на сите слабости во насока на привлекување на домашните и странските туристи.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно туристичката инфраструктура за зголемување на задоволството на туристите со давање на препораки за креирање и имплементација на стратегии за зголемување на бројот на туристи во оваа туристичка дестинација.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

6. **Blazheska, Daliborka**, Vladanka Davkovska and Dejan Nakovski. 2016. „Hotel service, assumption and starter of the hotel development". *UTMS Journal of Economics* 7 (2): 175–186. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.%207%20No.%202/UTMSJOE-2016-0702-08-Blazeska-Davkovska-Nakovski.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6982 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови

- *JEL класификација:* L83; M31; M12

Опис на трудот
Целта на овој труд е да потенцира влијанието на квалитетот на хотелските услуги како двигател на туристичкиот развој. Во трудот е нагласено унапредувањето на процесите на работењето, односно на квалитетот на услугата, но и изградба на бројни нови капацитети, што влијаат врз зголемена кункуренција на меѓународниот туристички пазар, на кој што и Република Македонија го продава својот национален туристички производ. Во трудот посебно се обрнува внимание на хотелската услуга и кадрите кои се нејзин незаобиколен и незаменлив чинител, и од кои зависи задоволството на гостите. Во овој труд посебен акцент се става на следење на задоволството од хотелската услуга на посетителите на хотелските комплекси во Република Македонија. Добиените резултати потврдуваат дека Република Македонија е препознаена на туристичкиот пазар по големото и уникатно гостопримство на популацијата воопшто, но и на кадрите во туризмот, но тоа не значи дека во иднина не треба да се работи на уште поголемо усовршување на квалитетот на услугите.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека квалитетот на хотелската услуга во услови на се поголема конкуренција и барања на потрошувачите, стана значаен фактор за остварување на профитабилноста и конкурентноста на туристичкиот пазар. Достапноста на информациите на светско ниво, глобалната конкуренција и барањата на помалку лојалните гости му создаваат на менаџментот во хотелиерството дополнителни обврски за истражување на нови начини за поквалитетно давање на производите и услугите. Секој хотелски производ е комплексен затоа што тој се состои од материјални и нематеријални елементи на понудата кои се тесно поврзани и се исклучително важни за задоволството на гостите. Квалитетот на хотелскиот производ не зависи само од квалитетниот објект, туку во голема мера зависи од стручноста и љубезноста на кадарот, пристапот до објектот, атмосферата во објектот и брзината на послужување.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно квалитетот на хотелската услуга за зголемување на задоволството на клиентите и креирање на стратегии за подобрување на конкурентската предност на туристичкиот пазар.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

7. Naumovska, Ljupka and **Daliborka Blazheska**. 2016. „Public Relation Based Model of Integrated Marketing Communications". *UTMS Journal of Economics* 7 (2): 175–186. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.%207%20No.%202/UTMSJOE-2016-0702-04-Naumovska-Blazeska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски

- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6982 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 2 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M30

Опис на трудот
Целта на овој труд е да го потенцира влијанието на моделите на интегрирани маркетинг комуникации за воспоставување на континуирана комуникација со клиенетите. Во трудот е потенцирано значењето на односите со јавноста како дел од интегрираните маркетинг комуникации. Нагласено е дека масовните медиуми овозможуваат еднонасочна комуникација и затоа истите се заменуваат со медиуми кои овозможуваат персонализираност и интерактивост. За успех во комуникацијата со клинетите потребна е комбинација на поголем број на инструменти на интегрираните маркетинг комуникации, со посебен акцент на моделот на односи со јавноста. Истражувањето во трудот покажува кои од инструментите на интегрираните маркетинг комуникации се најчесто користени од страна на македонските компании.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека користењето на комбинација од инструментите на интегрираните маркетинг комуникации овозможува двонасочна комуникација со клиентите. Врз основа на резултатите од истражувањето се препорачува да се користи комбинација на инструменти од интегрираните маркетинг комуникации, но сепак водечка улога треба да се даде на односите со јавноста имајќи ги во предвид трошоците и нивната ефикасност.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно односите со јавноста како значаен инструмент на интегрираните маркетинг комуникации со давање на препораки за ефикасна комуникација со клиентите.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

8. Gramatnikovski, Sashko, Ace Milenkovski and **Daliborka Blazheska**. 2016. „The impact of the international tourism receipts on GDP – The case of republic of Macedonia". *International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management* 6 (4): 220–225. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://ideas.repec.org/a/hur/ijaraf/v6y2016i4p220-225.html
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски

- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2225-8329 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* L83; M31; M12

Опис на трудот
Целта на овој труд е да потенцира влијанието на туризмот врз економскиот и социјалниот развој на една земја кој пред се е огромен и значи капитални инвестиции, создавање работни места и претприемништво за работната сила и заштита на наследството и културните вредности. Сепак, мерењето на точното влијание на туризмот и активностите поврзани со туризмот врз БДП претставува сериозен предизвик. И покрај тоа што влијанието на туризмот врз БДП е високо препознаено, точните мерења на неговото влијание се разликуваат од земја до земја во зависност од нивните национални практики и нивната законска рамка. Во трудот се нагласува не само директното влијание на туризмот врз БДП туку и индиректно влијание врз социо-економски категории, што го отежнува проценувањето на вкупното влијание.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека туризмот има директно и индиректно влијание врз економскиот и социјалниот развој на една земја. Врз основа на резултатите од истражувањето се препорачува да се пристапи кон мерење на влијанието на туризмот во зависност од националните практики и законската рамка во земјите.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно давање на препораки за примена на стратегии за развој на туризмот.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

9. **Blazheska, Daliborka** and Meri Nickova. 2016. „Creating marketing strategies for development of the wine tourism". *International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management* 6 (4): 177–184. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://hrmars.com/papers_submitted/2336/Article_17_Creating_Marketing_Strategies_for_Development.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски

- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2225-8329 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* L83; M31; M12

Опис на трудот
Целта на овој труд е да потенцира влијанието на маркетинг стратегиите за зголемување на лојалноста на потрошувачите, препознатливоста и видливоста на земјите ширум светот. Денес е многу тешко да се добие довербата и лојалноста на потрошувачите, затоа е потребно да се пристапи до нив на нов и специфичен простор и да се примени нови начини на презентација на туристичките производи. Овој труд става акцент на креирање ефективни стратегии за постигнување конкурентска предност на глобалниот пазар на вински туризам.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека креирањето и имплементацијата на ефективни маркетинг стратегии овозможува остварување на конкурентска предност на глобалниот пазар на винскиот туризам. Според добиените резултати, винскиот туризам во Република Македонија е во развој и се соочува со многу проблеми, а неговото решавање бара време, финансиски средства и прилагодлива стратегија за развој што ќе се грижи за животната средина и ќе бара зајакнување на конкурентноста. Врз основа на резултатите од истражувањето се препорачува да се креира и примени маркетинг стратегија која ќе доведе до зголемување на конкурентската предност на пазарот.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно креирање на маркетинг стратегии за развој на винскиот туризам и остварување конкурентска предност на глобално ниво.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

10. **Blazheska, Daliborka** and Ljupka Naumovska. 2016. „Socially responsible activities - an efficient tool for the companies for marketing". *International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management* 6 (3): 10–18. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://ideas.repec.org/a/hur/ijaraf/v6y2016i3p10-18.html
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2225-8329 (online)

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M30, M13

Опис на трудот
Целта на овој труд е да потенцира влијанието на општествено одговорните активности како важна алатка на интегрираните маркетинг комуникации. Во трудот се објанети променливите услови на глобалните и локалните пазари, зголемената отпорност на традиционалните рекламни кампањи и изобилството реклами кои доведуваат до состојба што нужно бара промени во интегрираните маркетинг комуникации во однос на структурата на елементите. Во овој труд посебен акцент е ставен на истражувањето колку македонските компании спроведуваат општествено одговорни активности и која е најтипична форма на реализација на маркетинг комуникација со потрошувачите. Резултатите потврдуваат дека поголем број на компании во Република Македонија применуваат општествено одговорни иницијативи, кои треба да бидат составен дел од комуникацискиот микс што укажува на зголемена свесност за важноста на оваа дисциплина. Но, некои компании сè уште имаат несоодветен пристап кон општествената одговорност. Од истражувањето можеме да видиме дека постои силна корелација и неопходност од интеграција на маркетинг комуникациите со општествено одговорни активности.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека општествено одговорните активности е најтипична форма на реализација на маркетинг комуникација со потрошувачите. Врз основа на резултатите од истражувањето потврдува дека повеќето компании во Република Македонија применуваат општествено одговорни иницијативи, кои треба да бидат составен дел од комуникацискиот микс што укажува на зголемена свесност за важноста на оваа дисциплина.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно општествено одговорните иницијативи за остварување на маркетинг комуникација со потрошувачите.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. **Blazeska, Daliborka,** Natasha Ristovska and Angela Milenkovska Klimoska. 2020. „The impact of Integrated Marketing Communication on Customers Behavior". In *Proceedings of the 7th International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: "Alternative paths for development of emerging economies in global business environment", Skopje, Republic of Macedonia , 11*

of November 2020, 394–404. Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/2020/Zbornik_2020.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* M30, M31

Опис на трудот
Овој труд претставува детално објаснување за интегрираните маркетинг комуникации кои се клучен елемент во современите напори на компанијата да гради долгорочни односи со клиентите. Интегрираните маркетинг комуникации се одговор на тоа како може да бидат компаниите конкурентни во своето работење со воспоставување на добри комуникациски односи со клиентите на подолг период. Во овој труд, посебен акцент е ставен на истражувањето за тоа колку македонските компании се свесни за влијанието на интегрираните маркетинг комуникации врз однесувањето на клиентите. Од истражувањето можеме да видиме дека е потребно е да се пристапи кон употреба на поголем број алатки за комуникација, користејќи софистицирана координација. Целта на овие алатки е да се воспостави комуникација со потрошувачите.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот е добиените резултати од истражувањето да им помогнат на компаниите во давање насоки за користење на комбиниран модел за воспоставување на комуникација со потрошувачите и остварување успех на пазарот. Придонесот на трудот е во давање на насоки за комбинација на елементите на интегрираните маркетинг комуникации за остварување на долгорочна комуникација со потрошувачите.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40% и се состои во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на начините за успешна комуникација со потрошувачите преку користење на комбиниран модел за комуникација.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2. **Ristovska, Natasha** and **Daliborka Blazheska**. 2020. „The impact of emotional intelligence skills to entrepreneurial business success". In *Proceedings of the 7th International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: "Alternative paths for development of emerging economies in global business environment", Skopje, Republic of Macedonia , 11 of November 2020, 304–319.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/2020/Zbornik_2020.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M13, L26

Опис на трудот
Овој труд претставува детално објаснување за деловните лидери кои имаат претприемачки улоги во процесот на донесување одлуки. Како претприемачи, тие се карактеризираат со високо ниво на креативност, иновативност, преземање шанси и ризици, но исто така и висока емоционална интелигенција која може да биде исклучително корисна. Овие вештини за EQ им овозможуваат на менаџерите подобро разбирање на потреби, чувства и целокупната ситуација на останатите. Претприемачите со висока емоционална интелигенција можат ефикасно да создадат производ или услуга кој ќе одговара на потребите и очекувањата на нивните целни клиенти. Целта на овој труд е да го разработи влијанието на вештините за EQ врз деловните лидери и претприемништвото, а истражувањето е спроведено во Република Северна Македонија.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето за вештините за емоционалната интелегенција врз претприемачите. Придонесот на трудот е во давање на насоки за равивање на емоционалната интелегенција која ќе придонесе за остварување на подобри финансиски резултати во компанијата.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на емоционалната интелегенција за остварување успех на компанијата на пазарот.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

3. **Blazeska, Daliborka**, Dragan Petrovski and Vera Boskovska. 2018. „The application of integrated marketing communications in creating competitive advantage". In *Proceedings of the 6th International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2018: "Global education, skills and competencies: How to deliver high quality business education in accordance with the market nee", Skopje, Republic of Macedonia , 15 of October 2018, 471–488.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/Zbornik_2018web.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* M31

Опис на трудот
Овој труд е истражување спроведено со цел да се докаже поврзаноста помеѓу интегрираните маркетинг комуникации и постигнувањето на конкурентска предност.
Концептот на интегрирани маркетинг комуникации особено ги истакнува важноста на

комуникацијата со клиентите, инсистирајќи на тоа дека институциите треба ги координираат сите нивни пораки упатени кон одредени сегменти на пазарот. Едностраната маркетинг комуникацијата е застарена, а традиционалните маркетинг техники се заменети со современи двонасочни техники за комуникација насочени кон специфичен групи на клиенти. Главната задача на маркетингот на компанијата е да се најде таму каде што се нејзините клиенти. Истражувањето се заснова на студија на случај, а резултатите можат да ги користат сите засегнати страни во високото образование кои се заинтересирани да ја подобрат својата конкурентска предност, но исто така може да биде корисно за научната јавност.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето за укажување на координирање на комуникацијата со клиентите како двонасочна комуникација. Придонесот на трудот е во давање на насоки за адаптација на интергрираните маркетинг стратегии на секој пазар.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40% и се состои во неговото неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на начините за адаптација на интегрираните маркетинг комуникации на глобалниот пазар

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review)

4. **Blazeska, Daliborka**. 2016. „The social networks a powerful marketing tool for effective communication with the consumer". In *Proceedings of the 6th International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2016: "GLOBAL TOURISM CHALLENGES IN 21st CENTURY", Skopje, Republic of Macedonia , 8 of October 2016, 56–67.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M30, M31

Опис на трудот
Овој труд претставува детално објаснување за влијанието на социјалните мрежи како моќна маркетинг алатка за остварување на комуникација со потрошувачите. Во трудот е потенцирано дека комуникацијата е многу важна работа во работењето на секој деловен субјект. Со успешна комуникација можат да се избегнат и да се решат голем број на проблеми. Од друга страна како резултат на лоша комуникација можат да се доведат во прашање работењето и угледот на компанијата. Социјалните мрежи го олеснуваат процесот на комуникација со помош на голем број на канали и можности за регирање на содржините. Со појава на овие медиуми се овозможи да се избришат географските бариери и граници и социјалните мрежи нудат моќни комуникациски

алатки за маркетинг и пр стручњаците. Со квалитетната комуникација се подобрува он лине репутацијата на компанијата. Главна задача на секој маркетинг стручњак е да создаде позитивна слика за сопствената компанија, а тоа може да го направи преку социјалните мрежи. Во трудот се прикажани трендови и перспективите за употребата на социјалните мрежи во Република Македонија

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето да се искористат од страна на компаниите кои ќе остварат ефикасна комуникација со потрошувачите со користење на комбинација на социјалните мрежи како можна алатка и традиционалните медиуми.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100% и се состои во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на начините за користење на социјалните мрежи во остварување на ефикасна комуникација.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2.2.4. Учество во научни проекти

2.2.4.1. После избор во звање доцент

1. Кандидатот, доц. д-р Далиборка Блажеска, била координатор на научно-истражувачки проект со наслов: **проектот „Функционална анализа на центрите за социјална во Република Македонија”** (*Прилог*).

Проектот бил поддржан од Светска банка, се спроведуваше во периодот од јануари 2013 до јуни 2015 година, во сите центри за социјална работа во Република Македонија.

Основната цел на проектот беше да се унапреди работењето на ЦСР, преку воспоставување на систем на ефикасно и ефективно работење, што ќе обезбеди подобри услуги на граѓаните.

Проектот се спроведуваше во три фази:

- Детална анализа на работењето на центрите, процесите на работа и функциите кои ги обавуваат,
- Планови за:

a. Организациска ефикасност,

b. Финансиски менаџмент и буџетирање

c. Менаџмент на човечки ресурси

d. Мониторинг и евалуација

- Имплементација на предложените мерки преку реорганизација на центрите и спроведување на плановите

Во рамките на проектот доц. д-р Далиборка Блажеска работела како експерт за организациски развој, што опфаќа работа на анализа на организацијата и процесите на работење, утврдување на недостатоците и слабите точки, предлагање на мерки за унапредување, односно воспоставување на ефикасна организација на работењето, подготовка на нова организациска структура согласно потребите на работата и воспоставување на систем на управување со човечките ресурси.

2.2.4.2. После избор во звање вонреден професор

1. Кандидатот, проф. д-р Далиборка Блажеска, после изборот во вонреден професор учествувала во следниве проекти:

- Координатор на проектот „Импактот од примената на дигиталниот маркетинг во лансирањето и конкурентското позиционирање на брендот", иницран и реализиран од Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент, а поддржан од Универзитетот за туризам и менаџмент, декември 2016 – Јуни 2017 година, Скопје, Македонија
- Учество во проектот „Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ", МЗЗПР, и подготовка на анализа за организациски и застапувачки вештини на организациите (Сојуз на синдикати на Македонија, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, и Заедница на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ – Скопје), март 2018 година
- Консултант во граѓанските организации (Сојуз на синдикати на Македонија, и Конфедерација на слободни синдикати на Македонија), за подобрување на нивните внатрешни капавцитети, јули 2018
- Експерт за подготовка и спроведување на тренинг модул за развој на вештини за лобирање и застапување во рамките на проектот: „Граѓаните активен партнер во реформите на политиките за вода" IPA/TAIB12-7457/1 поддржан од Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) во рамките на Министерството за финансии на Република Македонија како дел од програмата за: „Зајакнета вклученост на граѓанското општество во реформите на патот кон ЕУ интеграциите" (Europe Aid/138660/ID/ACT/MK).

2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат нејзината повеќегодишна активна научна дејност, и ја афирмираат д-р Далиборка Блажеска како признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, вонреден професор д-р Далиборка Блажеска, опфаќа 14 научни трудови, од кои 10 се во категорија а1, со оглед на тоа што се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, а освен тоа, објавила и 4 трудови од категорија а2, со оглед на тоа што се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции.

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на економските науки, област маркетинг, маркетинг менаџмент и друго.

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажала способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на маркетингот, маркетинг менаџментот и друго, за која се предлага во наставно-научно звање. Д-р Даліборка Блажеска успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на маркетингот, маркетинг менаџментот и друго.

Д-р Даліборка Блажеска поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека д-р Даліборка Блажеска е квалификувана со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од областа области на маркетингот, маркетинг менаџментот и друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е ***12 години активна во научно-истражувачката работа****;*
- Изработила и одбранила докторска дисертација;
- Објавила вкупно **10** ***научни трудови од категорија а1*** — во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки (**EBSCO** – 10 трудови);
- Во зборници на трудови ***категорија на трудови а2,*** објавила вкупно ***4 трудови***;
- Учествувала како соработник – истражувач во поголем број на проекти меѓу кои и проектот „Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ", МЗЗПР, и подготовка на анализа за организациски и застапувачки вештини на организациите (Сојуз на синдикати на Македонија, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, и Заедница на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ – Скопје), март 2018 годинаа *(Прилог).*
- Научни трудови објавува на англиски јазик (14);
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на економија;

– Активно учествувала на вкупно ***4 меѓународно научни конференции*** со што покажала дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на применетата економија во доменот на маркетингот, маркетинг менаџментот и економска пракса.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на вонреден професор д-р Даліборка Блажеска по својот опсег, квлитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат економската наука, а особено областа на маркетингот, маркетинг менаџментот и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, вонреден професор д-р Даліборка Блажеска, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредила научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека нејзините научни трудови и научен придонес ја афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, полето на економија, област на маркетинг, маркетинг менаџмент и друго.

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатот ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот вонреден професор д-р Даліборка Блажеска во целост е квалификувана за избор во наставно-научно звање редовен професор за научно-истражувачко подрачје *Општествени науки*, научно-истражувачко поле *Економски науки,* област *Маркетинг* (50325), *Маркетинг менаџмент* (50608) и *Друго* (50329), во согласност со условите дефинирани во Член 166 Став 3 од Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018;).

3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

3.1. Наставна дејност

Кандидатот, во 2006 година е избрана во соработничко звање помлад асистент на Европскиот универзитет Република Македонија, а во 2009 година избрана е за наставник по група на предмети од областа на Маркетингот во наставно-научно звање доцент на Факултетот за економски науки во состав на Првиот Приватен Европски Универзитет - Република Македонија. Изведувала настава на прв и втор циклус на студии на Европскиот Универзитет по предметите Маркетинг планирање, Однесување на потрошувачите, Маркетинг, Бренд менаџмент, Непрофитен маркетинг менџмент, Маркетинг менаџмент во туризмот и угостителството.
Д-р Даліборка Блажеска на 21.01.2014 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 25.12.2013 (*Прилог*) е избрана за наставник по група на предмети од областа на Маркетингот во наставно-научно звање доцент на Факултетот за меѓународен маректинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (со одлука бр. 2-6/1 од 21.01.2014) (*Прилог*).

На 21.01.2014 година (со одлука бр. 2-6/1) е избрана за наставник во наставно-научно звање доцент по група предмети од наставно-научната област маркетинг на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
Била ангажиран во наставата на првиот и вториот циклус на студии и тоа:

- Ангажираност во настава на прв циклус на студии на предметите: Маркетинг, Маркетинг менаџмент, Меѓународен маркетинг, Маркетинг на услуги, Канали на маркетинг и Бренд менаџмент.
- Ангажираност во настава на втор циклус на студии на предметите: Б2Б Бренд менаџмент, Стратегиски маркетинг, Маркетинг менаџмент пристап за донесување на стратегиски одлуки.

Во однос на образовната дејност, целовремено активно учествувала во наставните тимови на предметите од областа на економијата и маркетингот. Совесно и квалитетно ги извршувала своите работни задачи кои се однесуваат на подготовка и одржување на настава, консултации со студентите за дипломски, семинарски и стручни трудови, како и подготовка и спроведување на колоквиумите и испитите по наведените предмети.

Кандидатот континуирано учествува во иновирањето на предметните и студиските програми. Исто така, во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот учествувала во комисии за одбрана на дипломски трудови и магистерски трудови, била ментор на кандидати во изработка на магистерски трудови и ментор на соработници-асистенти во нивниот наставно-научен развој.

На 01.06.2016 година (со одлука бр. 2-216/1) е избрана за наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Маркетинг (50325), Маркетинг менаџмент (50608) и Друго (50329), на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
Била ангажиран во наставата на првиот и вториот циклус на студии и тоа:
- Ангажираност во настава на прв циклус на студии на предметите: Маркетинг, Маркетинг менаџмент, Меѓународен маркетинг, Маркетинг на услуги, Канали на маркетинг и Бренд менаџмент.
- Ангажираност во настава на втор циклус на студии на предметите: Б2Б Бренд менаџмент, Стратегиски маркетинг, Маркетинг менаџмент пристап за донесување на стратегиски одлуки.

Во однос на образовната дејност, целовремено активно учествувала во наставните тимови на предметите од областа на економијата и маркетингот. Совесно и квалитетно ги извршувала своите работни задачи кои се однесуваат на подготовка и одржување на настава, консултации со студентите за дипломски, семинарски и стручни трудови, како и подготовка и спроведување на колоквиумите и испитите по наведените предмети.

Кандидатот континуирано учествува во иновирањето на предметните и студиските програми. Исто така, во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот учествувала во комисии за одбрана на дипломски трудови и магистерски трудови, била ментор на кандидати во изработка на магистерски трудови и ментор на соработници-асистенти во нивниот наставно-научен развој.

а) Поглавја во книги (а2)

1. **Блажеска, Далиборка**, Ленче Петреска. 2008. **Маркетинг логистика**. Скопје: Европски Универзитет РМ.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-4574-45-0
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (8 а.а.)

Опис на трудот
Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 358 страни, учебникот е поделен на десет глави: Теоретски основи на логистиката, Предмет на маркетинг логистиката, Трошоци на маркетинг логистиката, Маркетинг логистиката и канали на дистрибуција, Управување со услужувањето на потрошувачите, со транспортот, со залихите, со складиштењето, Организација на маркетинг логистиката и маркетинг информационен логистички систем.

Првото издание на овој високошколски учебник е резултат на потребите на студентите на Факултетот за економски науки, при што наменски е ориентиран да им овозможи на истите со проучување на логистичките цели, концепти и инструменти, да го унапредат своето ниво на знаење, вештини и способности на употреба и тоа не само за решавање на проблемите во маркетинг логистиката, туку пред се за креирање на нови концепти и модели за оптимализација на материјалните, информационите и вредносните текови во деловните процеси. Маркетинг логистиката според мислењата на одредени автори, претставува различно третирана предметна дисциплина, во смисол на доменот и содржината на нејзината примена.

Она што е заедничко од сите аспекти е фактот дека логистиката се развила напоредно со човековата цивилизација и дека таквата состојба трае и денес, како и тоа дека маркетингот претставува исклучиво динамичен еволутивен процес. Заради тие факти логистиката, а посебно маркетинг логистиката има влезен тренд во зајакнувањето на значението за деловната примена како и динамично влијание врз концептот и иструментите за развој на претпријатието.

Логистиката покрива низа деловни активности кои се насочени на реализација на физичките текови на суровините и репроматеријалите од изворот до местото на преработка и дистрибуција на производите од производителот до потрошувачот.

Овде пред се се работи за активности од областа на транспортот, складирањето, чувањето на залихите, манипулирање со стоката, пакување и сл.

Овие активности се предуслов за да се извршуваат производните и дистрибутивните процеси, како составни делови на процесот на репродукција на производот.

Во современите услови кои се карактеризираат со процесите на глобализација на светското стопанство, брзиот развој и примената на новите информатички технологии, се зголемува обемот на логистичките активности кои ја подржуваат дистрибуцијата на големиот асортиман на производи на се поголема одалеченост.

Паралелно со тоа настануваат стопанските и деловните ресурси, кои се ангажирани да ги извршуваат овие активности, но се золемуваат и трошоците на макро и на микро ниво.

Ефективноста и ефикасноста во извршувањето на логистичките активности, во основа ја определува конкурентноста и профитабилноста на работењето на сите деловни субјекти, посебно на производителите и дистрибутерите на производите. Ефикасноста и ефективноста не можат да се постигнат без одредени напори кои се насочени на квалитетно управување со логистичките активности и процеси. Управувањето со тие активности и процеси е основната причина што во последниве дваесетина години логистиката зазема едно од престижните места во доменот на управување со претпријатијата од аспект на конкурентноста и профитабилноста.

Управувањето со логистиката денес претставува неминовна потреба и од практичен и од теоретски аспект, но и голем предизвик за теоретско-методолошките истражувања. Управувањето со

логистиката е комплексно прашање, кое бара интердисциплинарен пристап, при што во овој труд се потрудивме да дадеме синтеза на најдобрите аспекти и пристапи на управување со логистичките процеси. Свесни за тоа дека не се дадени сите комплетни и дефинитивни одговори на прашањата поврзани со маркетинг логистиката, нашите намери во понатамошното истражување на оваа комплексна дисциплина ќе бидат насочени кон прибирање на информации кои ќе ги разрешат сите дилеми поврзани со управувањето на логистиката и нејзините процеси.

Стручен придонес на трудот
Книгата претставува оргинално и комплексно дело и денес претставува неминовна потреба и од практичен и од теоретски аспект, но и голем предизвик за теоретско-методолошките истражувања. Управувањето со логистиката е комплексно прашање, кое бара интердисциплинарен пристап, при што во овој труд авторите се потрудиле да дадат синтеза на најдобрите аспекти и пристапи на управување со логистичките процеси. Свесни за тоа дека не се дадени сите комплетни и дефинитивни одговори на прашањата поврзани со маркетинг логистиката, нивните намери во понатамошното истражување на оваа комплексна дисциплина се насочени кон прибирање на информации кои ќе ги разрешат сите дилеми поврзани со управувањето на логистиката и нејзините процеси. Во учебникот се проучени логистичките цели, концепти и инструменти, кои ќе овозможат креирање на нови концепти и модели за оптимализација на материјалните, информационите и вредносните текови во деловните процеси.

Личен стручен придонес на авторот
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката со управувањето со логистиката е комплексно прашање, кое бара интердисциплинарен пристап, при што во овој труд се потрудивме да дадеме синтеза на најдобрите аспекти и пристапи на управување со логистичките процеси.

2. **Блажеска, Далиборка**, Ленче Петреска. 2009. **Стратегиски маркетинг**. Скопје: Европски Универзитет РМ.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-4574-08-1
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (8 а.а.)

Опис на трудот
Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 324 страни, поделен е на единаесет глави, при што најпрво се објаснува усогласувањето на потенцијалот на претпријатието со промените на пазарот, потоа е објаснето стратегиското планирање и неговата важност во постоењето на претпријатието, дадени се видовите маркетинг стратегии и на крај претпоставките за успех на маркетинг акцијата како и значението на маркетинг стратегијата во меѓународниот маркетинг.

Учебникот, примарно е наменет за студентите и маркетинг менаџерите. На студентите да им помогне за подобро разбирање на ова значајно подрачје на маркетингот, а на другите, маркетинг менаџерите, за полесно препознавање и решавање на прашањата од стратегиско значење за претпријатието, како и изнаоѓање на соодветни начини за нивна реализација. Стратегискиот маркетинг не е од интерес само за оние кои работат во маркетинг секторите на претпријатието, туку

за сите менаџери во развиената организациска структура на претпријатието.

Овој учебник, претставува релативно ново подрачје на маркетингот кое се заснова на теорија и практика и спроведување на маркетинг стратегијата. Маркетинг стратегијата во процесот на управување со маркетингот, пак, претставува централно подрачје.
Всушност, изнаоѓањето соодветна понуда за целниот пазар е претпоставка не само за растот и развојот, туку и за опстанокот на претпријатието во пазарното стопанство. Одлуките во стратегискиот маркетинг имаат долгорочно влијание врз стратегиската позиција на претпријатието. Промените кои настануваат во деловното опкружување налагаат примена на стратегискиот маркетинг кој претставува континуирано истражување и преиспитување на пазарните можности, како и приспособување на понудата на претпријатието.
Намерата во изработката на учебникот беше да се даде акцент на оние елементи на стратегискиот маркетинг кои имаат круцијално значење во примената на истиот, а не да се опфатат сите поединости кои го сочинуваат стратегискиот маркетинг.

Стручен придонес на трудот
Книгата претставува оргинално и комплексно дело кое го опфаќа новото подрачје на маркетингот кое се заснова на теорија и практика и спроведување на маркетинг стратегијата. Маркетинг стратегијата во процесот на управување со маркетингот, пак, претставува централно подрачје. Изнаоѓањето соодветна понуда за целниот пазар е претпоставка не само за растот и развојот, туку и за опстанокот на претпријатието во пазарното стопанство. Одлуките во стратегискиот маркетинг имаат долгорочно влијание врз стратегиската позиција на претпријатието. Промените кои настануваат во деловното опкружување налагаат примена на стратегискиот маркетинг кој претставува континуирано истражување и преиспитување на пазарните можности, како и приспособување на понудата на претпријатието. Трудот им помага на студентите за подобро разбирање на ова значајно подрачје на маркетингот, а на другите, маркетинг менаџерите, за полесно препознавање и решавање на прашањата од стратегиско значење за претпријатието, како и изнаоѓање на соодветни начини за нивна реализација. Стратегискиот маркетинг не е од интерес само за оние кои работат во маркетинг секторите на претпријатието, туку за сите менаџери во развиената организациска структура на претпријатието.

Личен стручен придонес на авторот
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката со одлуките во стратегискиот маркетинг имаат долгорочно влијание врз стратегиската позиција на претпријатието.

3.Блажеска, Далиборка, Ленче Петреска. 2009. **Непрофитен маркетинг менаџмент**. Скопје: Европски Универзитет РМ.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-4574-06-4
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (8 а.а.)

Опис на трудот
Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 375 страни, поделен е на единаесет глави, при

што најпрво се објаснуваат основните претпоставки на непрофитните организации и општеството како и нивните субјекти, потоа е објаснето планирањето во непрофитниот сектор, дадени се видовите маркетинг стратегии и на крај примената на маректинг менаџментот во непрофитниот сектор. Намерата на овој учебник е да се даде акцент на оние елементи на непрофитниот маркетинг менаџмент кои имаат круцијално значење за успешна имплементација на програмите и проектите на маркетингот во непрофитните организации.
Учебникот Непрофитен маркетинг менаџмент, примарно е наменет за студентите и маркетинг менџерите. На студентите да им помогне за подобро разбирање на ова значајно подрачје, а на другите, маркетинг менаџерите, за полесно препознавање и решавање на тешкотиите и спецификите на овој сектор. Овде сите се стекнуваме со знаење кое ни дава можност за решавање на конкретни проблеми, па оттука се согледува значењето на овој предмет.

Последниве години во човештвото настанал голем напредок, развој и иновација Во времето на глобализацијата, развојот на технологијата и напредокот на сите видови на комуникации, настанале и некои промени кои се однесуваат на функционирањето на општеството и односите помеѓу луѓето во општеството. Се разбира овде се мисли на непрофитниот сектор во кој поединците и организациите помагаат општеството да стане заедница на одговорни поединци ориентирани кон општествениот напредок, но и напредокот на заедницата во која припаѓаат. Имајќи ја во вид улогата и значењето на непрофитните организации, како и проблемите кои се појавуваат во општеството, постои неопходност од примена на маркетинг менаџмент во непрофитниот сектор.
Непрофитниот маркетинг менаџмент треба да ни овозможи да го запознаеме окружувањето и улогата на маркетинг менаџментот во непрофитниот сектор, како и развојот на темелни компетенции за управување со програмите и проектите во непрофитните организации.
И за крај, содржината што се нуди во овој учебник има претензии да повика на размислување кај сите кои имаат некакви сугестии, предлози и мислења за нејзино натамошно проширување.

Стручен придонес на трудот
Книгата претставува оргинално и комплексно дело кое овозможува да го запознаеме окружувањето и улогата на маркетинг менаџментот во непрофитниот сектор, како и развојот на темелни компетенции за управување со програмите и проектите во непрофитните организации акцент на оние елементи на непрофитниот маркетинг менаџмент кои имаат круцијално значење за успешна имплементација на програмите и проектите на маркетингот во непрофитните организации. Трудот примарно е наменет за студентите и маркетинг менџерите. На студентите да им помогне за подобро разбирање на ова значајно подрачје, а на другите, маркетинг менаџерите, за полесно препознавање и решавање на тешкотиите и спецификите на овој сектор. Овде сите се стекнуваме со знаење кое ни дава можност за решавање на конкретни проблеми, па оттука се согледува значењето на овој предмет.

Личен стручен придонес на авторот
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката која ни дава можност за решавање на конкретни проблеми во непрофитниот сектор.

4. **Блажеска, Далиборка**, Бошко Јаќовски. 2009. **Маркетинг менаџмент во туризам и угостителство.** Скопје: Европски Универзитет РМ.

   - *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-4574-07-1

- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (8 а.а.)

Опис на трудот
Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 317 страни, поделен е на единаесет глави, започнува со специфични обележја на туристичкиот пазар, однесување на потрошувачите во туризмот, сегментација на туристичкиот пазар, политика на производ во туризмот, цена на туристичкиот пазар, политика и канали на продажба, промоција во туризмот, туристичка дестинација, истражување на туристичкиот пазар, организација и контрола на туристичкиот пазар и проблеми во туризмот
Учебникот, Маркетинг менаџментот во туризмот и угостителството не запознава со неговите теоретски и практични аспекти.
Првото издание на овој високошколски учебник е резултат на потребите на студентите на Факултетот за економски науки, при што наменски е ориентиран да им овозможи на истите да се запознаат со туристичкиот сектор, со туристичкиот пазар, како и маркетинг менаџментот кој ќе го применат во конкретните ситуации, Клучна цел е тие да се запознаат со работењето на претпријатијата во туризмот. како и со примената на општите принципи на менаџментот и маркетингот во наведените претпријатија. Пред се со овој материјал студентите ќе се запознаат со различните туристички производи, политиката на цени како и дистрибуцијата и промоцијата. Посебен акцент се става на туристичките дестинации, кои се разгледуваат во посебна глава. Врз основа на сето тоа ние ги дознаваме конкретните проблеми за кои не постојат универзални ниту готови решенија, туку е потребно да се изнајдат креативни решенија во моментот. Од ова го согледуваме значењето на овој предмет.

Стручен придонес на трудот
Книгата претставува оргинално и комплексно дело кое е ориентирано да ни овозможи да се запознаеме со туристичкиот сектор, со туристичкиот пазар, како и маркетинг менаџментот кој ќе го применат во конкретните ситуации, Клучна цел е да се запознаеме со работењето на претпријатијата во туризмот како и со примената на општите принципи на менаџментот и маркетингот во наведените претпријатија. Пред се со овој материјал студентите ќе се запознаат со различните туристички производи, политиката на цени како и дистрибуцијата и промоцијата. Посебен акцент се става на туристичките дестинации, кои се разгледуваат во посебна глава. Врз основа на сето тоа ние ги дознаваме конкретните проблеми за кои не постојат универзални ниту готови решенија, туку е потребно да се изнајдат креативни решенија во моментот

Личен стручен придонес на авторот
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката со работењето на претпријатијата во туризмот како и со примената на општите принципи на менаџментот и маркетингот во наведените претпријатија

5. **Блажеска, Далиборка**, Алекса Стаменковски. 2010. **Маркетинг на земјоделски производи.** Скопје: Европски Универзитет РМ.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-4574-19-4

- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (8 а.а.)

Опис на трудот
Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 357 страни, поделен е опфаќа осум делови и тоа: Првиот дел се однесува на основните карактеристики и специфичности на производството и прометот на земјоделско прехранбените производи, потоа следуваат следниве делови, маркетинг на земјоделско прехранбените производи, производен микс на земјоделските производи, маретинг истражување на пазарот со земјоделско прехранбените производи, маркетинг менаџмент на земјоделско прехранбените производи и задачи на носителите на прометот, организација на маркетингот, маркетинг контрола на земјоделските производи.
Учебникот Маркетингот на земјоделските прозводи не запознава со неговите теоретски и практични аспекти.
Првото издание на овој високошколски учебник е резултат на потребите на студентите на Факултетот за економски науки, при што наменски е ориентиран да им овозможи на истите да се запознаат со земјоделскиот сектор и примената на маркетингот во конкретни ситуации. Пред се со овој материјал студентите ќе се запознаат и ќе се оспособат со вештини врзани за анализирање и креирање на аграрна политика, а во исто време ќе се оспособат за конципирање и оценување на проекти за рурален развој како и програмирање и моделирање на економските меѓузависности во земјоделскиот сектор.
Покрај тоа што овој труд примарно е наменет за студентите сепак може да им помогне и на другите, маркетинг менаџерите, за полесно препознавање и решавање на тешкотиите и спецификите на овој сектор.
Врз основа на сето тоа ние можеме да ги дознаеме конкретните проблеми за кои не постојат универзални ниту готови решенија, туку е потребно да се изнајдат креативни решенија во моментот. Од ова го согледуваме значењето на овој учебник.

Стручен придонес на трудот
Книгата претставува оргинално и комплексно дело кое е ориентирано да ни овозможи да се запознаеме со земјоделскиот сектор и примената на маркетингот во конкретни ситуации. Пред се со овој материјал студентите ќе се запознаат и ќе се оспособат со вештини врзани за анализирање и креирање на аграрна политика, а во исто време ќе се оспособат за конципирање и оценување на проекти за рурален развој како и програмирање и моделирање на економските меѓузависности во земјоделскиот сектор. Покрај тоа што овој труд примарно е наменет за студентите сепак може да им помогне и на другите, маркетинг менаџерите, за полесно препознавање и решавање на тешкотиите и спецификите на овој сектор. Врз основа на сето тоа ние ги дознаваме конкретните проблеми за кои не постојат универзални ниту готови решенија, туку е потребно да се изнајдат креативни решенија во моментот.

Личен стручен придонес на авторот
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката со вештини врзани за анализирање и креирање на аграрна политика, а во исто време ќе се оспособат за конципирање и оценување на проекти за рурален развој како и програмирање и моделирање на економските меѓузависности во земјоделскиот сектор

6. **Блажеска, Далиборка**. 2012. **Бренд менаџмент.** Скопје: Европски Универзитет РМ.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-4574-48-4
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100% (8 а.а.)

Опис на трудот

Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 400 страни, поделен е опфаќа девет дела: Бренд и значење на брендот, Идентитет на брендот и елементи на брендот, Стратешко управување со брендовите, Концепт на брендови, Животен циклус на производите и брендовите, Стратегии за развој на брендот, Вредност и мерење на вредноста на брендот, Бренд успеси, неуспешни брендови.Учебникот ја потенцира најзначајна функција на маркетингот, а тоа е изградување на бренд. Тоа што го забрзува овој тренд е постојаното опаѓање на класичниот вид на продажба, односно начинот на размена на производите.

Во книгата е нагласено дека за создавање на бренд потребно е големо вложување, долг временски период и упорна работа со што би се добил највреден производ на претпријатието. Всушност, брендот на производите се создава, а не се прогласува. При купување на производите, одлуките за купување се донесуваат со претходно позиционирање на производот и неговото име (бренд), во свеста на потрошувачот. Така резултатот на купувањето е претходно предодреден. Брендот е тој кој го продава производот или услугата на корисникот.

Приказната за брендовите не би можела да започне без најпрво да се разбере идејата за позиционирање на брендот.

Книгата бренд менаџмент ги има следниве цели: да стекнеме практични знаења за создавање на бренд на производите како и мерење на вредностите на брендот и управување со брендот, да дојдеме до одредени сознанија кои методологии и модели ги користеле претпријатијата во вреднувањето на светските познати брендови, да ја согледаме неопходноста од истражувањето на потрошувачите во вреднување на брендовите.

Тоа значи дека се настојува производите да станат познати на пазарот и омилени од страна на потрошувачите, а како последица на тоа следуваат големи приходи. Создавањето на бренд има посебна цена, и на тоа му претходи макотрпна работа. Всушност вредноста на брендот се одредува на пазарот, а не од тоа дали ние сме вложиле во незиното создавање.

Стручен придонес на трудот

Книгата претставува оргинално и комплексно дело кое е ориентирано ни ги претставува условите кога на пазарот постои изострена конкуренција, од една страна и голема динамика на промени на потребите од друга страна, претпријатијата мора да понудат производи коишто по своите карактеристики ќе бидат супериорни во однос на другите конкурентски производи т.е да понудат таканаречени бренд на производи.

Пред се треба да се има во предвид дека создавањето на бренд на производите ќе биде се поактуелно во денешни услови во кои функционираат претпријатијата, а професионалноста во неговото создавање ќе дојде до израз. Во овие услови при донесување одлука за купување се повеќе потрошувачите ќе бидат ориентирани кон бренд на производ, а ќе дојде и до појава на нови брендови

на производи. Имајќи ги во предвид предностите што ги нуди секој бренд на производ и за производителот и за потрошувачите, постои нужност од создавање на бренд.
Всушност брендовите претставуваат стратешко средство на претпријатието, кој со својата вредност на пазарот обезбедуваат успешно работење на претпријатието во еден подолг временски период во едно високо конкурентско опкружување.

Личен стручен придонес на авторот
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 100% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката со брендовите кои претставуваат стратешко средство на претпријатието, кој со својата вредност на пазарот обезбедуваат успешно работење на претпријатието во еден подолг временски период во едно високо конкурентско опкружување.

7. Петревска Билјана, **Далиборка Блажеска**. 2020. **Промотивни активности.** Штип: Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за туризам и бинис логистика, РМ.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-244-772-8, електронски https://e-lib.ugd.edu.mk/961
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување,
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (8 а.а.)

Опис на трудот

Учебникот е објавен на македонски јазик, на вкупно 194 страни. Тој е напишан на оригинален начин, со јасен и разбирлив јазик. Ракописот методолошки е структуриран во пет глави кои меѓу себе се надополнуваат, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на промотивните активности во деловното комуницирање со потрошувачите. Секоја глава започнува со кратко информативно појаснување за точките кои ја обработуваат главната тема понудена како глава. Учебникот се состои од пет тематски целини: 1. Општи аспекти на промоцијата; 2. Креативност и препознатливост; 3. Основни форми на промотивни активности; 4. Средства и медиуми за промоција; и 5. Планирање на промотивни активности.

Во првата глава, насловена како Општи аспекти на промоцијата, обработени се најелементарните поими кои се однесуваат на запознавање со поимот, целите и задачите на промоцијата и комуникацијата. Втората глава, насловена како Креативност и препознатливост, покрај што ги појаснува овие поими, става акцент на креирањето креативна препознатлива промотивна порака. Третата глава е носител на содржината на материјалот, во која детално се опишани основните форми на промотивни активности: економска пропаганда, унапредување на продажбата, односи со јавност и публицитет, лична продажба и директен маркетинг. Покрај примарните облици на промоција, појаснети се и други форми на промотивни активности (спонзорство, наменско организирање патувања за целни групи, блогери, влогери и инфлуенсери). Во четвртата глава, насловена како Средства и медиуми за промоција, детално се објаснети основните видови промотивни средства, и тоа: графички (постер, флаер и проспект, фотографија, репортажа и статија, туристичка карта, туристички водич и други средства за надворешно графичко промовирање), аранжмански (саем, изложба и манифестација) контактни (пропагандно предавање и конференција за печат), сувенирски и интерактивни средства (веб-страна, социјални мрежи, веб-реклама, систем за препорака, апликација за паметни телефони, и други). Воедно, детално се

објаснети медиумите (телевизија, радио, печатени медиуми и Интернет) и нивното значење и примена во промотивни цели. Последната, петта глава ги презентира теоретските основи на процесот на планирање на основните промотивни активности како предуслов за креирање успешна промотивна кампања.

Со цел на студентите да им се овозможи полесно совладување на материјата, разбирање на посложените поими и поврзување на теоретските и методолошките концепти со практиката, по завршување на секоја глава, дадени се прашања за дискусија кои им овозможуваат на студентите да проверат дали целосно ја разбрале наставната материја. Воедно, дадени се и вежби кои поттикнуваат интерактивност, како и анализа на конкретни реални примери. На крајот на ракописот, соодветно се нотирани библиографските единици кои се цитирани во текстот, а се однесуваат на монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници.

Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Авторите покажуваат големо стручно и научно познавање на третираната проблематика. Начинот на појаснување на сите сложени прашања од областа на промоцијата е многу пристапен со примена на примери од непосредната практика. Оттука, концизното и експлицитното презентирање на проблематика од оваа област, дава голема можност за користење на овој материјал не само за студентите, туку и пошироко.

Стручен придонес на трудот
Овој ракопис претставува успешен обид на авторите да претстават научен материјал со висок квалитет, во кој се даваат можности за стекнување пошироки знаења од областа на промоцијата.

Личен стручен придонес на авторот
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката со успешно спроведување на промотивни активности, вклучувајќи ја комбинацијата на сите алатки на промотивниот микс. Притоа, во првиот дел започнато е со најелементарните поими, кои се однесуваат на запознавање со поимот промоција. Вториот дел дава преглед на основните поими креативност и препознатливост кои се предуслов за успешна промоција. Основните форми на промотивни активности детално се обработени во третиот дел. Имајќи предвид дека средствата и медиумите за туристичка промоција се неминовни во целокупниот процес на промоција, тие се презентирани во четвртиот дел. Последниот, петти дел дава приказ на теоретските основи на планирањето на промотивните активности.

3.2. Оценка од самоевалуација

За периодот од 2017-2019 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје била спроведена самоевалуација на наставниот кадар. Во анкетните прашалници пополнети од страна на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент евалуацијата на наставниот кадар се врши со оценки од 1–5.

Според анализата на резултатите, вонреден професор д-р Даліборка Блажеска била позитивно оценета од самоевалуацијата по сите предмети по кои изведувала настава. Врз основа на оценката на студентите на Економскиот факултет по предметот Маркетинг има постигнато успех од 4.79, на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент по предметот Маркетинг има постигнато успех од 4.96, на Факултетот за претприемачки бизнис по предметот Маркетинг има постигнато успех од

4.50. На Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент по предметот Канали на маркетинг има постигнато успех од 4.90.

Ова покажува дека вонреден професор д-р Даліборка Блажеска има позитивна оценка во однос на наставната дејност, која е добиена со анкетирање на студентите кои ги изучуваат овие предмети.

3.3. Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност, вонреден професор д-р Даліборка Блажеска, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.

Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, но и вклучување на гости предавачи од практиката во рамките на предавањата.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредила наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредила својот наставен процес на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент особено по предметите особено по предметите Маркетинг, Маркетинг Менаџмент, Маркетинг на услуги, Меѓународен маркетинг, Бренд менаџмент и Канали на маркетинг. Кандидатот исто така во средината ужива углед на амбициозен и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во маркетингот и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.
Исто така, кандидатот во средината ужива углед на амбициозен и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на економијата и маркетингот и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

4.1. Рецензии

Кандидатот, проф. д-р Даліборка Блажеска, е определена за член во повеќе рецензентски комисии за изготвување на извештаи за избор на соработници и наставници за група предмети од соодветната област во рамките на своето работно место како доцент и вонреден професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и претходно како доцент на Европскиот Универзитет РМ.

4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, вонреден професор д-р Даліборка Блажеска, како активна и стручно определена личност, која со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на пошироката јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи маркетинг техники и концепти заради унапредување на на работењето.

Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на економијата и маркетингот. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на нејзиниот интерес (маркетинг, маркетинг менаџмент, стратегиски маркетинг, бренд менаџмент), како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот економски развој на државата и успешното промовирање на компаниите и институциите.

5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на вонреден професор д-р Даліборка Блажеска, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 164 и 166 став 3 и 5 од Законот за високото образование на Република Македонија за Критериуми за избор во наставно-научно звање редовен професор:

1. Кандидатот **вонреден професор д-р Даліборка Блажеска** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.
2. Кандидатот **вонреден професор д-р Даліборка Блажеска** има објавени десет научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија кои се од соодветната област.
3. Кандидатот **вонреден професор д-р Даліборка Блажеска** има учество во четири научно-истражувачки проекти.
4. Кандидатот **вонреден професор д-р Даліборка Блажеска** има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
5. Кандидатот **вонреден професор д-р Даліборка Блажеска** има способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.
6. Кандидатот **вонреден професор д-р Даліборка Блажеска** била ментор на над 60 дипломски работи, 30 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 50 магистерски трудови.
7. Кандидатот **вонреден професор д-р Даліборка Блажеска** има позитивна оценка од самоевалуација.
8. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **вонреден професор д-р Даліборка Блажеска** и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
9. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за нејзините постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во

земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.

10. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на маркетинг на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент** на **Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, вонреден професор д-р Далиборка Блажеска** да ја избере во наставно-научно звање **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** во научно-истражувачкото подрачје *Општествени науки,* научно-истражувачко поле *Економски науки,* област *Маркетинг (50325), Маркетинг менаџмент* (50608) и *Друго* (50329).

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Алекса Стаменковски – редовен професор во пензија, Претседател, ЕУРМ, Економски факултет; с.р.
Проф. д-р Савица Димитриеска, редовен професор, член, Меѓународен Балкански Универзитет, Факултет за економски и административни науки; с.р.

Проф. д-р Ленче Петреска, редовен професор, член, Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р Державин“ – Свети Николе, Факултет за економија и организација на претприемништво; с.р.

Табела 1. Рекапитулација на научните и стручните трудови на кандидатот

Вид на трудот	Пред избор во доцент	После избор во доцент	После избор во вонреден професор	Вкупно
НАУЧНИ ТРУДОВИ 1. Научни трудови објавени во		3	10	13

списанија со меѓународно призната рецензија				
2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции		15	4	19
3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции				
4. Книги	1	5	1	7
ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ				
СТРУЧНИ ТРУДОВИ 1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии				
2. Проекти и рецензии		1	4	5
3. Прирачници				
ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ				
4. Други трудови				
ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ				

ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА

ЗА ИЗБОР НА

проф. д-р ВИОЛЕТА МИЛЕНКОВСКА

ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ ОРГАНИЗАЦИСКИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ (МЕНАЏМЕНТ), ОБЛАСТИ: 50614 ОДЛУЧУВАЊЕ, 50622 УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И 50624 ДРУГО,) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

д-р Александра Стоилковска, редовен професор, претседател, Факултет за менаџмент на човечки ресурси, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

д-р Константин Петковски, редовен професор во пензија, член

д-р Сашо Кожухаров, редовен професор, член, Економски факултет, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.

	До Сенатот на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје Република Северна Македонија

Предмет: Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Виолета Миленковска**, вонреден професор, во наставно-научно звање редовен професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување, област 50618 Менаџмент во образование, 50622 Управување со човечки ресурси и 50624 Друго.

Врз основа на член 92 став 1 алинеја 2 и 14 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент, согласно Законот за високото образование (82/2018) Наставно научниот совет на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, донесе одлука за започнување постапка за избор на наставник во наставно-научно звање редовен професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент), област 50614 Одлучување, 50622 Управување со човечки ресурси и 50624 Друго,на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

На истата седница, **именувана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање редовен професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент), област 50614 Одлучување, 50622 Управување со човечки ресурси и 50624 Друго, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, и тоа во состав:

6. **д-р Александра Стоилковска**, редовен професор, претседател на Комисијата, Факултет за менаџмент на човечки ресурси, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Република Северна Македонија
7. **д-р Константин Петковски**, редовен професор во пензија, член,
8. д-р Сашо Кожухаров, редовен професор, член, Економски факултет, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Република Северна Македонија

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање редовен професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент), област 50618 Менаџмент во образование, 50622 Управување со човечки ресурси и 50624 Друго на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.
Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ од 17.12. 2020 година и на веб страницата на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (www.utms.edu.mk);
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: проф. д-р Виолета Миленковска, вонреден професор, вработена на Факултетот за менаџмен на човечки ресурси на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје; и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот, Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Сенатот на Универзитетот за туризам и

менаџмент во Скопје, следниот заеднички

И З В Е Ш Т А Ј

За кандидатот проф. д-р Виолета Миленковска, вонреден професор, на Факултетот за менаџмен на човечки ресурси во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:

1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

9. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
10. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
11. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – редовен професор, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) *(Прилог 3),* како и
12. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во редовен професор. *(Прилог 4),*
13. Извештај од самоевалуација на Универзитетот *(Прилог 5),*
14. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање редовен професор во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент), област 50614 Одлучување, 50622 Управување со човечки ресурси и 50624 Друго, *(Прилог 7).*

1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — проф. д-р Виолета Миленковска

Проф. *д-р Виолета Миленковска* е родена на 05.10.1962 година во Скопје. Во Скопје завршува основно и средно образование.

Во 1983 година завршува Педагошка академија, а подоцна во 1999 година на Педагошкиот факултет се стекнува со звање дипломиран професор по одделенска настава.

Во периодот од 1984 година до 2008 година работи како наставник по одделенска настава во основното училиште „Ацо Шопов“, каде во периодот од 1999 до 2003 раководи со истото училиште.

Последипломски студии по Кадровски менаџмент запишува на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, каде ги положува сите испити со највисоки оценки и во 2005 година се стекнува со звање магистер на кадровски менаџмент.

По магистрирањето Виолета Миленковска веднаш продолжува на докторски студии исто така на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во 2009 година со успешната одбрана на докторскиот труд на тема: Модел на современ менаџер во туризмот.

Трудот е изработен под менторство на проф.д-р Константин Петковски, а комисијата ја сочинуваа:

проф. д-р Софронија Миладиновски, проф. д-р Цветко Смилевски, проф. д-р Мирјана Борота Поповска, проф. д-р Константин Петковски и проф.д-р Тодор Кралев.
Од 1999 до 2003 година директор е на ОУ „Ацо Шопов“ во Скопје, а со изборот во звање доцент од 2009 година до денес таа е дел од наставниот кадар на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
Проф. д-р Виолета Миленковска активно го познава англискиот јазик, а има и напредно познавање на оперативните ситеми Windows и Linux (Ubuntu) и на апликациите Microsoft Office (Word, Excell, PowerPoint, Access и Open Office (Writer, Calc и др.)

2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

2.1 Овој дел на Извештајот содржи:
2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,
2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и
2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Проф. д-р Виолета Миленковски во нејзината научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент напишала докторска дисертација и објавила повеќе трудови во меѓународни научни публикации и во зборници од меѓународни и домашни научни конференции, како и неколку книги и прирачници.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

2.2.1. Специјалистички труд
2.2.2. Магистерски труд
2.2.3. Докторска дисетација
2.2.4. Објавени научни трудови
2.2.5. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.6. Учество во научни проекти

2.2.1. Специјалистички труд

Виолета Миленковска во 2002 година при Институтот за социолошки и полотичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се стекнува со звање специјалист по кадровски менаџмент.
Насловот на специјалистичкиот труд гласи: Менаџерската функција контролирање во основните училишта. Специјалистичкиот труд е изработен под менторство на проф. д-р Тодор Кралев.
Тргнувајќи од улогата и местото на директорот во планирањето и реализирањето на воспитно образовната дејност во училиштето како една од најважните задачи во работењето и водењето на училишната организација е контролирањето.
Директорот како менаџер, односно раководител на училиште, својата функција успешно ќе ја спроведе во однос на екипирањето, планирањето, организирањето, мотивирањето и контролирањето на вработените, кој се директно или индиректно вклучени во севкупната работа на

училиштето доколку ги контролира во текот на нивното извршување.
Општествената и научната оправданост на темата се гледа во евидентниот недостаток на застапеност на истата во литературата и науката, така што овој труд ја надополнува празнината за актуелизирање и подетално истражување на истата.

2.2.2. Магистерски труд

Виолета Миленковска во 2005 година при Институтот за социолошки и полотичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се стекнува со звање магистер по кадровски менаџмент. Насловот на магистерскиот труд гласи: Потребните лидерски особини и вештини на училишниот инспектор за спроведување интегрална евалуација. Магистерскиот труд е изработен под менторство на проф. д-р Константин Петковски.
Виолета Миленковска во магистерскиот труд ја истражува важноста на лидерските особини и вештините кои ги користи училишниот инспектор се со цел спроведување на интегрална евалуација. Разгледани се теоретски сите елементи на лидерските особини и вештини како и причинско-последичните односи на вештините на лидерот во училиштето со спроведувањето на интегралната евалуација.
Во трудот освен теоретскиот дел, содржан е и емпириски дел во кој е изработена студија на случај на поставена хипотетска рамка конзистентна на насловот, проблемот и предметот на трудот.
Поставените хипотези се докажани со што се потврдува потребата од лидерски компетенции и вештини кај инспекторот како една од клучните алатки за спроведување на интегрална евалуација

2.2.3. Докторска дисертација

По магистрирањето ***м-р Виолета Миленковска*** веднаш продолжува на докторски студии исто така на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, за во 2009 година со успешната одбрана на докторскиот труд на тема: ***Модел на современ менаџер во туризмот***, се стекна со звање *доктор на менаџмент*. Трудот е изработен под менторство на проф.д-р Константин Петковски, а комисијата ја сочинуваа: проф. д-р Софронија Миладиноски, проф. д-р Цветко Смилевски, проф. д-р Мирјана Борота Поповска, проф. д-р Константин Петковски и проф.д-р Тодор Кралев.
Креацијата на трудот што авторката го има изработено претставува нова содржина која низ процесите на секојдневието секогаш се споменува како потреба, но досега немаме научен пристап во една форма како авторката на овој труд успеала да го помести во структурата на неговата опсервација за изнаоѓање на одреден модел преку кој ќе може да се менаџира во областа на туризмот. Имајќи ја ваквата структура на трудот, кандидатката Виолета Миленковска во целост ја опфатила содржината што била предмет на подобност на темата.
Од досегашната научна и истражувачка активност на кандидатката, се воочува научниот интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистарскиот труд, а подоцна со докторската дисертација, кандидатката ја дефинира својата истражувачка ориентација кон проучување на менаџментот, а особено неговата улога и значење во функција на туризмот, каде посебно се специјализирала во областа на менаџментот.
Трудот е изработен под менторство на проф.д-р Константин Петковски, а комисијата ја сочинуваа: проф. д-р Софронија Миладиноски, проф. д-р Цветко Смилевски, проф. д-р Мирјана Борота Поповска, проф. д-р Константин Петковски и проф.д-р Тодор Кралев.
Покрај воведот, предметот, целите и задачите, дисертацијата е самостоен научен труд на м-р Виолета Миленковска, напишан на 247 страници, од кои 221 се основен текст, 24 заклучни согледувања од примарните истражувања на терен, прилози на 7 страници и попис на литература на 4 страници.

Глобалната структура на докторската дисертација, кандидатката ја поделила на Вовед, теоретски дел и заклучок. Теоретскиот дел е поделен на три дела со 8 глави:

I. Основи на менаџментот

II, Современи тенденции на работење во туризмот

III, Функции на менаџментот

Во воведниот дел се објаснува значењето на туризмот во развојот на современите стопанства, соодветно на тоа и значењето што туризмот може да го има во развојот на стопанството во Македонија.

Првиот дел на трудот се однесува на основите на менаџментот. Се дава краток осврт на развојот на научната мисла за менаџментот (дефинирање и настанување на менаџментот , школи за менаџмент, современ менаџмент и специфичности на менаџментот.

Понатаму во овој дел се елаборирани содржините од областа на менаџментот и менаџерите во туризмот (суштина и значење на менаџментот, односот, финкциите и нивоата на менаџментот, како и карактеристики на современиот менаџер во туризмот.

Во вториот дел - Современи тенденции во работењето на туризмот, се елаборирани содржините од менаџментот во туризмот (основни карактеристики на современиот менаџмент, специфичности во работата на туризмот, класификација на угостителските објекти, стандарди во туризмот, специфичности во деловната етика на вработените во хотелиерството, информирање на гостите во туристичките места и во туристичко-угостителските објекти)

Третиот дел – Функциите на менаџментот (планирање, организирање, мотивирање и контрола) се елаборирани содржините на менаџерското планирање во туризмот, значењето на менаџерското планирање, визијата, мисијата и целите на менаџерското планирање, дефинирањето на планот, стратегиското планирање и стра-тегиско планирање на туризмот во Р. Македонија.

Научниот придонес на докторската дисертација: нуди излезни решенија за начинот на работа на нашите туристички организации.

Имајќи ја ваквата структура на трудот, Виолета Миленковска во целост ја опфатила содржината што беше предмет на неговата подобност. Со ова се констатира дека трудот е пристапен и лесен за елаборација од оваа област и секој може да да го препознае придонесот на Виолета Миленковска која го дала во апликативната наука.

При тоа може да се констатира дека нејзиниот методолошки пристап како имагинација ги привлекува реалните сознанија, кои се резултат на примената на различните научни методи, кои пак, научната јавност може лесно да ги препознае.

Овој оригинален научно-истражувачки труд од областа на менаџментот дава огромен придонес во организацијата на туристичките претпријатија во нашата земја.

2.2.4. Објавени научни трудови

2.2.4.1. Пред избор во звање вонреден професор

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање редовен професор, проф. д-р Виолета Миленковска покрај докторската дисертација објавила 12 научни труда, 3 книги и прирачници и 3 други публикации.

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

Рецезентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, кандидатот проф. д-р Виолета Миленковски поседува ваков вид на научни трудови:

1. Joshevska, F., Petkovski, K., Milenkovska, V., (2015), „**Personal characteristics and social values as factors for (non) - practicing organizational learning“**, MERIT RESEARCH JURNALS of EDUCATION, 2015. (pp.254-258).

2. Petkovski, K., Joshevska, F., Milenkovska, V., (2015), **Non-practicing the dialogue as a factor of non-development of the organizational learning**, Global Journal of Management and Business Research: B Economics and Commerce Volume 15 Issue 5 Version 1.0, USA, 2015. (pp13-18). 2015 (EBSCO)

3. Violeta Milenkovska, Zoran Strezovski, and Angela Milenkovska. 2015. **Macedonian Tourist Product: Current Status and Perspectives.**UTMS Journal of Economics 6 (2): 331–340. (EBSCO)

4. Violeta Milenkovska, Zoran Strezovski, and Angela Milenkovska. 2015. **Promotion: Branding Tool for Macedonia as a Tourist Destination**.UTMS Journal of Economics 6 (2): 355–363. (EBSCO)

5. Stoilkovska Aleksandra, Milenkovska Violeta, Ristovska Natasha, 2015. “**Intrapreneurial management approach: innovations and creativity as factors for sustainable development of the companies”,** SYLWAN Journal, Vol. 159, Issue. 6 (pp. 123-133), Warszawa, Poland, June 2015 (impact factor, Web of Science)

6. Миленковска, Виолета. (2011.), „**Современи тенденции во работата на туризмот**“, UTMS Journal of Economics Volume 2, Number 1, (37 - 50).

7. Stoilkovska, Aleksandra, **Violeta Milenkovska,** and Gordana Serafimovic. 2013. The influence of family relations on decision making in family businesses. Special issue, UTMS Journal of Economics 4 (1): 17–26.

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. Stoilkovska Aleksandra, **Milenkovska Violeta.** (2009). EMOTIONALLY INTELLIGENT ORGANIZATION, The international Congress of Tourism and management: “The Challenges and Perspectives of the Tourism and Management” September 2009, Skopje, Macedonia, (26-27).
2. **Миленковска, Виолета.** (2008), “Влијанието на опкружувањето врз обемот на туристичкиот промет”, Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум “Туризмот во 21 век”, Факултет за труризам, Скопје Мегународен конгрес на УТМС, Скопје.
3. **Миленковска, Виолета,** Стојановски, Б., Петровска, Ј., (2015), Надворешната евалуација во функција на обезбедувањето на квалитетот во образованието, Зборник на трудови, Меѓународен конгрес ИКОН БЕСТ, УТМС, Скопје.

4. Stoilkovska, A., **Milenkovska, V.,** Serafimovic, G., (2013), The Corellation Between Organizational Climate and Efficiency of Teams, The Third International Scientific Congress – Biennale, Collection of papers of the Congress on the theme, ICON BEST
5. Stoilkovska, **A., Milenkovska, V**., Angelovski, K., (2013.), "Ethical management of Human Resources as a Way of Raising Awareness for Social Responsibility of the Employees", The Second International Scientific Conference – Employment, Education and Entrepreneurship (EEE, 2013), 295-305, Belgrade, Sebia, 16-18 October, 2013

в) Преглед на други објавени стручни трудови

1. **Миленковска Виолета.** (2002), "Организациско комуницирање во основните училишта". Научен собир, Скопје.
2. Павловски Ѓорѓи, **Миленковска Виолета**. (2002). "Играта и игровните активности, значајна форма на работа со децата од предучилишна возраст, Просветно дело 1, Скопје. ISSN 0350-6711. (19-22).
3. Павловски Ѓорѓи, **Миленковска Виолета**. (2001), "Набљудувањето значаен метод на работа со децата од предучулишна возраст", Просветно дело 5, Скопје. ISSN 0350-6711. (108-123).

г) Книги и прирачници

Кандидатот проф. д-р Аце Миленковки има богата творечка дејност, но во релевантниот период за избор во наставно-научно звање, Рецензентската комисија ги издвојува следните книги:

1. Петковски, К., Ламева, Б., Миленковска, В., (2004), **Интегрална евалуација како основа за функционално инспекторирање,** Издавач: Европа 92, Кочани. ISBN 9989-838-08-9. Обемот на учебникот изнесува 112 страници. Делото спаѓа во категоријата прирачници. Рецензенти: .Ќамил Џеладини, Васе Манчев и Ласте Спасовски.

2. Павловски. Ѓ., Миленковска, В., (2000), **Општество за 4 одделение,** Просветно Дело, Скопје.
3. Миленковска, В., Павловски. Ѓ., (2000), **Работни Листови за 4 одделение,** Просветно Дело, Скопје.

2.2.4.2. После избор во звање вонреден професор

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

После изборот во звање редовен професор, д-р Виолета Миленковска објавила 6 научни трудови објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор.

1. **Violeta Milenkovska** PhD, Mirjana Markovska and Ljubisa Nikolovski PhD, Promotion: womanleadership and alternative methods for resolving businessconflicts and canges in the organization". UTMS Journal of economics, Vol. 8 No. 2 (pp. 183-192) Decembre 2017 (EBSCO)
2. Aleksandra Stoilkovska PhD, **Violeta Milenkovska** PhD, Gordana Serafimovic MSc, "Discrimination in employment based on political affiliation", Trenčianska univerzita Alexandra Dubčeka v Trenčíne. University Review, Vol. 12, 2018, No.1, (pp. 27-34)
3. **Milenkovska, Violeta,** and Blagica Novkovska. 2018. How to Establish Uniform Higher Education Quality Management System for Macedonia. UTMS Journal of Economics 9 (2): 213–220.
4. Novkovska, Blagica, and **Violeta Milenkovska**. 2020. How to build robust on-line job-interview resistant to health-risk generated crises. UTMS Journal of Economics 11 (2): 243–250.
5. Milenkovska, Violeta, and Blagica Novkovska. 2019. How To Build Total Quality Management System For Higher Education In A Small Country. UTMS Journal of Economics 10 (2): 227–235.
6. **Violeta Milenkovska** PhD, Julijana Petrovska MSc, and Aleksandra Stoilkovska PhD, "Positive attitude towards business ethics and socialresponsibility for improving corporate image" UTMS Journal of Economics, Vol. 10 No. 1 (pp. 97–107), June 2019 (EBSCO)

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

После изборот во звање вонреден професор, д-р Виолета Миленковска објавила 5 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1. Milenkovska, Violeta, and Blagica Novkovska. Perspectives for Total Quality Management in Higher Education in Macedonia. 2018. In 6 th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2018, Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs October 15–16, 2018, Skopje, Macedonia, pp. 279–288.
2. Violeta Milenkovska Julijana Maksimovska Julijana Petrovska, Principal attitude towards employees in order to improve the organizational climate Icon Best 2020
3.Milenkovska, Violeta. Marija Apostolova Nikolovska. 2020. COVID - 19 AND PROVIDING QUALITY TEACHER EDUCATION: KEY TO BUILD A RESILIENT MACEDONIAN EDUCATION SYSTEM. 2020. In 7 th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2020, ALTERNATIVE PATHS FOR DEVELOPMENT OF EMERGING ECONOMIES IN GLOBAL BUSINESS ENVIRONMENT, Skopje, Macedonia, pp. 84.
4. **Violeta Milenkovska** PhD, Milenkovska Angela MSc, "The impact of comunication in primary and secondary schools for promoting the efficiency of the educational process" , ICON BEST 2016 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 5th Jubilee International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management"
5. Stoilkovska, A., **Milenkovska, V**., Angelovski, K., (2013.), "Ethical management of Human Resources as a Way of Raising Awareness for Social Responsibility of the Employees", The Second International Scientific Conference – Employment, Education and Entrepreneurship (EEE, 2013), 295-305, Belgrade, Sebia, 16-18 October, 2013

2.2.5. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот проф. д-р Аце Миленковски во наставно-научно звање редовен професор во трајно звање.

2.2.5.1. Пред избор во звање вонреден професор

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

Рецезентската комисија изврши анализа и оценка на научните трудови на кандидатот д-р Виолета Миленковска.

1. Joshevska, F., Petkovski, K., **Milenkovska, V.,** (2015), „Personal characteristics and social values as factors for (non) - practicing organizational learning“, MERIT RESEARCH JURNALS of EDUCATION, 2015. (pp.254-258).

   - *Достапност на трудот:* https://meritresearchjournals.org/er/content/2015/August/Joshevska%20et%20al.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,5 а.а.
   - *Објавен во:* Списание
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* Трудот е објавен во списание кое е застапено во база на податоци ABI/INFORM Complete (ProQuest), ABI/INFORM Global (ProQuest), BUSINESS COLLECTION (ProQuest), BUSINESS PREMIUM COLLECTION (ProQuest), C.I.R.E.T., DOAJ, EBSCO, EconBiz, Econis, EconLit, EconPapers, EconStor, EDRIC, EZB, Google Scholar, IDEAS, Open J-Gate, RePEc, Socionet, ZBW.
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%

Опис на трудот
Во трудот авторите го презентираат современиот пристап на менаџментот кој ја наметнува потребата за комплетна и конструктивна комуникација во бизнис односите.

Тие наведуваат дека во реалноста постојат ситуации каде комуникацијата се базира на искажување ставови, без можност за нивно споделување или наоѓање на заеднички теми. Ова резултира со појава на конфликти од развиен деструктивен карактер, кои, во целост, имаат негативно влијание на функционирањето на организацијата.

Модерниот пристап, кој го диктира начинот на постигнување максимум ефикасност и ефективност на организацијата ја наметнува потребата луѓето да се третираат како извор на интелектуален капитал, како придобивка, која обезбедува безбедни услови за постојан раст и развој на

организацијата, со можност за достигнување и одржување на вечна младост.
Еден од начините за постигнување на таков услов е основање и примена на дијалог, како форма на комуницирање и стратегија за градење на организационото учење, каде екологијата на мислата се базира на здрави ментални модели и системи на мислење, кои се развиени од секоја индивидуа која го смета неговото/нејзиното мајсторство како животна одлука.
Научен придонес на трудот: Во овој труд, научниот придонес се гледа во презентирањето на современиот пристап на менаџментот како комплетна и конструктивна комуникација во бизнис односите.
Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 30% бидејќи се работи за научен труд на коавтор кој задира во неговата тесна специјалност од областа на менаџментот. Коавторот користи сопственото искуство во однос на третирање на луѓето како извор на интелектуален капитал.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2. Petkovski, K., Joshevska, F., **Milenkovska, V**., (2015), Non-practicing the dialogue as a factor of non-development of the organizational learning, Global Journal of Management and Business Research: B Economics and Commerce Volume 15 Issue 5 Version 1.0, USA, 2015. (pp13-18). 2015 (EBSCO
   - *Достапност на трудот:* https://www.journalofbusiness.org/index.php/GJMBR/article/view/1642/0
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
   - *Објавен во:* Зборник на трудови
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
   - *Трудот е каталошки евидентиран: ISSN 2249-4588*
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%

Опис на трудот
Авторите на трудот се осврнуваат на односот кон моралните вредности на луѓето и неговото влијание на сите сфери на општественото живеење во денешните услови на постојана борба за постигнување финансиска моќ, која пак од друга страна овозможува доминантност на негативната моќ и влијание врз животите на другите.
Според авторите тоа води кон уништување на моралот, етичките и други слични вредности, и животот во организацијата станува место каде ние сме гледани преку призмата на материјалните нешта. Авторите јасно потенцираат дека свет, под доминација на финансискиот капитал, не знае за индивидуалните животни вредности.
Цивилизацијата, или како што се преферира културната фрагментација резултира со опасна состојба на отуѓување на работниците, кои чувствуваат дека не припаѓаат во организационите системи, каде вработените ги поминуваат своите работни саати, според авторите, само по себе носи демотивација, која е предуслов за намалена продуктивност и индивидуалност на организациско ниво. Дијалогот е место каде овие услови може многу да се променат во позитивна насока. Тоа е процес и ситуација, во која индивидуата се подготвува за подобар начин на однесување во организациските системи.
Почитувањето на законите на етиката е основата на однесувањето на индивидуите во реализацијата на дијалогот. Со време и под влијание на етичките норми, учесниците во дијалогот ги формираат своите ментални модели, што само по себе ја вклучува потребата од развој на организационо учење.
Научен придонес на трудот: во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното претставување на етичките норми, научно докажување на причините за негативното влијание на доминирантен финансиски капитал, кој не знае за индивидуалните животни вредности.

Трудот третира актуелна тема во областа на деловната етиката и менаџирање со интелектуален капитал.
Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 33% бидејќи се работи за заеднички труд на 3 автори. Авторите успеале да ја ги разјаснат поврзаноста на борбата за финансиска моќ врз уништување на моралот, етичките и други слични цивилизациски вредности. Насоките кои ги даваат се во функција на подигање на нивото на дијалогот кој е единствен начин каде овие услови може многу да се променат во позитивна насока. Тоа е процес и ситуација, во која индивидуата се подготвува за подобар начин на однесување во организациските системи.
Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на деловната етика и менаџментот.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

3. **Violeta Milenkovska,** Zoran Strezovski, and Angela Milenkovska. 2015. Macedonian Tourist Product: Current Status and Perspectives.UTMS Journal of Economics 6 (2): 331–340. (EBSCO)
   - *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%202/UTMSJOE-2015-0602-015-Milenkovska-Strezovski-Milenkovska.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
   - *Објавен во:* Зборник на трудови
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран: ISSN 2249-4588*
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%

Опис на трудот

Во трудот авторите ги презентираат своите гледишта за примената на ефективни методи при развојот на македонскиот туристички производ и остварување на целта преку промовирање на туристичката понуда. Според нив, многу земји имаат развиено свои туристички производи во насока на поголем привлекување на повеќе туристи во дестинацијата. Тие работат интензивно на обновување на атрактивните фактори, за подобрување на комуникациите и зголемување на квалитетот на сместувачките капацитети.
Во трудот, авторите прават осврт на политиката на државата за привлекувње на странски туристи, така што ја нагласуваат улогата на македонската влада да го стават туристичкиот производ како главен фокус во својата политика. Авторите во трудот ги анализираат активностите од владиниот стратешки документ за развој на туризмот во Македонија од 2009- 2013 година.
Според авторите, и покрај изготвувањето на Стратегијата за развој на туризмот, туристичката економија, со своето искуство не е активно вклучена, а стратегијата не се спроведува во целост.
Овој труд претставува истражување спроведено на примерок од 65 туристички акционери (туристички агенции и хотели) во Македонија во 2013 година, и таа ја анализира македонската туристичка понуда. Она што е направено и што треба да се направи во иднина во име на она што другите земји го преземаат, а во однос на промоцијата на нивниот туристички производ, се однесува на промовирање на нивната туристичка дестинација и тоа што Македонија има преземено и треба да преземе во врска со промоцијата.
Научен придонес на трудот: во овој труд, научниот придонес се гледа во научното преставување на важноста на промоцијата во креирањето и пласирањето на македонскиот туристички производ. Трудот третира актуелна тема во областа на маркетингот во туризмот и дава значаен придонес за детектирање на слабостите во туристички агенции и хотели, со цел успешно промовирање на

туристичката дестинација.
Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 30% бидејки се работи за научен труд на коавтор кој со неговата тесна специјалност во областа на менаџментот и туризмот, користејќи го сопственото искуство, предлага мерките и критериумите за промовирање на Македонија како важна туристичка дестинација.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

4. **Violeta Milenkovska,** Zoran Strezovski, and Angela Milenkovska. 2015. Promotion: Branding Tool for Macedonia as a Tourist Destination.UTMS Journal of Economics 6 (2): 355–363. (EBSCO)
   - *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%202/UTMSJOE-2015-0602-015-Milenkovska-Strezovski-Milenkovska.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
   - *Објавен во:* Зборник на трудови
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран: ISSN 2249-4588*
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%
   - *Jel Classification:* M31

Опис на трудот
Во трудот, авторот Миленковска заедно со коавторите, обработува тема од областа на маркетингот, односно, ја нагласува улогата на промоцијата како важна алатка во брендирањето ма македонскиот туристички производ и Македонија како туристичка дестинација. Според авторите, во време кога конкуренцијата помеѓу земјите во светот е се посилна, со цел да се привлечат што повеќе туристи, како и зајакнувањето на нивниот туристички бренд, Република Македонија мора да почне да го гради и да го зајакнува својот туристички бренд.
Предмет на овој труд е Македонија како туристичка дестинација да се гледа низ призмата на промотивни активности кои Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија треба да ги реализира во периодот 2009 до 2012 година.
Овој труд претставува истражување спроведено на примерок од 65 туристички акционерите (туристички агенции и хотели) во Македонија во 2012 година Во трудот направена е компаративна анализа со активностите на другите земји во однос на промоцијата на нивниот туристички производ, како и за тоа што Македонија има превземено и треба да превземе во врска со презентирањето на својот туристички бренд.
Научен придонес на трудот: во овој труд, научниот придонес се гледа во научното преставување на важноста на промоцијата во брендирањето на македонскиот туристички производ. Трудот третира актуелна тема во областа на маркетингот во туризмот и дава значаен придонес за детектирање на слабостите во туристичка агенции и хотели, со цел успешно промовирање на Македонија како туристичката дестинација. Таа предлага остварување на конкурентска предност преку одржување на традиционалнте вредности со внесување на нови, иновативни туристички атракции.
Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 40% бидејки се работи за научен труд на коавтор кој со неговата тесна специјалност во областа на маркетингот и туризмот, користејќи го сопственото искуство, предлага мерките и критериумите за брендирање на македонскиот туристички производ.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го

оцениле како прегледен труд (review).

5. Stoilkovska Aleksandra, **Milenkovska Violeta,** Ristovska Natasha, 2015. "Intrapreneurial management approach: innovations and creativity as factors for sustainable development of the companies", SYLWAN Journal, Vol. 159, Issue. 6 (pp. 123-133), Warszawa, Poland, June 2015 (impact factor, Web of Science)
   - *Достапност на трудот:* https://www.academia.edu/13540041/INTRAPRENEURIAL_MANAGEMENT_APPROACH_INNOVATIONS_AND_CREATIVITY_AS_FACTORS_FOR_SUSTAINABLE_DEVELOPMENT_OF_THE_COMPANIES
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
   - *Објавен во:* Зборник на трудови
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран*
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%

Опис на трудот

Трудот опфаќа податоци добиени од истражување спроведено во реномирани приватни компании во Република Македонија кои ја прикажуваат конекцијата меѓу примената на менаџерските компетенции за претприемаштво со поддржувањето на соодветната организациска стратегија и иновативноста на вработените. Клучот за поттикнување на претприемачките иновативни потфати кај вработените е секако, во градењето на соодветен систем за поддршка на иновативноста на вработенте. Тоа ја продолжува одржливоста на компанијата.

Трудот ја важноста од соодветно менаџирање на секоја компанија компатибилно за развој на претприемаштвото. Голем е бројот на организации кои не умеат да ја извлечат иновативноста од своите вработени. Несоодветниот стил на управување особено е виновен за тоа.

Трудот презентира научни сознанија добиени од практично истражување спороведено во најуспешните приватни компании во Решпублика Македонија. Истражувани се менаџерските компетенции кои придонесуваат за поттикнување на интрапретприемаштвото за што е потребно секој вработен кој ја познава добро својата работа да размислува за изнаоѓање на начин за нејзино усовршување. На тој начин се обезбедува одржлив развој на компанијата.

Истражувањето недвосмислено ги докажа претпоставките во трудот, а тоа е поврзаноста на иновативноста и претприемачките потфати на вработените со одржливиот развој на компанијата.

Научен придонес на трудот: во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на интрапретприоемаштвото како сеуште недоволно практикувана организациска политика. Презентираните резултати претставуваат занчителен импакт во науката заради непостоење на доволно научно потврдени сознанија од оваа област. Трудот ја потврдува поврзаноста на интрсшретприемаштвото со одржливиот развој на компанијата.

Труд третира актуелна тема во областа на интрапретприемаштвото и добро е да се напомене дека истата е универзална така што е применлива во организации од различни сфери на општетествено делување.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 33% бидејки се работи за зеднички труд на Александра Стоилковска, Виолета Миленковска и Наташа Ристовска. Авторите успеале да ја ги разјаснат поврзаноста на интрапретприемаштвото со одржливиот развој на организацијата Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на претприемаштвото и менаџментот, како и менаџирањето со знаењето на лиѓето, при што користејки го сопственото искуство и теоретска наобразба предлага градење на систем за поддршка на иновативноста на вработените во интерес на поуспешно користење на потенцијалите на

вработените, што пак од друга страна директно влијае на одржливиот развој на компанијата.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

6. **Миленковска, В.,** (2011.), „Современи тенденции во работата на туризмот“, UTMS Journal of Economics Volume 2, Number 1, (37 - 50).
   - *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%202/UTMSJOE-2015-0602-015-Milenkovska-Strezovski-Milenkovska.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
   - *Објавен во:* Зборник на трудови
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран: ISSN 2249-4588*
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%
   - *Jel Classification:* M31

Опис на трудот
Во трудот, авторот Миленковска заедно со коавторите, обработува тема од областа на маркетингот, односно, ја нагласува улогата на промоцијата како важна алатка во брендирањето ма македонскиот туристички производ и Македонија како туристичка дестинација. Според авторите, во време кога конкуренцијата помеѓу земјите во светот е се посилна, со цел да се привлечат што повеќе туристи, како и зајакнувањето на нивниот туристички бренд, Република Македонија мора да почне да го гради и да го зајакнува својот туристички бренд.
Предмет на овој труд е Македонија како туристичка дестинација да се гледа низ призмата на промотивни активности кои Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија треба да ги реализира во периодот 2009 до 2012 година.
Овој труд претставува истражување спроведено на примерок од 65 туристички акционерите (туристички агенции и хотели) во Македонија во 2012 година Во трудот направена е компаративна анализа со активностите на другите земји во однос на промоцијата на нивниот туристички производ, како и за тоа што Македонија има превземено и треба да превземе во врска со презентирањето на својот туристички бренд.
Научен придонес на трудот: во овој труд, научниот придонес се гледа во научното преставување на важноста на промоцијата во брендирањето на македонскиот туристички производ. Трудот третира актуелна тема во областа на маркетингот во туризмот и дава значаен придонес за детектирање на слабостите во туристичка агенции и хотели, со цел успешно промовирање на Македонија како туристичката дестинација. Таа предлага остварување на конкурентска предност преку одржување на традиционалнте вредности со внесување на нови, иновативни туристички атракции.
Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 40% бидејки се работи за научен труд на коавтор кој со неговата тесна специјалност во областа на маркетингот и туризмот, користејќи го сопственото искуство, предлага мерките и критериумите за брендирање на македонскиот туристички производ.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

7. Stoilkovska, Aleksandra, **Violeta Milenkovska,** and Gordana Serafimovic. 2013. The influence of family relations on decision making in family businesses. Special issue, UTMS Journal of Economics 4 (1): 17–26.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%204%20No.%201/1-2-B-Stoilkovska-Milenkovska-Serafimovic.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* Зборник на трудови
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран: ISSN 2249-4588*
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Jel Classification: M12*

Опис на трудот

Авторите на трудот Александра Стоилковска, Виолета Миленковска и Гордана Серафимовиќ се осврнуваат на семејните бизниси кои претставуваат предизвик за многу семејства. Во главниот дел, авторите се фокусираат на семејните релации кои многу често се проследени со многу емоционални и етички дилеми кои најчесто ги оптоваруваат засегнатите страни. Токму поради тоа авторите сакаат да докажат дека ако лидерот на семејниот бизнис успева да ги контролира емоциите кон членовите на семејството, тогаш тој ќе донесува реални одлуки со што конфликтните ситуации ќе се намалат, а ефикасноста на истата ќе се зголеми.

Научен придонес на трудот: во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното претставување на релациите во семејните бизниси како една од најинтересните теми за истражување. Факт е дека лидерите на семејните бизниси сакаат да ги контролираат емоциите кон членовите во семејството. Презентираните резултати од истражувањето покажуваат дека во голема мера одлучувањето на лидерот е различно при делењето на работните задачи (делегирањето) меѓу членовите на семејството и несемејните членови. Тоа може да делува дестимулирачки врз работата на несемејните членови.

Трудот третира актуелна тема во областа на менаџирањето на емоциите во семејните бизниси како и нивното влијание во процесот на донесување на одлуки.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 33% бидејќи се работи за заеднички труд на Александра Стоилковска, Виолета Миленковска и Гордана Серафимовиќ. Авторите успеале да ја ги разјаснат поврзаноста на емоциите во семејните бизниси со процесот на донесување на одлуки и вклученоста на семејните и несемејни членови во бизнисот. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на емоционалната интелигенција, при што користејќи го сопственото искуство и теоретска наобразба предлага да се истражат емоциите на лидерот на семејниот бизнис.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни меѓународни научни конференции (а2)

1. Stoilkovska Aleksandra, **Milenkovska Violeta.** (2009). EMOTIONALLY INTELLIGENT ORGANIZATION, The international Congress of Tourism and management: "The Challenges and Perspectives of the Tourism and Management" September 2009, Skopje, Macedonia, (26-27).
    - *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/Zbornik-2009.pdf
    - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
    - *Опсег на трудот:* 0.5 а.а.
    - *Објавен во:* Зборник на трудови
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски

- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-4593-21-8
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%

Опис на трудот
Во трудот авторите ги презентираат модерните гледишта за емоционалната интелигенција и теоретските модели за емоционално интелигентните способности и компетенции. Во главниот дел се фокусираат на емоционалната интелигенција на организација, на што се однесува таа и колку е значајна за успехот на организацијата. Во продолжение на трудот, се образложува местото и улогата на секој член од тимот во поглед на емоционалнно интелигентните параметри, од поединец до ефикасност на целиот тим, односно на целата организација.
Станува збор и за градењето на емоционално интелигентниот коефициент на поединецот и тимот во целина, со оглед на тоа што емоционалната интелигенција се стекнува во текот на животот преку искуство, надвор и на работното место, а значително влијае на организациската ефективност.
Научен придонес на трудот: во овој труд, научниот придонес на коавторот се гледа во научното преставување на емоционалната интелигенција како нова и сеуште недоволно практикувана вештина за управување на сопственото однесување и воспоставување на меѓузависни релации кои истовремено ги задоволуваат организациските и индивидуалните потреби.
Труд третира актуелна тема во областа на менаџментот и дава значаен придонес за успешното работење на организациските тимови и организациите во целост.
Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 50% бидејки се работи за научен труд на два автори од извонредно значење, каде се успеало да се дефинира емоционалната интелигенција и да се направи компарација помеѓу емоционално-интелигентното однесување на поединецот и емоционално-интелигентна организација. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на менаџментот, при што користејќи го сопственото искуство и теоретска наобразба ги предлага потребните промени во развојот на тимовите, заради зголемување на ефикасноста на деловните субјекти.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2. **Миленковска, Виолета.** (2008), "Влијанието на опкружувањето врз обемот на туристичкиот промет", Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум "Туризмот во 21 век", Факултет за туризам, Скопје Мегународен конгрес на УТМС, Скопје.
   - Достапност на трудот:
   - Вид на трудот (категорија):
   - Опсег на трудот: 0.5 а.а.
   - Објавен во: Зборник на трудови
   - Јазик на кој е напишан трудот: Македонски
   - Трудот е каталошки евидентиран: ISBN 978-608-4593-21-8
   - Бодување на бројот на автори на трудот: 100% (до 3 автори)
   - Проценет придонес на авторот: 100%

   Опис на трудот
   Во трудот, авторот Миленковска се фокусираат и мошне силно го елаборира влијанието на политичко-безбедносното опкружување, економското движење, состојбите во сообраќајот, еколошките катастрофи, појавата на епидемии и други здравствени проблеми врз обемот на туристичкиот промет во Република Македонија.
   Авторот, во главниот дел на трудот, потенцира дека ниедна друга дејност не е толку чувствителна на неповолните влијанија од опкружувањето, како што е туризмот. Притоа, таа го

елаборира ова тврдење во понатамошниот дел од текстот.

Во трудот направен е осврт на препораките од страна на Светската туристичка организација на ОН (UNWTO), кои ќе придонесат да се намали негативното влијание од можните кризи во опкружувањето и нивниот ефект врз туристичкото движење.

На крајот од трудот, авторот прави осврт, со статистички показатели, на влијанието на опкружувањето врз обемот на туристичкиот промет во Република Македонија.

Научен придонес на трудот: во овој труд, научниот придонес на авторот се гледа во неговиот пристап при елаборирање на влијанието на опкружувањето, врз обемот на севкупниот туристички промет, како и истражувањата во однос на компарирани статистичките показатели на туристичкото движење во балканските земјите од екс-ју просторот.

Трудот третира актуелна тема во областа на туризмот и дава значаен придонес за надминување на негативните влијанија на оваа дејност.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 100% , бидејќи се работи за научен труд на автор од извонредно значење, каде се успеало да се дефинира влијанието на опкружувањето врз обемот на туристички промет. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа, при што ја користи својата ја теоретската наобразба, предлага потребните мерки за надминување на негативното влијание на опкружувањето врз обемот на туристичкиот промет.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

3. **Violeta Milenkovska** PhD, Branko Stojanovski and Julijana Petrovska Msc, “External evaluation aimed at providing quality within the education”, ICON BEST 2015 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 4th International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management"
   - Достапност на трудот: https://eprints.ugd.edu.mk/14962/1/Renewable%20energy%20for%20sustainable%20tourism_assessment%20of%20Macedonian%20hotels.pdf
   - Вид на трудот (категорија):
   - Опсег на трудот: 0,6 а.а.
   - Јазик на кој е напишан трудот: Англиски
   - Бодување на бројот на автори на трудот: 100% (до 3 автори)
   - Проценет придонес на авторот: 33%
   - ISBN 978-608-4593-48-5 COBISS.MK-ID 100307210

   Опис на трудот

   Во трудот, авторот Миленковска се фокусираат и мошне силно го елаборира влијанието на политичко-безбедносното опкружување, економското движење, состојбите во сообраќајот, еколошките катастрофи, појавата на епидемии и други здравствени проблеми врз обемот на туристичкиот промет во Република Македонија.

   Авторот, во главниот дел на трудот, потенцира дека ниедна друга дејност не е толку чувствителна на неповолните влијанија од опкружувањето, како што е туризмот. Притоа, таа го елаборира ова тврдење во понатамошниот дел од текстот.

   Во трудот направен е осврт на препораките од страна на Светската туристичка организација на ОН (UNWTO), кои ќе придонесат да се намали негативното влијание од можните кризи во опкружувањето и нивниот ефект врз туристичкото движење.

   На крајот од трудот, авторот прави осврт, со статистички показатели, на влијанието на опкружувањето врз обемот на туристичкиот промет во Република Македонија.

   Научен придонес на трудот: во овој труд, научниот придонес на авторот се гледа во неговиот пристап при елаборирање на влијанието на опкружувањето, врз обемот на севкупниот

туристички промет, како и истражувањата во однос на компарирани статистичките показатели на туристичкото движење во балканските земјите од екс-ју просторот.
Трудот третира актуелна тема во областа на туризмот и дава значаен придонес за надминување на негативните влијанија на оваа дејност.
Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 100% , бидејќи се работи за научен труд на автор од извонредно значење, каде се успеало да се дефинира влијанието на опкружувањето врз обемот на туристички промет. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа, при што ја користи својата ја теоретската наобразба, предлага потребните мерки за надминување на негативното влијание на опкружувањето врз обемот на туристичкиот промет.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

4. Stoilkovska, A., **Milenkovska, V.,** Serafimovic, G., (2013), The Corellation Between Organizational Climate and Efficiency of Teams, The Third International Scientific Congress – Biennale, Collection of papers of the Congress on the theme, ICON BEST
   - *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/Zbornik-2009.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0.5 а.а.
   - *Објавен во:* Зборник на трудови
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-4593-21-8
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 50%

Опис на трудот
Во трудот се потенцира фактот дека тајната на успехот на секоја успешна компанија е квалитетот на човечките ресурси, тимскиот приод кон работата и постигнувањето чувство на посветеност кон организацијата кај сите вработени. Добрата работна атмосфера и чувството на припадност на вработените е од големо значење за непречено функционирање на работниот процес, според авторите.
Примената на принципот на тимска работа, се почесто се употребува во разни активности. Денес, речиси секоја општествена организација ја има сфатено потребата од успешна примена на овој принцип, кој значително ја зголемува ефикасноста и го подобрува квалитетот на работата. Подигање на квалитетот на работата е можно само кога се вклучуваат повеќе учесници во реализацијата на работата и тоа учесниците кои работат во кохезија врз основа на стручност и врз основа на најдобар можен начин на користење на вештините на секој учесник.
Овој труд презентира истражување кое експлицитно покажува корелација помеѓу организацискатa клима и ефикасноста на тимовите во организацијата. Во истражувањето, како метод на истражување, се користи анкета, додека како мерен инструменти се користени затворени анкетни прашалници..
Научен придонес на трудот: во овој труд е во научната заснованост на изведените заклучоци. Имено секој од заклучоците е изведен врз база на поставени и докажани претпоставки. Тимскиот приод во реализацијата на работата докажано се поврзува со организацискатa клима, организацискатa ефективност и ефикасност.
Труд третира актуелна тема во областа на менаџментот и дава значаен придонес за успешното работење на организациските тимови и организациите во целост.
Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 33%, бидејќи се работи за научен труд на тројца рамноправни автори. Тмската работа со сите нејзини варијабли се целосно демаскирани и конектирани со причинско последичните состојби во организацијата. Личниот придонес на

авторите во овој труд се согледува во нивната тесна специјалност во областа на менаџментот, при што користејќи го сопственото искуство и теоретска наобразба ги предлага потребните промени во развојот на тимовите заради зголемување на ефикасноста на деловните субјекти.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен *труд го оцениле како прегледен труд (review).*

5. Stoilkovska, A., **Milenkovska, V.,** Angelovski, K., (2013.), "Ethical management of Human Resources as a Way of Raising Awareness for Social Responsibility of the Employees", The Second International Scientific Conference – Employment, Education and Entrepreneurship (EEE, 2013), 295-305, Belgrade, Sebia, 16-18 October, 2013
6.
   - *Достапност на трудот:* http://www.eee-conference.com/_img/arhiva/2014/vol3eee2013.pdf

   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0.8 а.а.
   - *Објавен во:* Зборник на трудови
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-86-6069-096-0
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 33%

Опис на трудот

Трудот презентира истражување кое е спроведено во рамките на научно истражувачката работа на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Анкетирани се вработени во општествено одгворни организавии по случаен избор од сите нивоа на организациска структура. Целта на истражувањето е да се добијат нови сознанија за општествената одговорност кон човечките ресурси во организацијата и етичкото однесување кон врабоетните, како и моќта на менаџерите да ги мотивираат вработените кон општествено одговорни активности. Претпоставката во трудот вели дека доколку менаџерите имаат развиено лидерски компетенции тогаш ќе успеат преку своето општествено одгворно однесување да ги мотивираат вработените и тие да презимаат иницијатива и да се вклучуваат во општествено одговорни активности. Како извлечен податок од истражувањето е тоа дека општествено одговорните организации имаат специфична организациската култура која ја поддржува општествената одговорност кај сите вработени.
Научен придонес на трудот: во овој труд е во научната заснованост на изведените заклучоци. Имено секој од заклучоците е изведен врз база на поставени и докажани претпоставки. Општествената одговорност на менаџерите со лидерски способности влијае мотивирачки врз вработените за и тое самостојно да се приклучат кон општествената одговорност. Поентата на истражувањето е ставена на етичкиот момент во однесувањето на менаџерите и нивните општествено одгворни активности кон човечките ресутрси на организацијата.
Труд третира актуелна тема во областа на менаџментот и дава значаен придонес за успешното работење на организациските тимови и организациите во целост.
Личен придонес на авторот: Личниот придонес на авторот е 33% бидејки се работи за научен труд на тројца рамноправни автори. Секој од авторите до дизајнираше трудот соглесно сопствените компетенции. Тројцата автори учествувале во спроведеното истражување со што ги надградиле сопствените компетенции на полето на истражуванаат област.
Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти.

в) Преглед на други објавени стручни трудови

1. **Миленковска Виолета.** (2002), "Организациско комуницирање во основните училишта". Научен собир, Скопје.

Во трудот, авторот покрај дефинирањето на поимот организациска комуникација, јасно ги детектира начините и проблемите кои произлегуваат во процесот на комуникација во образовните институции, односно, основните училишта.

При обработката на темата која ја посочува, авторот го наведува значењето на функциите на комуникацијата во основните училишта, особено од аспект на менаџерството. Авторот става посебен акцент на комуникацијата како процес од кој зависи добрата организациска клима. За таа цел, таксативно е наведен текот и пречките во комуникацијата. Исто така, промените кои ги носат информациските и комуникациските технологии придонесуваат за трансформација на работата и организацискатa структура и култура. Новите комуникациски технологии, предизвикуваат нов пристап кон организацискатa комуникација со што се менува и природата на функционирање на самите организации. Досегашните истражувањата покажале дека со подобрување на организацискатa комуникација во училиштата, претставува бенефити за истите.

Во трудот, авторот дава информација за значењето и улогата на асоцијациите кои им пружаат помош на училиштата во процесот на организацискотo комуницирање. Како пример ги посочува Венецуела и Англија, односно, организациите НЕСПА и ЛЕА.

Во трудот, направена е квантитативна и квалитативна нализа на истражување, кое е спроведено во неколку основни училишта. Од добиените резултати, изведен е заклучок дека од нивото на организацискатa комуникација во училишниот триаголник, зависи успехот на целиот воспитно-образовен процес.

Научниот придонес на трудот се состои во заклучните согледувања каде се укажува на неопходноста од подигнување на нивото на организацискатa комуникација во основните училишта.

Личен придонес на авторот (100%): Личен придонес на авторот се гледа од неговата тесна специјалност за обработка на овој вид проблематика, како и од анализа на статистичките показатели за видот на организацискатa комуникација во основните училишта, кои играат значајна улога во спроведување на воспитно-образовен процес.

2. Павловски Ѓорѓи, **Миленковска Виолета**. (2002). "Играта и игровните активности, значајна форма на работа со децата од предучилишна возраст, Просветно дело 1, Скопје. ISSN 0350-6711. (19-22).

Во трудот, авторите ја дефинираат улогата и значењето на повеќе научни дисциплини врз психофизичкиот развој на децата. Тие ја потенцираат разликата помеѓу интенционалното и функционалното воспитание како влијание без и со претходно испланирани цели.

Коавторката Миленковска, во трудот, не го поставува детето како пасивен организам со кој управуваат надворешни предизвици, туку како личност со внатрешни потенцијали на кој влијае планирано воспитно-образовно делување.

Како што наведуваат тие, предучилишната педагогија како научна дисциплина која ги проучува специфичностите на воспитниот процес на децата од раѓање до поаѓање на училиште, цени дека играта и игровните активности се значајна форма на работа со децата од предучилишна возраст. Според нив, играта е основна форма во воспитно-образовната работа со кое детето посебните животни потреби ги обезбедува преку учење почитувајќи ги развојните и индивидуални карактеристики на секое дете посебно. Низ играта детето се изразува себеси, ги искажува своите потреби и желби, се социјализира, корегира некои развојни моменти а притоа и учи.

Во трудот се дадени примери за користење на дидактичките игри кои го помагаат психофизичкиот и емоционалниот развој за децата на предучилишна возраст, но и за реализација на определени

образовни цели. Игрите претставуваат активности со правила и се насочени кон откривање на способностите на децата на оваа возраст.
Научниот придонес на трудот се состои во изнесување на научни показатели за улогата на игрите во планирањето на воспитно-образовната работа, како и во заклучните согледувања каде се укажува на неопходноста од примената на игри и игровните активности како значајна форма на работа со децата од предучилишна возраст.
Личен придонес на авторот (50%): Личниот придонес на авторот се гледа од неговата тесна специјалност за работа со деца од предучилишна и училишна возраст, како и во пренесување на практичните искуства од работа со деца.

3. Павловски Ѓорѓи, **Миленковска Виолета**. (2001), "Набљудувањето значаен метод на работа со децата од предучулишна возраст", Просветно дело 5, Скопје. ISSN 0350-6711. (108-123).

Во трудот, авторите ја објаснуваат потребата од набљудувањето на децата од предучилишна возраст во функција на воспитно-образовната работа по предметите природа и општество.
Оваа проблематика е третирана од аспект на практична потреба во воспитно-образовната работа, која е во насока на постигнување на позитивни ефекти при градење на здрава психофизичка личност, а која не може да се постигне само со усно излагање, разговор, работа со текст, демонстрација и друго.
Авторите во трудот, истакнуваат дека набљудувањето е процес на различни воспитни подрачја. Притоа, тие наведуваат дека посебно се важни фазите на набљудување во постигнување на целта која сака да се постигне. Ова е од особена важност за зголемување на интересот на децата за природната и општествената средина и поттикнување на љубовта кон родниот крај, но и поради важноста на емоционалната страна на овој метод на работа.
На крај, авторите го посочуваат набљудувањето како метод во воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст, кој ќе придонесе во имплементирање на современата настава.
Научниот придонес на трудот се состои во изнесување на теоретски и научни показатели за значењето на набљудувањето во планирањето на воспитно-образовната работа, како и во заклучните согледувања каде се укажува на неопходноста од примената на оваа значајна форма на работа со децата од предучилишна возраст.
Личен придонес на авторот (50%): Личен придонес на авторот се гледа од неговата тесна специјалност за работа со деца од предучилишна и училишна возраст, како и во пренесување на практичните искуства.

г) Книги и прирачници

Кандидатот проф. д-р Виолета Миленковка има богата творечка дејност, но во релевантниот период за избор во наставно-научно звање, Рецензентската комисија ги издвојува следните книги:

1. Петковски, К., Ламева, Б., Миленковска, В., (2004), **Интегрална евалуација како основа за функционално инспекторирање,** Европа 92, Кочани.

Книгата Интегрална евалуација како основа за функционално инспекторирање, претставува стручно дело на авторите Петковски, Ламева и Миленковска, а наменета е за потребите на вработените во администрацијата, просветните инспекциски служби, како и за менаџерите на воспитно-образовните институции во Република Македонија.
Врз основа на долгогодишната научна и стручна работа и долгогодишното занимавање со педагошка дејност, авторите на делото вршат интеграција на теорија и пракса, со што на делото му даваат карактер на прирачник како за стручната, така и за поширокатa јавност. Особено значаен белег на делото е неговата одмереност и прилагоденсот на потребите на образовните институции во државата.

Делото Интегрална евалуација како основа за функционално инспекторирање, претставува стручно дело издадено во 2004 година од страна на издавачот Европа 92, во Кочани.
Посебен придонес во изготвувањето на книгата дале и рецензентите кои се еминентни стручњаци од теоријата и праксата, што говори за високите стандарди кои авторите ги поставиле пред себе при оформување на ова стручно дело. Книгата Интегрална евалуација како основа за функционално инспекторирање поради својот интердисциплинарен карактер, работена е според најновата научна теорија и пракса, користејќи најнови сознанија од нормативите и легислативата во државата, но и примери од повеќе земји.
Книгата се состои од 99 страници, додека организацијата на текстот е структурирана во 5 логички поврзани глави како една целина, која има природен тек и логичен след.
Во воведот посебно се третира прашањето на евалуацијата преку инспекторирањето, особено во државите како нашата, каде е во тек процесот на трансформација на институциите. Посебен акцент уште на почетокот е ставен на несоодветниот третман на оваа проблематика во виокообразовните институции, Педагошките факултети или другите наставни факултети, каде се подготвуваат наставните кадри.
Првиот дел насловен како ,,Училиштето како воспитно–образовна институција“, го лоцира објектот каде се врши инспекторирањето каде што воспитно – образовниот процес се темели на определени дидактички принципи кои што треба да се почитуваат во сите фази на процесот. Авторите истакнуваат дека менаџментот во образовните институции нужно бара партиципирање и поддршка од вработените и поширокатa заедница. За да ги задоволи потребите трајно, менаџментот мора да делува според стратегијата на веродостојност. Секое училиште има своја организациска структура, организациска култура и организациска клима. Овие организациски структури, треба да овозможат успешно спроведување на организацискатa мисија, односно, реализација на курикулумот и наставата.
Вториот дел насловен како ,,Обезбедување на квалитет во образованието и училиштет“, прикажано е значењето на квалитетно образование и што се е потребно за негово обезбедување. Современите светски трендови во образованието, како одговор на крупните општествено економски промени и брзиот техничко технолошки развој ,ја наметнуваат потребата од соодветни промени во организацискатa поставеност и начинот на работа на образовните институции. За таа цел, авторите даваат свое видување како треба да се воспостави систем на перманентно следење и вреднување на работата на училиштата, подржан од соодветно поставени институции. Просветната инспекција која има за цел перманентно да ја следи работата на училиштата, е клучна карика во вреднување и квалитетот на работата во образовните институции.
Во третиот дел, авторите наведуваат модели на инспекциските служби во повеќе европски држави и кај нас. Во овој дел насловен како ,,Инспекциските служби во Европа’’, прикажана е компаративна анализа на понудените модели во Холандија, Англија, Австрија, Чешка, Романија Шведска, Молдавија и други, со нашиот модел на инспекторирање. Во Македонија Државниот просветен инспекторат, е орган во состав на Министерството за образование и наука и е организиран согласно Правилникот за систематизација на работни места на Министерството за образование и наука, кој го врши инспекцискиот надзор во воспитно-образовните установи во Република Македонија.
Четвртиот дел, насловен како ,,Модел на интегрална еваулација на училиштата како основа за нивно инспекторирање”, поаѓа од компаративната анализа на понудениот модел на интегрална евалуација. Тука авторите објаснуваат на кој начин интегралната евалвација на училиштата, во својот пристап се разликува од класичното или традиционалното инспекторирање. Тие, во делото, ја истакнуваат контролната функција која има истражувачко-развојна димензија. Според нив, извештаите на инспекторите по извршената интегрална евалуација на училиштата, немаат за цел само да укажат на некои слабости и истите да ги санкционираат, туку и да ги лоцираат потребните подрачја на промени, со цел да се подобри работата на училиштето.

Во петтиот дел под наслов: „Профил на училишен инспектор за спроведување на интегрална евалуација", дадени се потребните функции, особини, принципи, вештини и компетенции на училишниот инспектор. Според авторите, потенцијалните инспектори треба да имаат соодветни академски и професионални квалификации, речиси секогаш да имаат значително искуство во наставата или работа со млади и претходно да поминале базична обука. Тие треба да имаат искуство на повисоки образовни нивоа, како и повисоки академски титули или функции.
Во таа насока авторите нудат препораки за понатамошен развој и градење на стратегија за обезбедување квалитет кој може да го постигнат само преку соодветна самоевалуација и одговорно однесување.
Текстот е напишан на македонски литературен јазик и се одликува со почитување на стандардите за пишување на ваков вид на стручно дело.

2. **Миленковска, В.,** Павловски, Ѓ., (2000), Општество за 4 одделение, Просветно дело, Скопје. Учебник за основно образование, ISBN 9989-0-0151-0. Издавач: Просветно дело, Скопје. Обемот на учебникот изнесува 112 страници. Делото спаѓа во категоријата на учебници за основно осумгодишно образование, издадено со Решение на Министерството за образование и наука на Република Македонија под број 21-166/2 од 8.11.2000 година. Рецензенти: Проф. д-р Никола Панов, Никола Илиевски и Кериме Вели.

   Книгата Општество за 4 одделение, претставува стручно дело на авторите Миленковска Виолета и Павловски Ѓорѓи и е наменета за потребите на учениците во 4 одделение во согласност со наставните планови и програми за основно образование во Република Македонија. Врз основа на долгогодишната научна и стручна работа и долгогодишното занимавање со педагошка дејност, авторите на делото вршат интеграција на теорија и пракса, со што на учебникот му даваат работен карактер преку концепт кој овозможува постапно учење, истражување, размислување, заклучување и генерализирање. Особено значаен белег на делото е одмереност и прилагоденст на психофизичките способности на учениците од четврто одделение за кои е наменет.
   Делото Општество за 4 одделение, е второ издание и стручно дело издадено во 2000 година во Скопје од страна на Просветно дело – Скопје, во тираж од 23 000 примероци, во согласност со потребите на новите наставни планови и програми. Посебен придонес во изготвувањето на книгата дале и рецензентите кои се еминентни стручњаци во географската теорија и пракса, што говори за високите стандарди кои авторите ги поставиле пред себе при оформување на ова стручно дело. Делото претставува напредок во развојот на учебникарството и методиката во наставата по општество во основното образование, а нејзиното значење е изразено преку интересниот методско-дидактички и педагошко-психолошки приод при интегрирање на повеќе компоненти на материјата што се обработува.
   Книгата Општество за 4 одделение, поради својот интердисциплинарен карактер, работена е според најновата научна теорија и пракса, користејќи најнови сознанија од повеќе научни области и дисциплини.
   Книгата се состои од 122 страници, додека организацијата на текстот е структурирана во 3 логички поврзани тематски целини. Секоја тема се состои од повеќе наставни содржини кои имаат природен тек и логичен след , кој читателот го воведуваат постапно, од општото кон посебното.
   Основна цел и задача на учебникот Општество за 4 одделение е учениците на наједноставен и лесен начин да добијат основни знаења за нашата држава. Искуството на авторите, овозможува на поинаков начин да се третира предметот Општество во неговото конечно обликување.
   Учебникот ги акцентира посебно природните, културните и историските вредности во нашата држава, а на наставникот му остава простор и тој да ја проширува и надградува

наставната содржина за посолидна категорија на ученици, а сето тоа го збогатува низ прошетка и екскурзии на планини, езера, фабрики, музеи, спомениciод нашата поблиска и подалечна татковина.
Учебникот има работен и истажувачки карактер преку кој може ученикот самостојно да учи, што е посбно значајно за врасната група за која е наменет.
Особено значаен белег на делото е одмереност и прилагоденст на психофизичките способности на учениците на кои им е наменет. Насловот на делото е јасен и информативен, а стилот и јазикот се едноставни, разбирливи и прилагодени на потребите на учениците. Текстот е пишуван прегледно, на македонски литературен јазик и се одликува со почитување на сите фонетски, морфолошки, синтаксички и правописни норми. Истиот има внимателно избрани илустрации и фотографии кои го појаснуваат текстот, додека картите, табелите и графичките прикази претставуваат само поедноставно прикажување на изложената материја.
Книгата се состои од 122 страници, додека организацијата на текстот е структурирана во 3 логички поврзани тематски целини:
Нашата татковина Република Македонија
Животот и работата на луѓето во Република Македонија
Од минатото на македонскиот народ и националностите
Секое поглавје се состои од повеќе наставни содржини со различен опфат на страни, кој се должи на важноста, значењето и тежината на оделна материја која се обработува во наставната целина. Во рамки на разработениот материјал, во сите теми застапен е релевантен фонд на прашања, задачи и напатствија кои упатуваат на критичко размислување и интерактивност на часовите, со што на учебникот му дава карактер на работен материјал, а ученикот го става во позиција на истражувач.
Уште на почетокот наместо вовед, авторот преку обраќање до учениците на многу интересен сценски начин, го наведуваат значењето, потребата и прилагодувањето на овој вид на литература на состојбите во процес на совладување на наставното градиво, како и осовременување на учебниците за поефикасно изучување на предметот општество.
Во првата тема под наслов: Нашата татковина Република Македонија, авторите даваат јасен вовед со опишување на географската положба, сообраќајната поврзаност, границите и големината, симболите и природно-географски карактеристики на Република Македонија. Темата се состои од 10 наставни содржини.
Втората тема под наслов Животот и работата на луѓето во Република Македонија, наставниот материјал е содржан во 27 наставни единици, каде многу јасно и опширно се објаснува животот и работата на луѓето во Република Македонија.
Третата тема под наслов Од минатото на македонскиот народ и националностите, концизно се објаснети карактеристиките на историскиот развој на македонскиот народ и народностите, како и историските периоди и општествените прилики низ вековите наназад. Оваа тема се состои од 13 наставни содржини.
Учебникот следи современи методи, активности и дидактички насоки за реализација на наставните програми, а на учениците им се нуди постепено и систематизирано разработување на поимите, од поедноставно кон посложено и од поблиско кон подалечно.

3. Павловски, Ѓ., **Миленковска, В.** (2000), Работни листови по ОПШТЕСТВО за 4 одделение. Издавач: Просветно дело, Скопје. Обемот на Работните листови изнесува 68 страници. Делото спаѓа во категоријата на работни незадолжителни материјали за основно осумгодишно образование. Рецензенти: Проф. д-р Никола Панов, Никола Илиевски и Кериме Вели.
Работните листови по ОПШТЕСТВО за 4 одделение, претставуваат стручно дело на авторите: Павловски и Миленковска, наменето за потребите на ученици од четврто одделение. Делото е адаптирано на учебникот по општество за 4 одделение, во согласност со

наставните планови и програми за основното осумгодишно образование во Република Македонија.
Авторите во делото вршат интеграција на развојни наставни цели на географијата од аспект на теорија и пракса. Делото има работен карактер и е конципирано на начин кој овозможува постапно самостојно учење и проверување на стекнатите знаења на учениците, преку класифицирање на прашањата на неколку нивоа, од најниско ниво, преку разбирање, примена, анализа, синтеза и евалуација како највисоко ниво на знаење. Особено значаен белег на делото е одмереност и прилагоденст на психофизичките способности на учениците на кои им е наменет.
Секое поглавје се состои од повеќе наставни содржини со различен опфат на страни, кој се должи на важноста, значењето и тежината на оделна материја која се обработува во наставната целина.
Делото на коавторот Виолета Миленковска, издадено е во 5 000 примероци, како работен материјал за ученици од осумгодишно основно образование, пред се за проверка и интегрирање на информациите што се дадени во учебникот со квантумот на потребни знаења кои треба да ги има ученикот. Главен фокус е даден на развивањето на истражувачката работа на учениците, преку експерименти, собирање докази, изведување на заклучоци од резултатите, како и артикулација на истите. Содржините се придржуваат кон современите достигнувања на географијата како научна област. Тие ги стимулираат учениците за примена на знаењата и го поттикнуваат истражувачкиот дух, а богатите илустрации и визуелни прилози го олеснуваат тој процес, преку прегледно и јасно прикажување на податоците, појавите и поимите.
Делото Работните листови по ОПШТЕСТВО за 4 одделение се состои од 68 страници, организирани во 3 логички поврзани тематски целини:
1. Нашата татковина Република Македонија
2. Животот и работата на луѓето во Република Македонија
3. Од минатото на македонскиот народ и националностите

Секоја тема се состои од повеќе наставни единици со различен, но воедначен обем на добро осмислени и структуирани прашања и задачи.
Делото Работните листови по ОПШТЕСТВО за 4 одделение, на самиот почеток има јасно дадено напатствие за употреба, во кое е наведено значењето на делото во совладување на наставниот материјал и самостојна работа на учениците.
Во првата тема под наслов Нашата татковина Република Македонија, преку прашања и задачи, обработени се сите природно-географски карактеристики на Република Македонија во 10 наставни единици.
Во втората тема под наслов Животот и работата на луѓето во Република Македонија, обработен е наставниот материјал содржан во 27 наставни единици, животот и работата на луѓето во Република Македонија.
Третата тема под наслов Од минатото на македонскиот народ и националностите, преку прашања и задачи, го третира минатото на македонскиот народ и националностите, карактеристиките на историскиот развој и историските периоди низ вековите наназад. Оваа тема се состои од 13 наставни содржини.
Комбинација на учебник и работни листови како извор на знаења, ги стимулира учениците и едновремено овозможува наставниците да ги збогатат часовите, со што ја поедноставуваат подготовката за часовите и работата со учениците. Како корисен и незадолжителен работен материјал за ученици, во целост ја оправдува намената за која е издадена. Стилот и јазикот на кој е пишувано делото како и користената литература го изразува долгогодишното искуство и огромниот труд кој авторот го вложил консултирајќи бројни релевантни извори со цел на учениците да им даде моќна алатка во совладување на материјата која се обработува.

Работните листови по ОПШТЕСТВО за 4 одделение се одликуваат со едноставен и разбирлив стил. Текстот е напишан на македонски литературен јазик и се одликува со почитување на стандардите за пишување на ваков вид на стручно дело. Истото има внимателно избрани илустрации и фотографии, карти и графички прикази, кои ги олеснуваат барањата во изложената материја.

2.2.5.2. После избор во звање вонреден професор

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. **Violeta Milenkovska** PhD, Mirjana Markovska and Ljubisa Nikolovski PhD, Promotion: womanleadership and alternative methods for resolving businessconflicts and canges in the organization". UTMS Journal of economics, Vol. 8 No. 2 (pp. 183-192) Decembre 2017 (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%208%20No.%202/UTMSJOE-2017-0802-12-Milenkovska-Markovska-Nikolovski.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци RePEc, UlrichWeb (Global Serial Directory) USA, Index Copernicus Poland, EBSCO Host, USA.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација: J53*

Опис на трудот

Новите технолошки промени значително го менуваат начинот на работа на луѓето, начинот на комуникација, внатре во компанијата и надвор од неа, и ги менуваат односите во сферата на конкуренцијата. Сите промени се значајни и го одразуваат раководството и управувањето со компаниите. Денес се верува дека без вистинско лидерство, компаниите не можат да постигнат натпросечни перформанси; напротив, тие би стагнирале на некое просечно ниво или ќе потонат под просекот. Во однос на турбулентните промени, секоја организација има потреба од лидери кои можат да го водат процесот на промени. На тој начин, жената претприемач станува една од создавачите на успешни семејни бизниси и нови работни места.

Истражувањето во овој труд е насочено кон промовирање на женското лидерство, како и алтернативни методи за решавање на конфликти во бизнисот, или услови, пречки и можности за зголемено вклучување на арбитража и медијација во светот и особено во Република Македонија. Вториот, дури и повеќе од трендовите на интензивно намалување на трошоците, зголемување на ефикасноста, технолошки придобивки со можности за моментален трансфер на информации, мобилност во сите сегменти од животот, ја наметнуваат потребата од надминување на традиционалното водење на судските постапки и да се бараат нови ефективни начини за решавање

на спорови и конфликти преку иницирање на горенаведената алтернатива процедури - арбитража и медијација.
Од друга страна, во таа смисла, се прави обид да се истражи дефиницијата, влијанието, улогата и важноста на жената лидер во спроведувањето на горенаведените алтернативни методи за решавање на конфликтите помеѓу актерите во претприемничкиот бизнис и деловната активност на внатрешно и надворешно ниво.
Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува истражување на влијанието, улогата и важноста на жената лидер во спроведувањето на алтернативните методи за решавање на конфликтите помеѓу актерите во претприемничкиот бизнис и деловната активност на внатрешно и надворешно ниво.
Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката во однос на промовирање на женското лидерство во претприемачкиот бизнис и животот. Личното искуство особено во сферата на решавање на конфликти во бизнисот, или условите, пречките и можности за зголемено вклучување на арбитража и медијација во оваа сфера.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2. Aleksandra Stoilkovska PhD, **Violeta Milenkovska** PhD, Gordana Serafimovic MSc, "Discrimination in employment based on political affiliation", Trenčianska univerzita Alexandra Dubčeka v Trenčíne. University Review, Vol. 12, 2018, No.1, (pp. 27-34)

- *Достапност на трудот:* https://ur.tnuni.sk/index.php?id=48
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци RePEc, UlrichWeb (Global Serial Directory) USA, Index Copernicus Poland, EBSCO Host, USA.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1339-5017
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* J53

Опис на трудот
Овој труд тврди дека во трите региони во Западна Словачка постои инверзна врска помеѓу нивото на социјален капитал и нивото на изборно учество. Првте ги покажуваат податоците за нивоата на социјален капитал во трите регионални центри Тренчин, Трнава и Нитра и вторите кои говорат за тоа како исто така може да се добијат податоци за одделни области.
Потоа, во трудот се споредуваат овие податоци со нивото на изборно учество на парламентарните избори во 2012 и 2016 година. Преку нив се открива дека на ниво на пет природни регионални единици, обратната врска е доста значајна. На ниво на 30 области, обратната врска е значајна само ако не се вклучт трите нетипични области на регионалните метрополи. Овие имаат високи нивоа и на социјален капитал и на изборно учество. Се покажува дека обратната врска е последица на различните обрасци на политичката култура во природните региони.
Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува истражување на инверзната врска помеѓу нивото на

социјален капитал и нивото на изборното учество преку трите регионални центри Тренчин, Трнава и Нитра преку кои се добиваат податоци за одделни области.
Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката, односно во споредувањето на податоците со нивото на изборно учество на парламентарните избори во 2012 и 2016 година во однос на промовирање на женското лидерство во претприемачкиот бизнис и животот.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

3. **Milenkovska, Violeta,** and Blagica Novkovska. 2018. How to Establish Uniform Higher Education Quality Management System for Macedonia. UTMS Journal of Economics 9 (2): 213–220.

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.%209%20No.%202/UTMSJOE-2018-0902-10- Milenkovska-Novkovska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6982 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* I21; I29; K39

Опис на трудот
Управувањето со целосниот квалитет на високообразовните институции е од огромно значење за современото општество и претставува зголемен интерес за истражувачите.
Во овој труд детално се дискутира прашањето за ефективно воспоставување на систем за управување со целосен квалитет во високото образование во Македонија. Се дискутира за моменталната состојба на системот и законодавната околина. Откриено е дека по значителни промени во системот, воспоставено е стабилно развиено правно опкружување. Детално се дискутирани движењата на бројот на дипломирани студенти во периодот 2000-2016 година и е идентификувано потеклото на варијациите. Забележано е заситување на овој индикатор во последната деценија и потеклото на заситувањето е објаснето. Врз основа на искуствата од другите земји со развиен високообразовен систем, се даваат предлози за воспоставување ефикасен систем за управување со тотален квалитет за случајот Македонија. Предложен е детален модел за воспоставување на заеднички систем за управување со целосен квалитет.
Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува добивањето на нови сознанија за движењата на главните индикатори за опфатот и постигањата на системот на високото образование и предложен е ефикасен систем за управување со церлосниот квалитет за случајот Македонија.
Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за утврдување на врски помеѓу индикаторите за појавите преку статистичко моделирање, како и практичното владеење со методите за воспоставување на управување со целосниот квалитет, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

4. **Milenkovska, Violeta,** and Blagica Novkovska. 2019. How To Build Total Quality Management System For Higher Education In A Small Country. UTMS Journal of Economics 10 (2): 227–235.

- *Достапност на трудот:* https://www.utmsjoe.mk/files/Vol.%2010%20No.%202/UTMSJOE-2019-1002-08-Milenkovska-Novkovska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0.1 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* I21; I29; K39; M3

Опис на трудот

Во овој труд детално е разгелдано прашањето за ефективно воспоставување на систем за управување со целосен квалитет во високото образование во Македонија. Врз основа на искуствата од другите земји, се даваат предлози за случајот со Македонија. Во Македонија, суштински промени се случија во последните две децении: воведување на Болоњскиот систем, формирање приватни високообразовни институции, придружени со повеќекратни измени на соодветната државна регулатива. По период на интензивни промени, актуелната состојба на високообразовниот систем е релативно стабилна, што овозможува воведување на во голема мера применлив систем за управување со квалитет наменет да се користи на долг рок. На централно ниво, одредена улога се очекува да има Агенцијата за квалитет на високото образование, одговорна за акредитација и евалуација на високото образование во Македонија, според новиот закон. Целта на системот за целосно управување со квалитетот во високото образование е да се постигнат задачите на институцијата на ефикасен начин, задоволувајќи ги потребите на корисниците по разумна цена на услугите. Тој систем се состои од збир на активности кои редовно се извршуваат со цел да се постигнат дадените цели. ИСО 9000 стандардот важи генерално за разни видови на организации.

Неколку специфичности треба да се земат во случајот на високото образование. Во литературата се покажува дека основата за управување со целосен квалитет може да се формира со користење на моделирање на деловни процеси. Особено внимание при креирањето на моделите треба да се посвети на задоволството на дипломираните студенти. Често се земени предвид и трајното подобрување на перформансите, лидерството и тимската работа. Општествената одговорност на компанијата заедно со ефективниот систем за управување со целосен квалитет обезбедува солидна основа за одржливо подобрување на перформансите на институцијата. Од особено значење е употребата на теоријата на заинтересирани страни во креирањето на моделот, бидејќи деловите вклучени во процесот имаат суштински различни карактеристики.

Ефективниот систем треба да произведе вредност за сите засегнати страни. Покрај тоа, за да се искористи максимум од вкупниот систем на управување, потребно е организациско учење. Авторите сметаат дека во следниот период ќе бидат воспоставени оптимални услови за воведување униформен систем за управување со целосен квалитет кој ќе поддржи забрзано подобрување на квалитетот на високото образовните услуги.

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот претставува утврдувањето на можностите за ефективно воспоставување на систем за управување со целосен квалитет во високото образование во Македонија и предлагањето на структура на таков систем, за која се очекува да биде функционална и екфикасна.

Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и

методолошко владеење на проблематиката на системите за целосно управување со квалитетот.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

5. **Violeta Milenkovska** PhD, Julijana Petrovska MSc, and Aleksandra Stoilkovska PhD, "Positive attitude towards business ethics and socialresponsibility for improving corporate image" UTMS Journal of Economics, Vol. 10 No. 1 (pp. 97–107), June 2019 (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* http:// http://www.utmsjoe.mk/files/Vol.%2010%20No.%201/UTMSJOE-2019-1001-08-Milenkovska-Petrovska-Stoilkovska.pdf

- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2,5 бодови
- *JEL класификација:* A13; M14; M21

Опис на трудот
Трудот се занимава со елементите на деловната етика и општествената одговорност, како важни фактори за подобрување на корпоративниот имиџ на организациите, а со тоа и постигнување конкурентска предност на пазарот.
Конкурентноста и развојот на организацијата во услови на сè понагласени глобализацијата зависи од способноста на менаџерите да донесуваат општествено одговорни одлуки и да ги задоволуваат различни барања на заинтересираните страни (поединци и групи). Општествената одговорност е модерен концепт на раководството и управувањето со организациите и бизнисот воопшто, во кои организациите доброволно вклучуваат засегнати страни и поставува социјални и еколошки стандарди. Трудот се фокусира на модерниот бизнис етика, етички принципи и општествена одговорност што треба да ги имаат менаџерите, бидејќи од нив се очекува најмногу дејствува одговорно и етички, а со тоа и да придонесе за унапредување на општествените вредности што претставуваат препознатлив идентитет и корпоративна слика на организациите.
Емпириско истражување покажува дека вработените и менаџерите во деловните организации го имаат потребното знаење и позитивни ставови во врска со концептот на општествена одговорност. Истражувањето, кое е фокусирано на идентификување на влијанието на етиката и корпоративните одговорност во подобрувањето на корпоративниот имиџ на деловните организации, истакнато важноста на концептот на општествена одговорност на компанијата и имплементација во организации, со цел да се подобри имиџот на компанијата. Преку концептот на одговорно социјална работа и градење етичка култура кон заедницата, организациите се обидувајќи се да ги подобрат своите перформанси, со што се постигнува конкурентска предност на пазарот и сигурен профит на долг рок. Истражувањето покажува дека вработените и менаџерите во деловните организации го имаат потребното знаење и позитивни ставови во врска со концептот на општествена одговорност, и ако во заедницата постои можност за одредени придобивки за компаниите, тогаш може да се очекува да го подобри имиџот на деловни организации.
Деловната етика и општествено одговорното однесување придонесуваат за успех во бизнисот и помогне во личната надградба на менаџерите и вработените, затоа денес тие претставуваат

императивот на современото етичко управување.
Успехот на секој деловен субјект зависи од инвестирање во етичко управување и социјална одговорност, што е секако голем чекор напред во однос на границите поставени повеќе од два века кога беа менаџерите и сопствениците на деловните активности фокусирани на создавање профит. Промените во општеството и со промена на перцепцијата на сите засегнати страни во процесот во врска со третираниот субјект, деловните организации денес се повеќе се фокусираат на одговорна социјална работа, грижа за социјалната заедница и животната средина. Денес, сè повеќе, тие стануваат критериуми без кои просперитетот и работата на деловните организации не можат да се проценат.
Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува докажувањето на поврзаноста на успехот на секој деловен субјект и создавањето на профит со вложувањето во одговорна социјална работа, грижа за социјалната заедница и животната средина.
Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката и во потврдувањето дека постои позитивен став во околината на национална економија за напредување кон деловна етика и општествено одговорна економија.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

6. Novkovska, Blagica, and **Violeta Milenkovska**. 2020. How to build robust on-line job-interview resistant to health-risk generated crises. UTMS Journal of Economics 11 (2): 243–250.

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.11.No.2/HOW_TO_BUILD_ROBUST_ONLINE_JOB_INTERVIEW_RESISTANT_TO_HEALTH- RISK_GENERATED_CRISES.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M51, O15, O33

Опис на трудот
После почетокот на пандемијата КОВИД-19 и забележаниот екстремен негативен ефект врз економијата, стана јасно видливо дека создавањето на систем за вработување на на лица избегнувајќи ги физичките пречки присутни при здравствени ризици е неопходен за одржување на постигнатото ниво на напредок на компанијата. Во овој труд, тековните состојби во врска со прашањето за користење Интернет-интервјуа во процесот на вработување се дискутираат од различни аспекти. Презентирана е квалитативна и квантитативна анализа за важноста на интервјуата преку Интернет и можностите за нивниот развој. Предложена е организација на процесот на вработување, вклучително и интервјуа на Интернет, со користење на софистицирани алатки за анализа на ИКТ. Разгледана е можноста малите и средни компании да користат ваков систем. Вклучувањето на услуги на трети страни е идентификувано како функционално решение за

градење на стабилен систем на регрутирање на кадри.
Се очекува ваквиот пристап да доведе до создавање на робусни системи за интервјуа, отпорни на ненадејни шокови, особено создадените од здравствени кризи.
Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува предлогот за организација на системот на интервјуа за вработување отворен на ненадејни удари, како што се здравствените кризи.
Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 60 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на организација на бизнис ситеми, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. Milenkovska, Violeta. BUSINESS ETHICS AND SOCIAL RESPONSIBILITY AS A FACTOR FOR IMPROVING THE CORPORATE IMAGE OF THE BUSINESS ORGANIZATIONS. 2018. In 6 th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2018, Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs October 15–16, 2018, Skopje, Macedonia, pp. 279–288.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/Abstract_book.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* A13, M14, M21

Опис на трудот
Трудот се занимава со елементите на деловната етика и општествената одговорност, како важни фактори за подобрување на корпоративниот имиџ на организациите, а со тоа и постигнување конкурентска предност на пазарот.
Конкурентност и развој на организацијата во услови на повеќе нагласената глобализација зависи од способноста на менаџерите да прават социјално одговорни одлуки и да ги задоволи различните барања на заинтересираните страни (поединци и групи), а со тоа и да го стават сопствениот корпоративен имиџ на највисоко ниво можно ниво. Општествената одговорност е модерен концепт на лидерство и управување организации и бизнис воопшто, во кои организациите доброволно се залагаат вклучуваат засегнати страни и поставува социјални и еколошки стандарди.
Трудот се фокусира на модерната деловна етика, етички принципи и социјални одговорност што треба да ја имаат менаџерите, бидејќи од нив најмногу се очекува да постапуваат одговорно и етички, а со тоа и да придонесе за унапредување на социјалното вредности што претставува препознатлив идентитет и корпоративна слика на организации.
Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува предлогот за фокусирање на модерната деловна етика, етички принципи и социјални одговорност што треба да ја имаат менаџерите на организација со цел да се придонесе за унапредување на социјалното вредности што претставува препознатлив идентитет и корпоративна слика на организации.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката и практична примена на истата. *Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2.Violeta Milenkovska Julijana Maksimovska Julijana Petrovska, Principal attitude towards employees in order to improve the organizational climate. 2020. In 7 th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2020, ALTERNATIVE PATHS FOR DEVELOPMENT OF EMERGING ECONOMIES IN GLOBAL BUSINESS ENVIRONMENT (11th November 2020).

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.11.No.2/HOW_TO_BUILD_ROBUST_ONLINE_JOB_INTERVIEW_RESISTANT_TO_HEALTH- RISK_GENERATED_CRISES.pdf
- EL classification: A2; I21; I250; I260

Опис на трудот
Трудот претставува акционо истражување кое е спроведено со цел докажување на поврзаноста на принципиелниот однос на менаџментот кон вработените со добрата организациската клима, која е еден од клучните фактори за постигнување на ефикасноста во работата.
Во секоја организација, особено во училиштата, во поглед на градење на добра организациска клима, значајно место зазема комуникацијата меѓу вработените. Принципиелниот однос во комуникација помеѓу вработените претставува дополнителна мотивација за постигнување на подобри резултати. Во организацијата каде менаџерите имаат принципиелен и доследен однос кон сите вработени, мотивираноста на поединците за извршување на работните задачи е голема. Во училишта каде што покрај формалната организација, постои и неформална, и каде постојат стабилни и принципиелни релациски односи, секој учесник во процесот има чувство на припадност.
Во трудот спроведено е истражување, како студија на случај во образовна институција. При тоа извршено е анкетирање на вработените, со анкетен прашалник од затворен тип.
Во трудот докажана е хипотезата за поврзаноста на принципиелниот однос на менаџментот кон вработените со ефикасноста на организациската клима.
Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот ја претставува и докажува поврзаноста на принципиелниот однос на менаџментот кон вработените со ефикасноста на организациската клима.
Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско, методолошко и практично владеење на проблематиката.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

3. Violeta Milenkovska PhD, Milenkovska Angela MSc, “The impact of comunication in primary and secondary schools for promoting the efficiency of the educational process” , ICON BEST 2016 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 5th Jubilee International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management"

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%

Опис на трудот
Во трудот Влијанието на комуникацијата во основните и средните училишта за унапредување на ефикасноста на образовниот процес авторите ја истакнуваат важноста на комуникација во образовните институции при надминување на различни тешкотии и недоразбирања.
Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот, се состои во елаборирање на влијанието на комуникацијата во основните и средните училишта за унапредување на ефикасноста на образовниот процес.
Личен научен придонес на авторот
Личен придонес на авторот (50%): Личниот придонес на авторот се гледа во неговата тесната специјалност за обработка на овој вид материја, како и во препораките за унапредување на образованието.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

4. **Milenkovska, Violeta.** Marija Apostolova Nikolovska. 2020. COVID - 19 AND PROVIDING QUALITY TEACHER EDUCATION: KEY TO BUILD A RESILIENT MACEDONIAN EDUCATION SYSTEM. 2020. In 7 th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2020, ALTERNATIVE PATHS FOR DEVELOPMENT OF EMERGING ECONOMIES IN GLOBAL BUSINESS ENVIRONMENT, Skopje, Macedonia, pp. 84.

- *Достапност на трудот:* https://www.inclusivegrowth.eu/files/TNA-reporting-forms/Petroula-M.-Mavrikiou-presentation.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* A2; I21; I250; I26
- *Опис на трудот*

Трудот се занимава со елементите на постојаното менување на условите на образованието како важени фактори за подобрување на националните економии.
Денес, образовните услуги постојано се развиваат и се менуваат, а со тоа и дефиницијата за квалитет образованието треба да се развива и менува, што вклучува квалитетно учење и квалитетно предавање. Инвестирање во квалитетно образование за наставници е клучно за градење на поотпорен образовен систем по пандемијата Ковид-19.
Покрај тоа, потребна е подобра подготовка на наставникот за час, вклучително иновации и решавање проблеми управуваат со комплексни непредвидени состојби. Исто така, потребно е да се инвестира во континуирана професионална работа, на работно место
развој и обука со цел да се зајакнат наставниците, како и да се осигура дека наставниците работат вклучени во системската реформа на образованието, така што секој има знаење и вештини потребни за да се осигура дека бр еден е оставен зад себе.
Во овој труд акцентот е ставен на фактот дека квалитетно образование има клучна улога за наставниците во обликувањето на вредности на идните генерации. Анализа на релевантно истражување за дигиталните компетенции на наставниците за време на
Covid - 19 пандемија, потребно е да се заклучи дека тие имаат огромно влијание за да се осигура дека следниот генерација е подготвена да стане проактивен агент за промени во нашето општество и затоа надлежни институциите мора да инвестираат во квалитетно образование.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува придонесот во итражување за дигиталните компетенции на наставниците за време на Covid - 19 пандемија и препораки за унапредување со вложување во квалитетно образование.
Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско, практично и методолошко владеење на проблематиката.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2.2.6. Учество во научни проекти

Од март 2009 година, доц. д-р Виолета Миленковска е член на проект: „Мерење на важноста на влијанието на туризмот врз економијата на Р. Македонија. Проектот се изведува врз основа на самофинансирање на Факултетот за туризам во Скопје.
Целта на проектот е да се зголеми способноста за понатамошна примена на економските истражувања на туризмот во Република Македонија и зголемување на степенот на познавање на релевантните стопански чинители на македонскиот туризам во меѓународното опкружување. Со оглед на различниот степен и вид на економски проблеми кои се адресираат, целите на проектот се унапредување и прилагодување на методологијата на истражување, како и решавање на релевантни прашања од областа на економиката на туризмот на микро, макро и на ниво на индустрија.
Содржина на проектот: Проценка на вкупните економски чинители на туризмот укажуваат на неговата огромна важност за стопанството на Република Македонија, но е потребно значително унапредување на способноста за анализирање на економските чинители на туризмот во Република Македонија. Проектот е втемелен на сознанието дека одредени подрачја во Република Македонија, се недоволно присутни во применетите истражувања на туризмот и дека специфичните услови за одвивање на стопанските активности во туризмот во Република Македонија овозможуваат проверка на подинечни економски теоретски концепти и модели. Проектот има за цел зголемување на способноста за понатамошна примена на економски истржувања врз туризмот и зголемување на степенот на познавање на релевантните стопански чинители на македонскиот туризам во меѓународното опкружување, и тоа:
Развој на модели за предвидување на идните движења на туристичката побарувачка во Македонија на краток и среден рок на степен на поединечни пазари
Утврдување на учинковитоста на постоечкиот систем на државна поддршка во Република Македонија врз развојот на туризмот и вреднување на учиноците на дополнителните современи инструменти на финансирање и државна потпора.
Протоколот на истражување е прилагоден на вообичаените фази на истражување во туризмот, а дефинирањето на моделите и дизајнот на истажување се разликува зависно од анализираните теми при што обработката на податоците опфаќа дескриптивна анализа со цел да се утврдат факторите на влијание на туристичката побарувачка како и примена на економски, статистички и економетриски методи. Важноста на проектот произлегува од унапредување на основата за спроведување на стратешки и оперативен менаџмент на сите степени на одвивање на туристичката активност како и дефинирање на туристичката политика на државно, регионално и дестинациско ниво. Со проектот исто така ќе се унапреди и методологијата на изработка на туристички сателитски биланс на Република Македонија.

2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат неговата повеќегодишна активна научна дејност, и ја афирмираат проф. д-р Виолета Миленковска како признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, проф. д-р Виолета Миленковска, опфаќа 23 научни трудови, од кои 13 се во категорија а1, со оглед на тоа што се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, а освен тоа, објавил и 10 трудови од категорија а2, со оглед на тоа што се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции.

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на избор на кандидатката.
Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажал способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа менаџментот, за која се предлага во наставно-научно звање. Проф. д-р Виолета Миленковска успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на управувањето (менаџмент) и друго. Проф. д-р Виолета Миленковска поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори. Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека проф. д-р Виолета Миленковска обработува актуелни теми од областа на менаџментот и друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е ***14 години активен во научно-истражувачката работа****;*
- Изработил и одбранил докторска дисертација;
- Објавил вкупно 13 ***научни трудови од категорија а1*** — во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки (**EBSCO** – 7 трудови);
- Во зборници на трудови ***категорија на трудови а2,*** објавил вкупно ***10 трудови***;
- Учествувал како раководител и соработник – истражувач во научни проекти:

- Соработник – истражувач во научни проекти. Од март 2009 година, доц. д-р Виолета Миленковска е член на проект: „Мерење на важноста на влијанието на туризмот врз економијата на Р. Македонија. Проектот се изведува врз основа на самофинансирање на Факултетот за туризам во Скопје.
- Целта на проектот е да се зголеми способноста за понатамошна примена на економските истражувања на туризмот во Република Македонија и зголемување на степенот на познавање на релевантните стопански чинители на македонскиот туризам во меѓународното опкружување. Со оглед на различниот степен и вид на економски проблеми кои се адресираат, целите на проектот се унапредување и прилагодување на методологијата на истражување, како и решавање на релевантни прашања од областа на економиката на туризмот на микро, макро и на ниво на индустрија. *(Прилог).*
- Научни трудови објавува на англиски јазик и на македонски јазик;
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент).
- Активно учествувал на вкупно 8 меѓународно научни конференции *(2 одржани во странство и 1 одржана во земјата)*, со што покажала дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на менаџментот на национално и глобално ниво.
- Активно учествува во работата на органите и телата на УТМС.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на проф. д-р Виолета Миленковска по својот оспег, квлитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат туризмолошката наука, а особено од областа на менаџментот на образование, управување со човечки ресурси и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, проф. д-р Виолета Миленковска, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредила научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека нејзините научни трудови и научен придонес го афирмираат како научник во подрачјето на општествени науки, организациски науки и управување, област на менаџментот на образование, управување со човечки ресурси и друго.

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатот ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот проф. д-р Виолета Миленковска во целост е квалификуван за избор во наставно-научно звање редовен професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент), област 50614 Одлучување, 50622 Управување со човечки ресурси и 50624 Друго,во согласност со условите дефинирани во Член 125 Став 3 од Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018

3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

3.1. Наставна дејност

Кандидатот проф. д-р Виолета Миленковска, на соодветните факултети на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје е ангажирана во наставата на првиот циклус на студии на следните предмети:

- Менаџмент на кариера
- Организациони промени
- Коучинг и менторство
- Психологија за менаџери
- Вреднување на работата
- Вреднување и задржување на човечки ресурси

Настава на вториот циклус на студии

Кандидатот проф. д-р Виолета Миленковска, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје е ангажирана и во наставата на вториот циклус на студии на следните предмети:

- Андрагогија

Во рамки на наставната активност, д-р Виолета Миленковска, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно научниот развој.

Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што постојано со студентите дел од наставните активности ги изведуваат преку наставни практикуми изразени преку теренски патаувања.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредува наставниот процес а кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување, а воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредил својот наставен процес на Универзитетот за туризам и менаџмент, особено по предметите погоре наведени.

Кандидатката исто така, во средината ужива углед на амбициозна и посветена на наставата, која истовремено ги прати светските трендови во менаџментот на адекватен начин ги интерпретира и им ги пренесува на студентите.

Била ментор на повеќе магистерски труда, претседател и член на комисија за изработка и одбрана на повеќе магистерски труда.

3.2. Оценка од самоевалуација

Во 2017-2019 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје спроведена е самоевалуација на наставниот кадар.

Според добиените резултати проф. д-р Виолета Миленковска на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси има постигнато просечна оценка од 4,7. Ова покажува дека проф. д-р Виолета Миленковска има позитивна оценка во однос на наставната дејност, која е добиена со анкетирање на студентите кои ги изучуваат овие предмети.

3.3. Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност, проф.д-р Виолета Миленковски, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.

Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, но и вклучување на гости предавачи од практиката во рамките на предавањата.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредила наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Во рамки на наставно-научната дејност, кандидатот бил активно инволвирана во работа со студентите (предавања и консултации, изработка на семинарски трудови и есеи и останати дополнителни активности поврзани како за наставно-научниот процес на студентите).

Проф. д-р Виолета Миленковска била ментор на над 70 дипломски трудови, 58 магистерски трудови, како и претседател и член на Комисија за одбрана на 186 магистерски трудови.

На помладите наставници и соработници им помага во наставно научниот развој. Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што постојано со студентите дел од наставните активности ги изведуваат преку наставни практикуми изразени преку теренски патувања.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредил наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите и висока, позитивна оценка од студентската самоевалуација.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредила својот наставен процес на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси.

Исто така, кандидатот во средината ужива углед на амбициозен и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на туризмот и менаџментот и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Со својата стручна работа, проф. д-р Виолета Миленковска дава придонес во подобрување на квалитетот на работа во образованието на сите нивоа, како и севкупниот развој на образовниот менаџмент во Република Македонија.

Кандидатката, со својата стручна дејност која се согледува во пишување и објавување на стручни дела од областа на образованието и менаџментот, своето искуство го пренесува на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Пораките кои ги испраќа на предавањата, на многу суптилен начин ги упатува слушателите на размислување како треба да се применуваат ефективно стратегии за создавање на успешен образовен менаџер, како и подобар развој на образованието и менаџментот воопшто.
Трудовите проф. д-р Миленковска: „Играта и игровните активности, значајна форма на работа со децата од предучилишна возраст“ и „Набљудувањето значаен метод на работа со децата од предучулишна возраст“, во издание на Просветно дело, Скопје, застапени се како задолжителна литература на Факултетот за образовни науки во Штип, на студиските програми по предметот Методика на воспитно образовната работа по природа и општество 1.
Проф. д-р Виолета Миленковска од 2015 година до денес го раководи Департманот за студентска грижа на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, кој е дел од новата програма која е воспоставена од страна на Ректорската Управа на Универзитетот. Програмата која има за цел да обезбеди услуги за подобра грижа на студентите од социјално ранливите категории, но и на оние кои од најразлични причини е потребно да бидат опфатени со оваа програма. Департманот за студентска грижа дава професионални услуги за сите факултети и студенти на Универзитетот. Надлежноста на Департманот е поделена на три клучни функции:

- ✓ Помагање на студентите во општите прашања
- ✓ Поддршка и насочување на студентите и
- ✓ Психо-социјална поддршка и советување

Наведените факти ја заокружуваат сликата за кандидатот, како активна и стручно определена личност, која мошне успешно своето знаење го пренесува на поширокота стручна јавност од областа на образованието и менаџментот. Како стручна и општествено одговорна личност, доц. д-р Виолета Миленковска со своите активности го поттикнува поширокото стручно опкружување на усовршување и следење на современите трендови во наведените области во државата.

4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, проф. д-р Виолета Миленковска, како активна и стручно определена личност, која со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на поширокота јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи менаџерски техники и концепти заради унапредување на менаџерските вештини и иновирање на делувањето на современите организации.

Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на тменаџментот и управувањето со човечките ресурси. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на неговиот интерес (менаџмент на човечки ресурси, образовниот менаџмент), како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот развој на организасиските науки и практика во државата.

5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на проф. д-р

Виолета Миленковска, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање редовен професор.

11. Кандидатот **проф. д-р Виолета Миленковска** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.
12. Кандидатот **проф. д-р Виолета Миленковска** има објавени 23 научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија кои се од соодветната област.
13. Кандидатот **проф. д-р Виолета Миленковска** има учество во еден научно-истражувачки проекти.
14. Кандидатот **проф. д-р Виолета Миленковска** има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
15. Кандидатот **проф. д-р Виолета Миленковска** покажува способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.
16. Кандидатот **проф. д-р Виолета Миленковска** бил ментор на над 70 дипломски работи и 58 магистерски трудови, додека како и член на комисија за изработка и одбрана на 186 магистерски трудови.
17. Кандидатот **проф. д-р Виолета Миленковска** има позитивна оценка од самоевалуација.
18. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **проф. д-р Виолета Миленковска** и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
19. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
20. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на менаџментот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно научниот совет на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси** на **Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, проф. д-р Виолета Миленковска** да го избере во наставно-научно звање **редовен професор** *во научно-истражувачкото подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент), област* : 50614 Одлучување, 50622 Управување со човечки ресурси и 50624 Друго, .

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Александра Стоилковска, редовен професор, претседател, с.р.

Проф. д-р Константин Петковски, редовен професор во пензија, член, с.р.

Проф. д-р Сашо Кожухаров, редовен професор, член, с.р.

Прилог 1. Рекапитулација на научните и стручните трудови на кандидатот

Вид на трудот	Пред избор во вонреден професор	После избор во вонреден професор	Вкупно
НАУЧНИ ТРУДОВИ 1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија	7	6	13
2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции	5	5	10
3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции			
4. Книги	3		3
ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ	15	11	26
СТРУЧНИ ТРУДОВИ 1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии	2		2
2. Прирачници	1		1
ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ	3		3
4. Други трудови			
ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ	18	11	29

Прилог 2. Список на научните и стручните трудови според категории

Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. Joshevska, F., Petkovski, K., Milenkovska, V., (2015), „**Personal characteristics and social values as factors for (non) - practicing organizational learning“**, MERIT RESEARCH JURNALS of EDUCATION, 2015. (pp.254-258).

2. Petkovski, K., Joshevska, F., Milenkovska, V., (2015), **Non-practicing the dialogue as a factor of non-development of the organizational learning**, Global Journal of Management and Business Research: B Economics and Commerce Volume 15 Issue 5 Version 1.0, USA, 2015. (pp13-18). 2015 (EBSCO)

3. Violeta Milenkovska, Zoran Strezovski, and Angela Milenkovska. 2015. **Macedonian Tourist Product: Current Status and Perspectives.**UTMS Journal of Economics 6 (2): 331–340. (EBSCO)

4. Violeta Milenkovska, Zoran Strezovski, and Angela Milenkovska. 2015. **Promotion: Branding Tool for Macedonia as a Tourist Destination**.UTMS Journal of Economics 6 (2): 355–363. (EBSCO)

5. Stoilkovska Aleksandra, Milenkovska Violeta, Ristovska Natasha, 2015. "**Intrapreneurial management approach: innovations and creativity as factors for sustainable development of the companies",** SYLWAN Journal, Vol. 159, Issue. 6 (pp. 123-133), Warszawa, Poland, June 2015 (impact factor, Web of Science)

6. Миленковска, Виолета. (2011.), „**Современи тенденции во работата на туризмот**“, UTMS Journal of Economics Volume 2, Number 1, (37 - 50).

7. Stoilkovska, Aleksandra, **Violeta Milenkovska,** and Gordana Serafimovic. 2013. The influence of family relations on decision making in family businesses. Special issue, UTMS Journal of Economics 4 (1): 17–26.

8. **Violeta Milenkovska** PhD, Mirjana Markovska and Ljubisa Nikolovski PhD, Promotion: womanleadership and alternative methods for resolving businessconflicts and canges in the organization". UTMS Journal of economics, Vol. 8 No. 2 (pp. 183-192) Decembre 2017 (EBSCO)

9. Aleksandra Stoilkovska PhD, **Violeta Milenkovska** PhD, Gordana Serafimovic MSc, "Discrimination in employment based on political affiliation", Trenčianska univerzita Alexandra Dubčeka v Trenčíne. University Review, Vol. 12, 2018, No.1, (pp. 27-34)

10. **Milenkovska, Violeta,** and Blagica Novkovska. 2018. How to Establish Uniform Higher Education Quality Management System for Macedonia. UTMS Journal of Economics 9 (2): 213–220.
11. Novkovska, Blagica, and **Violeta Milenkovska**. 2020. How to build robust on-line job-interview resistant to health-risk generated crises. UTMS Journal of Economics 11 (2):243–250.

12. Milenkovska, Violeta, and Blagica Novkovska. 2019. How To Build Total Quality Management System For Higher Education In A Small Country. UTMS Journal of Economics 10 (2): 227–235.

13. **Violeta Milenkovska** PhD, Julijana Petrovska MSc, and Aleksandra Stoilkovska PhD, "Positive attitude towards business ethics and socialresponsibility for improving corporate image" UTMS Journal of Economics, Vol. 10 No. 1 (pp. 97–107), June 2019 (EBSCO)

Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. Миленковска, **Виолета.** (2008), "Влијанието на опкружувањето врз обемот на туристичкиот промет", Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум "Туризмот во 21 век", Факултет за труризам, Скопје Мегународен конгрес на УТМС, Скопје.

2. Stoilkovska Aleksandra, **Milenkovska Violeta.** (2009). EMOTIONALLY INTELLIGENT ORGANIZATION, The international Congress of Tourism and management: "The Challenges and Perspectives of the Tourism and Management" September 2009, Skopje, Macedonia, (26-27).

3. Stoilkovska, A., **Milenkovska, V.,** Serafimovic, G., (2013), The Corellation Between Organizational Climate and Efficiency of Teams, The Third International Scientific Congress – Biennale, Collection of papers of the Congress on the theme, ICON BEST

4. Stoilkovska, A., **Milenkovska, V**., Angelovski, K., (2013.), "Ethical management of Human Resources as a Way of Raising Awareness for Social Responsibility of the Employees", The Second International Scientific Conference – Employment, Education and Entrepreneurship (EEE, 2013), 295-305, Belgrade, Sebia, 16-18 October, 2013

5. Stoilkovska, A., Milenkovska, V., Angelovski, K., (2013.), "Ethical management of Human Resources as a Way of Raising Awareness for Social Responsibility of the Employees", The Second International Scientific Conference – Employment, Education and Entrepreneurship (EEE, 2013), 295-305, Belgrade, Sebia, 16-18 October, 2013

6. **Миленковска, Виолета,** Стојановски, Б., Петровска, J., (2015), Надворешната евалуација во функција на обезбедувањето на квалитетот во образованието, Зборник на трудови, Меѓународен конгрес ИКОН БЕСТ, УТМС, Скопје.

7. **Violeta Milenkovska** PhD, Milenkovska Angela MSc, "The impact of comunication in primary and secondary schools for promoting the efficiency of the educational process" , ICON BEST 2016 - International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism, 5th

Jubilee International Scientific Congress "Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management"

8. **Milenkovska, Violeta,** and Blagica Novkovska. Perspectives for Total Quality Management in Higher Education in Macedonia. 2018. In 6 th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2018, Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs October 15–16, 2018, Skopje, Macedonia, pp. 279–288.

9. **Violeta Milenkovska** Julijana Maksimovska Julijana Petrovska, Principal attitude towards employees in order to improve the organizational climate, In 7 th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2020, ALTERNATIVE PATHS FOR DEVELOPMENT OF EMERGING ECONOMIES IN GLOBAL BUSINESS ENVIRONMENT, Skopje, Macedonia

10. **Milenkovska, Violeta.** Marija Apostolova Nikolovska. 2020. COVID - 19 AND PROVIDING QUALITY TEACHER EDUCATION: KEY TO BUILD A RESILIENT MACEDONIAN EDUCATION SYSTEM. 2020. In 7 th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2020, ALTERNATIVE PATHS FOR DEVELOPMENT OF EMERGING ECONOMIES IN GLOBAL BUSINESS ENVIRONMENT, Skopje, Macedonia, pp. 84.

Други објавени трудови

1. **Миленковска Виолета.** (2002), "Организациско комуницирање во основните училишта". Научен собир, Скопје.
2. Павловски Ѓорѓи, **Миленковска Виолета**. (2002). "Играта и игровните активности, значајна форма на работа со децата од предучилишна возраст, Просветно дело 1, Скопје. ISSN 0350-6711. (19-22).
3. Павловски Ѓорѓи, **Миленковска Виолета**. (2001), "Набљудувањето значаен метод на работа со децата од предучулишна возраст", Просветно дело 5, Скопје. ISSN 0350-6711. (108-123).
4. Петковски, К., Ламева, Б., Миленковска, В., (2004), **Интегрална евалуација како основа за функционално инспекторирање,** Издавач: Европа 92, Кочани. ISBN 9989-838-08-9. Обемот на учебникот изнесува 112 страници. Делото спаѓа во категоријата прирачници. Рецензенти: .Ќамил Џеладини, Васе Манчев и Ласте Спасовски.
5. Павловски. Ѓ., Миленковска, В., (2000), **Општество за 4 одделение,** Просветно Дело, Скопје.
6. Миленковска, В., Павловски. Ѓ., (2000), **Работни Листови за 4 одделение,** Просветно Дело, Скопје.

ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА

ЗА ИЗБОР НА

Доц. д-р БЛАГИЦА НОВКОВСКА

ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

- **ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ, ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА, ЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА И ДРУГО, ЕДЕН НАСТАВНИК.**

НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

д-р Сашо Ќосев, редовен професор, претседател
Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

д-р Јулијана Ангеловска, редовен професор, член
Економски факултет, Универзитет за Туризам и Менаџмент во Скопје

д-р Наташа Ристовска, вонреден професор, член
Факултетот за претприемачки бизнис, Универзитет за Туризам и Менаџмент во Скопје

	До Наставно-научниот совет на Економскиот Факултет Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

Предмет: Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Благица Новковска**, доцент, во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, Научно-истражувачко поле Економски науки, област: 50309 Меѓународна економија, 50327 Економска статистика и 50329 Друго

Врз основа на член 172 и 173 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) Наставно научниот совет на Економкиот факултет донесе Одлука бр. 15-599/1 од 9.12.2020 година за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, Научно-истражувачко поле Економски науки, област: 50309 Меѓународна економија, 50327 Економска статистика и 50329 Друго
на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

На седницата на Наставно научниот совет на Економскиот факултет, со Одлука бр. 15-24/1 од 16.02.2021 година **именувана е и Рецензентска комисија за за избор** на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, Научно-истражувачко поле Економски науки, област: 50309 Меѓународна економија, 50327 Економска статистика и 50329 Друго на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, и тоа во состав:

1. **д-р Сашо Ќосев, редовен професор,** претседател
   Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
2. **д-р Јулијана Ангеловска, редовен професор**, член
   Економски факултет, Универзитет за Туризам и Менаџмент во Скопје
3. **д-р Наташа Ристовска, вонреден професор**, член
   Факултетот за претприемачки бизнис, Универзитет за Туризам и Менаџмент во Скопје

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, Научно-истражувачко поле Економски науки, област: 50309 Меѓународна економија, 50327 Економска статистика и 50329 Друго; на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 17 декември 2020 година;
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа:д-р Благица Новковска, доцент, вработена на Економскиот факултет во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје; и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот,

Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно-научниот совет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

ИЗВЕШТАЈ

За кандидатот д-р Благица Новковска, доцент, на Економскиот факултет во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:

1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

15. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
16. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
17. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – доцент и вонреден професор, пропишани во Законот за високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018; *(Прилог 3),* како и
18. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во доцент и вонреден професор *(Прилог 4),*
19. Потврда за учество во научно-истаржувачки прект *(Прилог 5),*
20. Извештај од самоевалуација на Универзитетот *(Прилог 6),*
21. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање доцент во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, во наставно-научно звање доцент за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, Научно-истражувачко поле Економски науки, област: 50309 Меѓународна економија, 50327 Економска статистика и 50329 Друго на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје *(Прилог 7),*
22. Одлука од Сенатот за избор во наставно-научно звање доцент *(Прилог 8).*

1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ— д-р Благица Новковска

Кандидатот д-р Благица Новковска (моминско Јакимовска) е родена на 05 Февраури 1960 година во Крива Паланка. Основно образование завршила во ОУ “Јоаким Крчовски” во Крива Паланка. Во 1978 година го завршила средното образование во гимназијата”Моша Пијаде” во Крива Паланка. Одбранила дипломски труд под наслов “Општествено економскиот развој на Крива Паланка”, по предметот Инвестиции кај проф. д-р Никола Кљусев. Дипломирала во април 1986 година на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот Св."Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката-Економска политика и развој со просечна оцена на студиите 8.1 и се стекнала со степенот и стручен

назив Дипломиран економист.

Постдипломските студии ги завршила во 2006 година на Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ со просечна оцена 10 и се стекнала со академски степен Магистер по социјална политика.

Докторирала на 19.12.2012 година на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет Св.“Кирил и Методиј” во Скопје, со одбрана на докторската дисертација на тема:„*Застапеност и мерење на сивата економија во Република Македонија*“”под менторство на акад. проф. д-р Таки Фити, со што се стекнала со звањето доктор на економски науки (PhD).
Учествувала на повеќе научни собири, конференции, семинари и советувања од областа на економија, статистика и социјална политика во земјата и странство. Одлично ги владее и активно ги користи англискиот и францускиот јазик. Поседува забележителни компјутерски вештини, вклучувајќи напредно познавање и работа со Windows, Microsoft Office пакетот: Word, Excel, PowerPoint, и Интернет; напредни сттитички софтвери како SPSS и STATA; владее организација на системи со бази на податоци и метабази.

Во 1985 година се вработува во Државниот завод за статистика, каде што во периодот од 1985 до 2003 ги имала следните работни позиции: советник за статистичко истражување, началник на одделение за плати, вработеност и животен стандард, помошник-директор/раководител на сектор за социјални статистики; директор на Државниот завод за статистика (2001-2003).
Како посебни постигнувања во текот на овој период може да се посочат: воспоставување на родовите статистики и објавувањето на првата публикација за жените и мажите во Република Македонија, воспоставување и развој на статистичкиот информативен систем за пазарот на труд, воспоставување и развој на методологија за мерење на сиромаштијата согласно меѓународни стандарди, развој на статистиките од економските и социјалните области и нивно усогласување со меѓународните стандарди, менаџирање и координирање на работата на Државниот завод за статистика.
Во периодот од 2003 до 2006 година работела како меѓународен експерт за официјални статистики и била ангажирана од Меѓународниот Монетарен Фонд, Светската Банка, Меѓународната Организација на Трудот и УНИЦЕФ на подготовка на аналитички извештаи за: сиромаштијата во Република Македонија, флексибилноста и сигурноста на пазарот на труд во Република Македонија, детската сиромаштија, статистичкиот систем во ДР Конго и следењето на реалниот сектор и цените во ДР Конго.
Владата на Република Македонија во септември 2006 година ја именува за директор на Државниот завод за статистика и како менаџер на оваа институција работела до февруари 2015 година. Главни постигнувања од тој период се: воспоставување на систем за мерење на квалитетот и неговото менаџирање; воведување на генеричен бизнис процес модел организиран според стандардите на ОН и ЕВРОСТАТ (статистичката служба на Европската Унија), воспоставување на МАКстат базата на податоци, воведување на електронско собирање на податоци од деловните субјекти, координирање на развојот на националниот статистичкиот систем, координирање на активностите на поглавје 18 (Статистика) од Националната програма за усогласување со европското законодавство, проектен лидер на: PHARE 1998, PHARE 2000, CARDS 2005 – Твининг проект за одржлив развој на Македонскиот статистички систем, IPA 2007 – Национална програма/ Техничка помош на Државниот завод за статистика на РМ, IPA 2009 EU Твининг проект - Подршка на Државниот завод за статистика на РМ за развој на капацитетите и подобрување на споредливоста на статистиките со ЕУ стандардите, IPA 2009 Multi-beneficiary Statistical Co-operation Programme, IPA 2011 Multi-beneficiary Statistical Co-operation Programme, IPA 2012 Multi-beneficiary Statistical Co-operation Programme.
Сертифицирани обуки: Во периодот од 1994 до 2015 година има добиени сертификати за повеќе

обуки организирани од: Бирото за трудови статистики на САД (во Вашингтон Д.К.); Светската банка (во Вашингтон Д.К); Европската Статистичка Служба - Евростат Центарот за безбедност и дипломатија, Берминтон Универзитет (Скопје, Лондон, Брисел, Охрид).

Била поканет предавач на:

- The ISI Satellite Meeting in Maputo/Mozambique, organized by International Statistical Institute, Strategy for improving agricultural and rural statistics, 13-14 August 2009;
- The seminar organized by UNECE/ Conference of European Statisticians, Better evidence for better development results, strengthening relevant approaches for measuring development and progress, June 2009, Geneva;
- The workshops on Human Resources Management and Training in Statistical Offices, organized by UNECE in Skopje (2008), Geneva (2010), Budapest (2012);
- The seminar organized by UNECE/ Conference of European Statisticians,,The way forward in poverty measurement,, December 2013, Geneva;
- Regional Consultancy on the Post 2015 Agenda organized by UNECE and Turkish Government, Istanbul, November 2013;
- The 2nd International Conference on Governance, Crime and Justice Statistics organized by UNODC, Mexico City, 2014;
- The seminar on 'Quality Management Frameworks and Practice in Statistics'May 2015, Accra, Ghana

Член е на следниве уредувачки одбори:

- Уредувачки одбор на Ревијата за социјална политика/ Фондација Фридрих Еберт (2008-2015);

- Уредувачки одбор на ***Croatian Review of Economic, Business and Social Statistics (CREBSS)*** од 2015

Член е на следниве професионални меѓународни асоцијалции:

- International Statistical Institute (elected member, 2011),

- IAOS (International Association for Official Statistics)

- IASE (International Association for Statistical Education)

- IARIW (International Association for Research in Income and Welfare

- WIEGO (Women in Informal Employment: Globalizing and Organizing)

- PARIS 21 (The Partnership in Statistics for Development in the 21st Century) / Член на Бордот (2014-2015)

- ISI Committee on Women in Statistics – country representative

- Собрание на стопанска комора на Северна Македонија - член

Досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистерскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирала својата истражувачка ориентација кон проучување на полето на економските науки и на полето на социјалните науки.

2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и

2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

Д-р Благица Новковска на 01 јуни 2016 година е избрана во наставно-научно звање доцент, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Меѓународна економија (50309), Економска статистика (50327) и Друго (50329). (со одлука бр. 02-218/1 од 01.06.2016) *(Прилог)*

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Благица Новковска во нејзината научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент напишала докторска дисертација и објавила 2 научни труда во меѓународни научни публикации, и 11 труда во зборници од меѓународни и домашни научни конференции и 3 книги во коавторство.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

2.2.1. Докторска дисертација
2.2.2. Објавени научни трудови
2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.4. Учество во научни проекти

2.2.1. Докторска дисертација

Докторската дисертација на тема: " **Застапеност и мерење на сивата економија во Република Македонија** " кандидатот ја одбранил на 19.12.2012 година на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет Св."Кирил и Методиј" во Скопје, пред комисија во состав: акад. проф. д-р Гоце Петрескиски (Економски факултет во Скопје), проф. д-р Михаил Петковски (Економски факултет во Скопје), проф. д-р Славе Ристовски (Економски факултет во Скопје) и проф. д-р Драги Јанев (Економски факултет во Скопје), а под менторство на акад. проф. д-р Таки Фити(Економски факултет во Скопје).
Со одбрана на докторската дисертација кандидатот се стекнала со академски степен доктор на економски науки (PhD).
Докторската дисертација на кандидатот д-р Благица Новковска претставува сеопфатно, комплексно, оргинално емпириско истражување од областа на макроекономијата преку проучување на сивата

економија во Република Македонија.
Докторската дисертација содржи вкупно 218 страници, од кои 4 страници отпаѓаат на вовед, 6 страници на заклучок, 22 страници на користена литература (227 библиографски единици). Материјата во дисертацијата, покрај вовед, заклучок, литература, е структуирана во пет глави, логично систематизирани.
Во *воведот* е објаснета актуелноста на проблематиката на сивата економија, определен е предметот и целта на истражувањето на застапеноста на сивата економија и методите на нејзиното мерење, утврдени се резултатите и научниот придонес, и поставена е методологијата на мерењето на сивата економија во Република Македонија.
Во *првата глава* на докторската дисертација под наслов Сива економија е разгледано прашањето за дефинирање на сивата економија и нејзините различни аспекти. Првин се дискутирани проблемите и дилемите при специфицирањето на поимот на сивата економија и нејзиниот опфат. Потоа, е разгледан односот на сивата економија, којашто е една комплексна појава, како што се подразбира во современата литература спрема црната економија, за да се направи јасна дистинкција. Понатаму се опишани различните методи за мерење на сивата економија, коишто во овој период се развиени и покажале забележително ниво на ефикасност. На крајот од главата, дискутирани се погодностите и недостатоците на различните методи коишто се користат во мерењето и проучувањето на оваа појава.
Во *втората глава* со наслов Примена на различни методи на мерење на сивата економија во одделни земји е дискутирана примената на различните методи за мерење на сивата економија во одделни земји. Првин е разгледано мерењето на сивата економија во развиените земји, со цел да се добие претстава за универзалниот карактер на појавата, во отсуство на тешки проблеми во економијата. Конкретно се разгледани случаите на Италија, САД и Словенија. Понатаму се дискутирани резултатите од мерењата соопштени во литературата за земјите во транзиција, со посебен осврт на Полска, Бугарија и Романија.
Третата глава со наслов Мерење на сивата економија во Република Македонија ги презентира направените мерења на сивата економија со нови меѓународно прифатени методи: методот на енергетски внес и методот на латентна проценка, за целиот период од почетокот на транзицијата и осамостојувањето до 2012, со употреба на расположиви податоци со изедначен висок квалитет, за да се добијат релевантни резултати, со одразување на специфичностите на Република Македонија. Понатаму, резултатите за застапеноста на сивата економија во Република Македонија во транизициониот период се споредуваат со резултатите од литературата. При сумирањето на резултатите за застапеноста на сивата економија во Република Македонија во транзициониот период се разгледани три периоди во коишто движењата на сивата економија имале различен карактер. Тоа се периодот на висока инфлација, периодот од 1995-2000 година и периодот по 2000 година. Најдени се и објаснети три големи пораст на сивата економија поврзани со сериозни влошувања на економскиот амбиент. Врз основа на особеностите во резултатот добиен во овој труд за Република Македонија, утврдени се причините за атипичното однесување на застапеноста на сивата економија во Република Македонија. На крајот, направено е предвидување на идните тенденции на застапеноста на сивата економија во Република Македонија.
Во *четвртата глава* под наслов Мерење на сивата економија со нови меѓународно прифатени методи, врз основа на општите сознанија од литературата и специфичните резултати добиени со мерењата во овој труд, дискутирани се мерките на економската политика за намалување на застапеноста на сивата економија. Врз основа на наодот од третата глава од овој труд дека даночниот товар игра изразено голема улога во случајот на Република Мкедонија, првин е разгледнао прашањето за одмерување на даночниот товар и засилување на даночната дисциплина и култура. Понатаму е дискутирано преиспитувањето на логиката на поставеност и функционирање на државната регулација на бизнисите. Мерките на пазарот на трудот се исто така рзгледани. На крајот се разгледани и други можни мерки и пристапи за намалување на сивата економија.
Петтата глава со наслов Мерки на економската политика за намалување на застапеноста на сивата

економија се изнесени заклучните согледувања прозлезени од новите сознанија добиени во овој труд, надоградени на резултатите од литературата.
Во овој докторски труд за првпат се презентирани резултати од мерењата на сивата економија во Република Македонија за целиот период од почетокот на транзицијата и осамостојувањето до денес (од 1991 година до 2011 година), по најрелевантните современи методи: методот на енергетски внес (варијантата на потрошувачка на домаќинствата, метод на Лацко) и методот на латентна проценка (во овој случај DYMIMIC методот). За периодот за којшто има целосен збир на податоци со изедначен висок квалитет, главно од Државниот Завод за Статистика на Република Македонија, утврдено е дека резултатите добиени со двата метода се согласуваат до многу голем степен: обликот на временската зависност е во суштина ист, а апсолутните вредности се разликуаат за не повеќе од 4 процентни поени во целото подрачје на мерење. За детално проучување е употребена усреднетата вредност по двата метода, којашто не отстапува за повеќе од 2 процентни поени од одделните мерења за сите години.
Интегрален дел на дисертацијата претставува и *заклучокот* во кој се систематизираат најзначајните сознанија од проблематиката на мерење на застапеноста на сивата економија и значењето на добриот избор на соодветни методи за мерење и следење на сивата економија, базирани на економските специфичности на земјата.
Докторската дисертација обезбедува разбирање на спецификите на поведението на сивата економија во Република Македонија, што и беше основната цел на овој труд. Така, од резултатите од ово труд се добиваат многу детали за варијациите на вредноста на сивата економија за целиот период од почетоците на осамостојувањето до денес и за специфичното значење на одделните фактори што влијаат врз сивата економија во Република Македонија. Врз основа на тие резултати беше можно да се направи детална анализа на поведението на сивата ономија во Република Македонија и да се посочат клучните правци и механизми на дејствување за редуцирањето на свиата економија. Во овој труд, врз основа на мерењата на сива економија, со доволна точност, за целиот период на функционирање на Република Македонија како самостојна држава, направени се детални анализи на големината и движењето на сивата економија. Најдени се особеностите на сивата економија за случајот на Република Македонија и дискутирана е нивната природа. Направена е проекција на движењето на сивата економија на долг рок, при непроменети услови.
Научниот придонес
Научниот придонес на докторската дисертација произлегува од фактот што тоа претставува сеопфатно, комплексно, оргинално емпириско истражување од областа на макроекономијата преку проучување на сивата економија како една од најактуелните теми во областа на економијата во Република Македонија.
Во докторката дисертација е покажано дека според најновата литература, главен фактор за појава на сивата економија е недоволниот степен на економски развиток. Тоа бара државата во прв ред да им се посвети на мерките за забрзување на економскиот раст, коишто на долг рок треба да доведат до намалување на сивата економија. За тоа е потребен соодветен даночен приход, преку којшто ќе се обезбедат соодветните средства потребни покрај за здравството, социјалата, образованието, и за развојните потреби како што се подобрување на инфраструктурата и поттикнувањето на истражувањето и иновациите. Нивото на даночните приходи во овој период е во просек некаде околу 22 % од официјалниот бруто домашен производ, што одговара на типична економија со 31 % сива економија, колку што е во Република Македонија, најдено во овој труд. Во докторката дисертација е укажано дека активноста на државата треба да се насочи на правилно распоредување на даночниот товар и ефикасна целесообразна употреба на даночните и другите приходи.
Во поглед на апсолутниот обем на сивата економија, во овој труд е утврдено дека базното ниво на застапеноста на сивата економија во Република Македонија е приближно еднакво на 31 %. Со таа вредност Република Македонија се наоѓа на ниво нешто пониско од типичното за земјите со еднаков или спооредлив бруто домашен производ. Освен одредени мали осцилации од неколку процентни поени околу базното ниво, се забележуваат и големи растови на сивата економија во одредени

покуси временски периоди. Се покажува дека тие се резултат на големи потреси во македонската економија предизвикани од надворешни влијанија и внатрешни кризи. Тие скокови во сивата економија во Република Македонија се припишани на влијанието на:

1. Економските и транспортни блокади во почетниот период од осамостојувањето и транзицијата (1991-1995 година), проследени со појава на изразено висока инфлација;
2. Безбедносната криза, којашто отпочна со прелевањето на косовската криза во Република Македонија и кулминираше со вооружен конфликт во 2001 година и
3. Глобалната рецесија, чијшто главен удар дојде до израз во 2008 година, со пресврт во септември 2008 година.

Надвор од периодите на овие силни потреси, заста¬пеноста на сивата економија во Република Македонија останува на нивото од (30,5±2,5) %.

Врз основа на направените анализи утврдено е дека досегашните трендови укажуваат на систематско бавно намалување на сивата економија. При непроменети услови, може да се очекува само благ пад за околу 3 процентни поени на многу долг рок (до 2050 година). Тоа покажува дека за суштинско намалување на застапеноста на сивата економија во Република Македонија треба да се преземат суштински нови мерки од оние коишто досега биле применувани.

Како главна причина за атипичното однесување на сивата економија во Република Македонија, покрај силната изложеност на надворешни неповолни влијанија и внатрешни кризи, се јавува и изразено силната зависност од даночниот товар. Како мерка за оваа зависност, во овој труд е определен коефициентот на еластичност на сивата економија во однос на даночниот товар, во смисла на вообичаените дефиниции на коефициентот на еластичност на величините една во однос на друга во современата економија. Најдено е дека тој коефициент на еластичност за Република Македонијае многу голем (0,49). За споредба, врз основа на пресметките направени во овој труд за десетина земји за коишто постои забележителна позитивна корелација помеѓу даночниот товар и сивата економија, се наоѓа дека во Велика Британија тој коефициент е 0,09, а во Јапонија и САД 0,04.

Врз основа на сознанијата од литературата и искуствата здобиени при изработката на овој труд, овде се дава препорака за давање на приоритет за употреба на DYMIMIC методот пред методот на Лацко, и покрај тоа што овде се добиени споредливи резултати по двата метода, за подрачјето каде што се добиваат резултати по обата метода. Причината е што DYMIMIC моделот има голема статистичка робустност, односно резултатите што ги дава не се загрозени од менувањето на претпоставките или променливите. За разлика од ова, методот на Лацко е многу осетлив на недостатокот на податоци за променливите. Овој недостаток не води до суштински грешки, какви што на пример има во Методот на Кауфман и Калиберда, меѓутоа, води до отсуство на гаранција дека методот ќе функцинонира при забележително променети услови. Најверојатно токму поради ова, методот на Лацко во последниве години има многу помала примена од DYMIMIC методот по кошто се добиени многу рзултати објавени во најновата литература. Во споредба со основната MIMIC варијанта на моделот, DYMIMIC методот има суштинска предност во тоа што го зема предвид задоцнувањето на промената во сивата економија (латентната променлива) и индикаторите преку коишто се манифестира, во однос на причините. Со тоа, таа го зема предвид времето потребно за постигнување на рамнотежа во реален процес на пренос на стоки и валута и премин на луѓе помеѓу регуларниот и сивиот дел на економијата. Врз основа на изнесените согледувања кандидатката ги дала потребните препораки за мерење на сивата економија:

1. Во иднина мерењата на сивата економија треба да се прават на систематски начин со употреба на DYMIMIC методот со користење на податоците изработени од Државниот завод за статистика и други релевантни институции
2. Со континуираното подобрување на квалитетот на овие податоци се очекува понатамошно подобрување на квалитетот на резултатите од пресметките на сивата економија.
3. Економските политики на власта да се насочат кон воспоставување на правилно распореден

даночен товар и ефикасна целесообразна употреба на даночните приходи.
Целите и задачите што кандидатот ги формулирал во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и потврдено е дека станува збор за квалитетен труд и успешно спроведено истражување и анализа кои овозможуваат да се утврди состојбата и застапеноста на сивата економија во Република Македонија, потребата од утврдување на основните методи за мерење на сивата економија, факторите коии може да влијаат на нејзиното намалување.

2.2.2. Објавени научни трудови

2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент, д-р Благица Новковска покрај докторската дисертација објавила **15** научни трудови и 6 поглавја во универзитетски учебник како коавтор.

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

Рецезентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, кандидатот д-р Благица Новковска поседува два научни труда.

1. S. Hutton, V. Kolpeja, **B. Novkovska**, S. Sakiqi, V. Stoevska**,** "Albania and Macedonia: Transitions and poverty", In Poverty in Transition Economies, Eds. S. Hutton and G. Redmond, 2006 Routledge – Taylor & Francis Group, London and New York, pp. 125-136.

2. **B. Novkovska**, "Managing Human Resources in a Small Statistical Office", in Human Resources Management and Training - Compilation of good practices in statistical offices, Ed. E. Giovannini, United Nations, New York and Geneva, 2013, pp. 39-51.

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции

1. **B. Novkovska**, Defining and Measuring Non-standard and Informal Employment in the Agricultural Sector, ICAS-VI, Rio de Janeiro, Brasil, 23 - 25 Octobre 2013, pp.565-574.
2. **Blagica Novkovska,** "Building a basis for measurement of the value added in official statistics", in Communication: A tool to enhance statistical culture", Visegrád, Hungary, 9–10 June 2011, pp. 182-187.
3. **B. Novkovska,** Key components of quality management system and further challenges,, European Conference on Quality in Official Statistics - Q2014, Schönbrunn Palace Conference Centre, Vienna, Austria 3-5 June 2014.
4. **B. Novkovska**, H. Papazoska, B. Ristevska-Karajovanovikj, The GSBPM contribution to statistical business process standardization, European Conference on Quality in Official Statistics - Q2012, Megaron Athens International Conference Centre, Athens, Greece, 30 May - 1 June 2012.
5. **B. Novkovska,** Measurement of the poverty in the Republic of Macedonia, Bulletin of the International Statistical Institute, ISI 97, 51nd session, pp. 539-540.

6. **B. Novkovska,** The particular position of the unpaid family work, Statistical days: Intergenerational solidarity – the challenge facing modern societies, Radenci, Slovenia, 10-12 November, 2008.
7. **B. Novkovska,** Quantitative analysis of the poverty in the Republic of Macedonia, Bulletin of the International Statistical Institute, ISI 99, 52nd session, pp. 43-44.

8. **B. Novkovska,** Determining the Menu of Indicators and a Core Set of Indicators for Agricultural and Rural Statistics, Strategy for improving agricultural and rural statistics, ISI Satellite Meeting in Maputo on 13-14 August 2009, pp. ISIS/03/03-02–ISIS/03/03-08.
9. **B.Novkovska**, The strategy of human capital development: the role of in-house training, Statistics - Investment in the future 2, Prague, from 14 to 15 September 2009,
10. **B.Novkovska,** Human Resources Training Policy Under Budget Cuts, CES Conference, Seminar on Human Resources and Training, Budapest, September 2012.
11. **B. Novkovska,** Measuring Non-standard and Informal Employment in the Republic of Macedonia, Research paper, WIEGO, October, 2008. (Paper for the WIEGO meeting on "Measuring Informal Employment in Developed Countries" 31 October-1 November 2008, Harvard University).

в) Поглавја во книги

1. P. Petrova, Y. Gancheva, K. Stojanovik-Aleksoska, A. Bexheti, **B. Novkovska**, L. Kostarova-Unkovska, D. Atanasov, Zh. Chonteva, M. Donevska, S. Cucak, K. Sentic-Gaber, Child Poverty Study in fyr Macedonia, UNICEF, 2007.
2. S. Elder, **B. Novkovska,** V. Krsteva, Labour market transitions of young women and men in the former Yugoslav Republic of Macedonia, International Labour Office Geneva, July 2013.
3. М. Доневска, В. Димитриевска, **Б. Новковска,** Сиромаштија - состојби во Македонија, Филозофски факултет, Скопје 2011.

2.2.2.2. После избор во звање доцент

После изборот во звање доцент, д-р Благица Новковска објавила 26 научни труда.

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

1. Dumičić, Ksenija, Blagica Novkovska, and Emina Resić. 2019. Editorial for the special issue:"Advances and Trends in Post-transition Countries: Statistical Modelling Approach". *Business Systems Research Journal* 10 (2): 1–5.
2. Novkovska, Blagica, and Ksenija Dumičić. 2018. Energy Consumption as an Indicator of Hidden Economy: Comparative Analysis. *Business Systems Research Journal* 9 (2): 96–107.
3. Novkovska, B., and N. Novkovski. 2018. Energy consumption and hidden economy in Macedonia: Causes and responses. *Journal of Policy Modeling* 40 (1): 166–181.
4. Novkovska, Blagica, Irena Palić, and Sabina Hodžić. 2018. Editorial for the special issue:"Advances in statistical modelling for economic Policy-Making" in Croatian Review of Economic, Business and Social Statistics." *Croatian Review of Economic, Business and Social Statistics* 4 (2): 1–4.

5. Kjosev, Sasho, and Blagica Novkovska. 2017. Developing Social Accounting Matrix for Macedonia: a challenge ahead. *Croatian Review of Economic, Business and Social Statistics* 3 (2): 10–19.

6. Novkovska, Blagica, and Violeta Milenkovska. 2020. How to build robust on-line job-interview resistant to health-risk generated crises. *UTMS Journal of Economics* 11 (2): 243–250.

7. Dumičić, Ksenija, Blagica Novkovska, and Emina Resić. 2020. Share of adults who order goods or services online influenced by share of those with digital skills broken down by gender: cluster analysis across European countries. *Sarajevo Business and Economics Review* 38: 97–114.

8. Milenkovska, Violeta, and Blagica Novkovska. 2019. How To Build Total Quality Management System For Higher Education In A Small Country. *UTMS Journal of Economics* 10 (2): 227–235.

9. Novkovska, Blagica. 2019. Relationship between shadow and green economy: less shadow more green. *Green Finance* 1(2): 130–138

10. Novkovska, Blagica, and Ksenija Dumicic. 2019. Ordering Goods and Services Online in South East European Countries: Comparison by Cluster Analysis. *UTMS Journal of Economics* 10 (2): 163–173.

11. Dumičić, Ksenija, Lea Bregar, and Blagica Novkovska. 2019. Adult Participation in Learning in Digital Age: Profiles of Clustered European Union Countries. *Mednarodno inovativno poslovanje = Journal of Innovative Business and Management* 11(3): 20–34.

12. Novkovska, Blagica, and Gordana Serafimovic. 2018. Recognizing the vulnerability of Generation Z to economic and social risks. *UTMS Journal of Economics* 9 (1): 29–37.

13. Palevska, Valentina Mucunska, and Blagica Novkovska. 2018. The Participation of ICT in Activities of Economic Subjects in Small Economy. *UTMS Journal of Economics* 9 (2): 157–168.

14. Milenkovska, Violeta, and Blagica Novkovska. 2018. How to Establish Uniform Higher Education Quality Management System for Macedonia. *UTMS Journal of Economics* 9 (2): 213–220.

15. Novkovska, Blagica. 2017. Regional development disparities and their connection with hidden economy. *UTMS Journal of Economics* 8 (2): 151–158.

16. Novkovska, Blagica. 2017. Severity of the Issue of Excluded Young People in Macedonia from Education, Trainings and Employment: How to Cope With? *UTMS Journal of Economics* 8 (3): 295–306.

17. Novkovska, Blagica. 2016. How Strongly the Hidden Economy of a Small Country can be Influenced by Drastic Events: Case of Macedonia. *UTMS Journal of Economics* 7 (2): 187–195.

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции

1. Milenkovska, Violeta, and Blagica Novkovska. Perspectives for Total Quality Management in Higher Education in Macedonia. 2018. In *6th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2018, Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs October 15–16, 2018, Skopje, Macedonia*, pp. 279–288.

2. Mitevska Petrusheva, Katerina, Blagica Novkovska, and Valentina Mucunska Palevska. Ethics and Moral values in the Concept of Global Education. 2018. In *6th Biennial International Scientific Congress*

for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2018, Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs October 15–16, 2018, Skopje, Macedonia, pp. 309–316.

3. Naumovska, Ljupka, and Blagica Novkovska. 2017. Mind the gap: Generation Y and Z socio-economic choices. In *Proceedings of The 5th International Conference on Research in Behavioral and Social Science, Barcelona, Spain, December 7-9, 2018*, pp. 70–77.

4. Dumičić, Ksenija, Berislav Žmuk, and Blagica Novkovska. 2017. Regression analysis of e-commerce: Focusing the selected EU candidates and the EU countries. In *Knowledge and business challenge of globalisation in 2017: conference proceedings of the 7 th international scientific conference*, Celje, 17th November 2017, pp. 156–164.

5. Kjosev, Sasho, and Blagica Novkovska. 2017. Social Accounting Matrix-Methodological Basis for Sustainable Development Goals Analysis in the Western Balkan Countries. In *Proceedings of the 14th International Symposium on Operational Research SOR'17*, pp. 33–38. Slovenian Society INFORMATIKA, Section for Operational Research, Bled, 2017.

6. Novkovska, Blagica. 2017. Modelling of temporal patterns of hidden economy in connection with energy consumption. *Proceedings of the 14th International Symposium on Operational Research SOR'17, Bled, Slovenia, September 27-29, 2017, Ljubljana,* pp. 47–52. Slovenian Society Informatika, Section for Operational Research, 2017.

7. Novkovska, Blagica. Excluded young people in Macedonia from education, trainings and employment-why and how to include them, Proceedings of the ICON BEST 2016 - The 5th Jubilee International Scientific Congress, GLOBAL TOURISM CHALLENGES IN 21st CENTURY, pp.199–208.

8. Novkovska, B. 2016. The size of the hidden economy in Macedonia: Tendencies and challenges. *Proceedings of the ISCCRO: International Statistical Conference in Croatia, 05-06 May 2016, Zagreb, Croatia*, pp.182–189.

в) Поглавја во книги

1. Book-Novkovska, Blagica. *Skills demand and supply in North Macedonia: An analysis at regional and local levels*. European Training Foundation, 2020.

2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Благица Новковска во наставно-научно звање доцент.

2.2.3.1. Пред избор во звање доцент

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

1. S. Hutton, V. Kolpeja, **B. Novkovska**, S. Sakiqi, V. Stoevska, "Albania and Macedonia: Transitions and poverty", In Poverty in Transition Economies, Eds. S. Hutton and G. Redmond, 2006 Routledge – Taylor & Francis Group, London and New York, pp. 125-136.

- *Достапност на трудот:* https://books.google.mk/books?id=ElsAIINoe5UC
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
- *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN:0020-871X
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* P29

Во овој труд е направена споредба на состојбите со сиромаштијата во Македонија и Албанија. Иако се покажува дека не е можно да се направи детална споредба на околностите во двете земји. Јасно е дека и обете земји доживеале неизвесен и тежок старт во обидите за воспоставување на независни пазарни економии. На тие тешкотти на економиите им се надодава приливот на бегалци од Косово, што бара помош од богатите западни земји за да се создаде просперитетна иднина за овие две земји.
Научен допринос на трудот: Во трудот се елаборира проблемот на сиромаштијата на две земји, Македонија и Албанија. Со компаративна анализа авторите се обидуваат да ги најдат задничките проблеми на двете земји.
Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 40 % се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности и социо-економските појави.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд

го оцениле како оригинален научен труд.

2. B. Novkovska, "Managing Human Resources in a Small Statistical Office", in Human Resources Management and Training - Compilation of good practices in statistical offices, Ed. E. Giovannini, United Nations, New York and Geneva, 2013, pp. 39-51.

- *Достапност на трудот:* https://www.unece.org/fileadmin/DAM/stats/publications/HRMT_w_cover_resized.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
- *Опсег на трудот:* 1,3 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN:0020-871X
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M53

Во овој труд, првин, се дава преглед на процесот на транзиција на земјата при којшто промените во Државниот завод за статистика се многу комплексни и специфични. Второ, забележан е значаен напредок во структурата на човечките ресурси до денес. Трето, даден е преглед на тековната политиката за развој на човечки ресурси на Државниот завод за статистика на Република Македонија во контекст на управувањето со човечките ресурси на ефикасен и ефективен начин.

Се покажува дека еден мал завод (во споредба со големината на статистичките институции од другите земји) со многу лимитиран буџет може правилно да функционира само со добро воспоставена политика за управување со човечки ресурси. Оваа политика мора да биде прифатена и од врвниот менаџмент и од вработените. Тоа мора да доведе до добро образовани, лојални и ентузијастички лица кои се подготвени да се справат со предизвиците особено при исполнувањето на обврските за воспоставување и развој на меѓународните стандарди за официјалната статистика.. Поради тоа, Државниот завод за статистика на Република Македонија е на вистинскиот пат ефикасно да одговори на барањата и предизвиците што стојат пред него токму заради добро поставената политика за менаџирање на човечките ресурси.

Според резултатите постигнати со мерење на VAS резултатите, главниот ограничувачки фактор за зголемување на додадената вредност на статистиката е „писменоста" на поединците. Во овој труд, особено внимание се посветува на посветеноста на Државниот завод за статистика на систематски пристап кога се работи за мерење на додадена вредност во официјалната статистика, резултатите постигнати со мерења направено до сега, научените лекции и идните планови релевантни за секоја фаза од мерење на додадена вредност во официјалната статистика.

Научен допринос на трудот: Во трудот е направена анализа на праксите за управување со човечки ресурси во мала завод за статистика и пронајдени главнит е ограничувачки фактори за зголемувањето на додаденат авредност на статистиката.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. **B. Novkovska**, "Defining and Measuring Non-standard and Informal Employment in the Agricultural Sector", ICAS-VI, Rio de Janeiro, Brasil, 23 - 25 Octobre 2013, pp. 565-574.

- *Достапност на трудот:* https://eventos.ibge.gov.br/images/icas2013/publicacao/IBGE_ICAS_VI_digital.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-85-240-4343-7
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* O13, O16

Нестандардната и неформалната вработеност во земјоделскиот сектор во нејзините различни форми значително придонесува во вкупната вработеност на помалку развиените земји. Оваа ситуација привлекува зголемено внимание кај истражувачите и креаторите на политиката. Во исто време, статистичарите сериозно треба да го третираат појавувањето и истрајност, причините и последиците од не-стандардно и неформално вработување и квалитетот, точноста и веродостојноста на постојните извори на податоци за земјоделството.

Секогаш има проблеми со квантифицирање на вкупната вработеност во земјоделството, дефиницијата и мерењето на работните односи во земјоделството, особено работните односи како што се работа со скратено работно време, договори на одредено време, привремена работа, сезонска работа и вработување за сопствена сметка. Сите овие форми на работа се дел од флексибилен пазар на труд, што во исто време ги намалуваат приходите и социјалната сигурност на земјоделските работници и силно ги зголемуваат ризикот од сиромаштија, половата нееднаквост и социјалната исклученост. Импликациите врз работниците со ниски примања се забележуваат најмногу кај земјоделските домаќинства.

Анализата на нестандардната и неформалната вработеност во земјоделскиот сектор, со користење на податоци од расположивите извори се ограничени со недостаток на информации со кои може прецизно да се идентификуваат нестандардното и неформалното вработување во однос на другите индикатори важно за мерење на развој на земјоделскиот сектор.

Во овој труд се анализираат и оценуваат дефинициите и мерењата на вработувањето во земјоделскиот сектор преку анализа на вкупниот број на вработени, нестандардната работа и неформалното вработување во областа на земјоделството во Република Македонија.

Научен допринос на трудот: Во овој труд се анализирани и оценети дефинициите и мерењата на вработувањето во земјоделскиот сектор преку анализа на вкупниот број на вработени, нестандардната работа и неформалното вработување во областа на земјоделството во Република Македонија. Овој труд има посебен придонес со тоа што претставува една од првите студии на меѓународно ниво за неформалниот сектор во земјоделието и нестандардната вработеност во овој сектор од економијата.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

2. **Blagica Novkovska,** "Building a basis for measurement of the value added in official statistics", in Communication: A tool to enhance statistical culture", Visegrád, Hungary, 9–10 June 2011, pp. 182-187.

- *Достапност на трудот:* http://oszkdk.oszk.hu/storage/00/00/69/03/dd/1/visegrad.pdf#page=182
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
- *Опсег на трудот:* 0,6 а.а.
- *Објавен во:* Google Scholar
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978 963 235 343 2
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* A19

Во овој труд е презентирано значењето на комуникацијата со корисниците и потребата од соодветна политика за зголемување на статистичката писменост и култура на корисниците на статистичките податоци.
Развојот на статистичките системи од една страна и брзата еволуција на информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) од друга страна создаваат многу предизвици во начинот на кој статистички институции се занимаваат со различни групи на корисници и нивната статистичка писменост. Еден од проблемите е како да се обезбеди оптимално зголемување на додадената вредност на официјалната статистика (VAS) вредност. Овој индикатор може да се измери со помош на следниот израз: VAS = N · QS, каде што N е големината на публиката (бројот на оние кои ја знаат официјалната статистика) а QS е количината на официјални статистички податоци релевантни за корисниците. Во овој труд, опишани се специфичното значење на спомнатите погоре фактори за одредување на додадената вредност за статистиките произведени од страна на Државниот завод за статистика на Република Македонија и нивниот развој. Количината на официјалната статистика е значително зголемена со воведувањето на многу нови истражувања од суштинско значење за донесување на избалансирана политика. Паралелно со растот на QS, големината на публиката, исто така, стана значително поголема. Во овој процес на комуникација со корисниците, новите техники и технологии се особено ефикасни.
Научен допринос на трудот: Според резултатите постигнати со мерење на VAS резултатите, главниот ограничувачки фактор за зголемување на додадената вредност на статистиката е „пимсеноста“ на поединците. Во овој труд, особено внимание се посветува на посветеноста на Државниот завод за статистика на систематски пристап кога се работи за мерење на додадена вредност во официјалната статистика, резултатите постигнати со мерења направено до сега, научените лекции и идните планови релевантни за секоја фаза од мерење на додадена вредност во официјалната статистика.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

3. **B. Novkovska**, “Key components of quality management system and further challenges”, European Conference on Quality in Official Statistics - Q2014, Schönbrunn Palace Conference Centre, Vienna, Austria 3-5 June 2014.
    - *Достапност на трудот:* http://www.q2014.at/papers-presentations.html
    - *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
    - *Опсег на трудот:* 1,7 а.а.
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* A19

Првите чекори во систематски пристап во воспоставувањето на систем за управување со квалитет на Државниот завод за статистика (ДЗС) беа преземени во 2007 година и оттогаш е видливо континуирано подобрување. Главната цел на овој труд е да се сподели искуството на ДЗС во имплементацијата на различни алатки и активности, редоследот на чекорите на развој, почнувајќи од воспоставување на институционална поддршка на животната средина. Кодексот на европската статистика официјално беше донесен во 2010 година и петнаесет принципи беа вградени во документот за стратегија како вредности што ДЗС ги потврди и кон нив се придржува во праксата. Во трудот накусо се дискутира за квалитетот на алатките за оценување на ДЗС, кои вклучуваат: самопроценка на главниот менаџмент, оценување на квалитетот на изготвените статистички податоци, истражување на задоволството на вработените и истражување на задоволството на клиентите и неодамна воведената самооценката на раководителите на истражувањето. Како заклучок, се претставени други предизвикувачки теми за во блиска иднина: подготовки за новата рунда на лесна рецензија, поминувајќи од пристапот од врвот надолу кон пристапот оддолу-нагоре за управување со квалитетот, подигање на свеста за прашањата поврзани со квалитетот на сите нивоа и подобро следење на почитувањето на COP врз основа на добро дефинирани мерливи индикатори.
Врз основа на проучување на имплементацијата на различни алатки и активности во воспоставувањето на систем за управување со квалитет на Државниот завод за статистика утврдени се клучните компоненти за системот на квалитет и се одредени другите предизвикувачки теми за во идина за понатамошно подбрување на системот на квалитет.
Научен допринос на трудот: Во трудот, на примерот на одделен завод за статистика, е направена анлиза на влијанието на различни алатки подобрувањето на квалитетот на изготвените статистички податоци и предложени нови пристапи за во иднина.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

4. **B. Novkovska,** H. Papazoska, B. Ristevska-Karajovanovikj, "The GSBPM contribution to statistical business process standardization", European Conference on Quality in Official Statistics - Q2012, Megaron Athens International Conference Centre, Athens, Greece, 30 May - 1 June 2012.

    - *Достапност на трудот:* http://www.q2014.at/fileadmin/user_upload/q2014-mkB.doc
    - *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
    - *Опсег на трудот:* 1,7 а.а.
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 60%
    - *JEL класификација:* M10

Државниот завод за статистика (ДЗС) е посветен на производство на висококвалитетни и релевантни статистички податоци во согласност со начелата на неутралност, објективност, стручна независност, доверливост и рационалност. Генеричкиот статистички модел на бизнис процеси

(GSBPM) се гледа како флексибилна алатка за да го опише и да го дефинира множеството на бизнис процеси потребни за производство на официјалната статистика. Адаптацијата на GSBPM во ДЗС (основниот модел на SBPM е развиен од страна на ООН) ги вклучува потребните промени направени со цел да се развие концептот, а тоа дава појасна слика за различните потреби за метаподатоци (инпути на метаподатоци, излезни метаподатоци, аспекти на квалитет) и документација во различни фази од статистичката продукција.
Веќе усвоениот модел, во понудата на стандардна технологија за различни фази и подпроцеси на статистичкиот бизнис процес, изгледа дека се надополнуваат и се вклопуваат логично во рамките на активностите кои се преземаат во ДЗС со цел да се подобри ефикасноста на процесите, што обично резултира во подобрување на квалитетот, исто така. Во вој труд се дискутира процесот на донесувањето и примената на моделот, како и стратешките планови за имплементација, со цел да резултираат во вистинска посветеност на вработените, наместо со употреба на авторитет, што може да доведе до пасивен отпор и скриени бунт. Придобивките од заедничките стандарди признати од страна на статистичарите и јасната деловна ситуација треба да ја водат идната имплементација и развој на моделот.

Научен допринос на трудот: Во трудот, на примерот на одделен завод за статистика, е направена анализа на ефикасноста на употребата на генеричкиот статистички модел на бизнис процеси во опишувањето на бизнис процесите на производство на статистички податоци. Сугериарани се насоките за понатамошна импелменатација и развој на моделот.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 60 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

5. **B. Novkovska**, "Measurement of the poverty in the Republic of Macedonia", Bulletin of the International Statistical Institute, ISI 97, 51nd session, pp. 539-540.

- *Достапност на трудот:* printed
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
- *Опсег на трудот:* 0,2 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* P29

Направена е евалуација и анализа на сиромаштијата во Македонија врз основа на приципот на трошоци, методите на апсолутна и релативна сиромаштија, врз основа на податоците собрани од анкетата за потрошувачка на домаќинствата, еквивалентната ЛИС скала и индексите на сиромаштијата: главниот индекс, процепот на сиормаштијата и острината на сиромаштијата.
Сознанијата здобиени врз основа на првичните оценки и анализи за сиромаштијата во Македонија укажуваат на изборот на релативниот концепт, како основа за систем на следење на сиромаштијата. Изборот на релативната метода се потпира врз: расположивоста на сите неопходни податоци за оценување на границите на сиромаштијата и врз споредливоста на податоците на европска скала.
Изборот на релативниот концепт за оценка на сиромаштијата има потпора и врз споредбата со административните податоци што се однесуваат на сиромаштијата. Анализата на корисниците покажува дека 70,6 % од нив се невработени, 57 % живеат во урбани агломерации, 30,3 % се од четиричлени домаќинства а 24,7 % од петчлени повеќечлени домаќинства.
Целта на ова истражување е да се воспостави систем од методи за следење и оценка на оваа појава. Тој систем треба да обезбеди да се утврди односот помеѓу сиромаштијата и одделни социјални и

економски индикатори, како БДП, невработеноста, структурните промени во работната сила, демографските фактори. Таквата идентификација треба да им даде на креаторите на социјалните политики да ги воспоставата главните линии на социјална заштита на населението погодено со сиромаштијата во Република Македонија.
Врз основа на примената на приципот на трошоци, методите на апсолутна и релативна сиромаштија, врз основа на податоците собрани од анкетата за потрошувачка на домаќинствата, утврдено е дека за следењето на сиромаштијата во Македонија најсоодветен е методот на релативна сиромаштија. Се покажува дека тој метод може да се земе за основа за создавање на систем на методи и средства за следење и анализа на сиромаштијата, што обезбедува податоци компатибилни со ЕУ, во функција на креирање на социјланите политики за справувње со сиромаштијата.

Научен допринос на трудот: Во овој труд, врз основа на конкретните сознанија добиени од анализите на спецификите на македонското општество, утврдено е дека релативниот концепт за мерење на сиромаштијата е најсоодветен за условите на земјата и е препорачано тој да се употребува во понатамоќните истражувања.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

6. **B. Novkovska**, "The particular position of the unpaid family work", Statistical days: Intergenerational solidarity – the challenge facing modern societies, Radenci, Slovenia, 10-12 November, 2008.

   - *Достапност на трудот:* http://www.stat.si/doc/pub/zbornik_2008.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
   - *Опсег на трудот:* 0,6 а.а.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-961-239-237-6
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 100%
   - *JEL класификација:* O17

Структурата на македонскиот пазар на трудотсе пакажува како изразено неповолна како поради изразено големо учество на невработените, така и пради големото учество на неплатените семејни работници (10%). Бројот на неплатените семејни работници се покажува како голем уште од почетокот на транзицијата.
Преку овој труд се илустрира економското и социјалното значење на неплатениот труд, родовата осетлиовст на неплатениот труд и придонесот на неплатениот труд во економијата во целина. Посебно внимание е посветено на учеството на неплатениот труд во земјоделскиот сектор.

Научен допринос на трудот: Во овој труд е проучена положбата на неплатените работници на маедонскиот пазар на трудот и е утврдено дека таа е изразено неповолна.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

7. **B. Novkovska**, "Quantitative analysis of the poverty in the Republic of Macedonia", Bulletin of the International Statistical Institute, ISI 99, 52nd session, pp. 43-44.

- *Достапност на трудот:* https://www.stat.fi/isi99/proceedings/arkisto/varasto/novk0810.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
- *Опсег на трудот:* 0,2 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* P29

Првите анализи на сиромаштијата во Република Македонија за периодот 1994-1997 година потврдија дека значаен процент од населението се наоѓа под линијата на сиромаштија и дека за одредени групи на населението сиромаштијата се продлабочува. Според тоа, креаторите на социјалните политики претходно биле лишени од подетални информации за условите на живот, санитарните и образовните карактеристики на лицата во неповолна положба, учеството во пазарот на трудот, социјалните последици на сиромаштијата, основните инструменти за надминување на овие состојби. Квалитативната анализа направена во 1997 година врз основа на полуструктуирана анкета на примерок од сиромашни домаќинства, потврди дел од резултатите добиени со релативната метода и ги утврди основните профили на сиромаштијата: лица со завршено основно или средно образование, независно од возраста, исклучени од пазарот на трудот, социјално (само)изолирани, со средства за преживување добиени преку: учество во неформалниот пазар на трудот и тенденција за иселување од земјата. Ранливите групи на население беа определени за целата територија на земјата; тие не се зависат силно од етничката и родовата припадност. Квалитативната анализа обезбедува корисни информации, детални и неопходни за краторите на политиката во врска со развитокот на земјата, особено за одговорностите во доменот на социјалната политика.
Со следење на релативната сиромаштија на населението во Република Македонија во периодот 1994-1997 година, дополнето со квантитативна анализа, потврдено е дека голем дел од населението живее под линијата на сиромаштија и утврдени се профилите на сиромаштијата: лица со завршено основно или средно образование, независно од возраста, исклучени од пазарот на трудот, социјално (само)изолирани, со средства за преживување добиени преку: учество во неформалниот пазар на трудот и тенденција за иселување од земјата.

Научен допринос на трудот: Во овој труд се утврдени профилите на сиромаштија на населението во Република Македонија.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

8. **B. Novkovska**, "Determining the Menu of Indicators and a Core Set of Indicators for Agricultural and Rural Statistics, Strategy for improving agricultural and rural statistics", ISI Satellite Meeting in Maputo on 13-14 August 2009, pp. ISIS/03/03-02–ISIS/03/03-08.

   - *Достапност на трудот:* http://www.fao.org/fileadmin/templates/ess/documents/meetings_and_workshops/maputo_13-14_08_2009/Documents/ISIS_03_03.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
   - *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 100%

- *JEL класификација:* Q19

Во овој труд се презентирани резултатите на анализата на расположивоста на индикатори за следење на состојбата во земјоделството во Југоисточниот регион, со посебен осврт на Република Македонија и нејзината официјална статистика.

Во најголем дел од земјите од регионот ситуацијата во однос на достапните податоци за пресметка на индикатори за сосотојбите во земјоделството и руралниот развој е слична. Националниот капацитет и достапноста на земјоделстските и руралните статистичките податоци, може да се подобри преку воспоставување на:

- Интегрирана база на податоци;

- Главна рамка на примерокот за земјоделство (анализа на податоците добиени врз основа на примерок за кој примерок рамка се податоците од пописите на населението) покажуваат дека овие податоци не се најдобра рамка за истражувања во областа на земјоделството. Ова се потврдува и со податоците од постпописното истражување после попис на населението, каде што се покажува дека податоците за земјоделство собрани за време на попис на населението, се со најнизок квалитет. По спроведувањето на Попис на земјоделството, во 2007 година, создадена е нова рамка за избор на примерок за истражувања во областа на земјоделството. Користењето на овој рамка на примерокот за избор на примерокот до сега покажува дека е со многу повисок квалитет отколку податоците добиени од пописите на населението. Но, по две години на користење на оваа рамка постои потреба од ажурирање на податоците. Проблемите што може да се очекуваат се: подопфатот и преголемиот опфат на одредени категории. Овие проблеми може да се надминат со воспоставување на статистички регистар на фарми или преку воспоставување или со користење на други извори на податоци за ажурирање на резултатите од попис. Во Државниот завод за статистика, воспоставен е статистички деловен регистар, а во процес на воспоставување е и статистичкиот регистар на фарми. Според плановите на ДЗС, за воспоставување на квалитетна база на податоци за подршка на стратегиите за унапредување на земјоделството потребно е :

- воспоставување на статистички регистар на фарми и негово поврзување со статистичкиот деловен регистар, ќе се создадат услови за воспоставување на главна рамка за примерокот за истражување на состојбите во земјоделството;
- поврзување помеѓу различни извори на податоци;
- Прецизен опфат, покриеност на поголем дел од земјоделските единици и јасно утврдена периодичност на земјоделските статистики;
- Подобра координација помеѓу различните единици во ДЗС во процесот на планирање на годишната програма за работа и
- Консултации со другите производители на земјоделски статистики во врска со методолошките прашања и подготовка на нови конкретни истражувања, особено во областите: шумарство, животна средина и климатските промени.

Научен допринос на трудот: Во овој труд, врз основа на анализата на расположивоста на индикатори за следење на состојбата во земјоделството, е предложена листа на индикатори за следење на состојбата во земјоделството.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

9. **B. Novkovska**, "The strategy of human capital development: the role of in-house training", Statistics - Investment in the future 2, Prague, from 14 to 15 September 2009.

- *Достапност на трудот:* https://www.czso.cz/staticke/conference2009/proceedings/data/capital/novkovska_paper.pdf

- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M53

Прашањето за улогата на внатрешната обука во развојот на човечкиот капитал беше проучувано на случајот на Државниот завод за статистика на Република Македонија (ДЗС на РМ), како еден мала статистичка институција во споредба со развиените земји, каде што развојот на човечките ресурси бара сложен пристап и континуирана транзиција на политиката на развој на човечки капитал.
Годишна програма за внатрешна обука за прв пат е воспоставена и се спроведува во Државниот завод за статистика на Република Македонија од 2008 година и со тоа се вброи во малиот број на статистички институции кои имаат вакви програми. Се покажа дека таа е особено значајна за мотивација на вработените и високо ефикасни резултати во пренос на знаење помеѓу вработените. Беше потврдено дека внатрешната обука обезбедува одржливост на сознанијата добиени преку надворешни обуките.

Повеќегодишните резултати од спроведените програми за внатрешна обука на вработените и резултатите од евалуацијата на квалитетот на темите вклучени во овие програми покажаа дека мал завод може правилно и квалитетно да функционира само со добро воспоставена Политика за управување со човечките ресурси.

Научен допринос на трудот: Во овој труд, врз основа на проучување на одделен завод за статистика, предложена е стратегија за развој на човечките ресурси со особено внимание посветено на обуките внатре во институцијата (in-house training).

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.
10. **B. Novkovska**, "Human Resources Training Policy Under Budget Cuts", CES Conference, Seminar on Human Resources and Training, Budapest, September 2012.

- *Достапност на трудот:* https://www.unece.org/fileadmin/DAM/stats/documents/ece/ces/ge.54/2012/HRM_BUDIMPESTA_doc2323.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* Q59

Политиката за развој на човечките ресурси (ПРЧР) на ДЗС е добро етаблирана политика што ја одредува нејзината содржина во согласност со расположливите финансиски и технички ресурси, како и со потребите на вработените. Во услови на намален буџет и зголемување на бројот на нови вработени, најголем приоритет е даден на внатрешните обуки како најевтина и, во исто време, најефикасна форма на обука на вработените. Со споредување на бројот на учесниците и темите во надворешните и внатрешните обуки, овие основни споредби покажуваат дека во внатрешните

обуки, во текот на истиот период, поголем број на учесници се вклучени со користење значително помал износ на финансиски средства, во споредба со случајот на надворешни обуки. Просечниот број на учесници на внатрешните обуки е 32, во споредба со 3 во надворешните обуки (податоците се однесуваат на бројот на учесници на една обука).

Воспоставувањето на посебна програма за новите вработени претставува исклучителна можност за нивно воведување во основите на статистиката и содржината на податоците од статистичката продукција, особено кога голем дел од нив се профили кои не се совпаѓаат со потребите на ДЗС. Сепак, и по реализацијата на надворешната и домашните обуки, и посебната програма за новите вработени, се чини дека остануваат уште отворени прашања. Креирањето на профил или подобрување на профилот на вработените со цел да се подобрат вештините на вработените не е решение само по себе. Не е сигурно дека стекнатото искуство ќе биде од корист барем од две причини:

- Нивото на способноста на вработениот да ги апсорбира знаењата и
- Нивото на способност на вработените за применување на знаењето.

Во овој поглед, многу важен е личниот профил на секој вработен, како и отвореноста за комуникација и подготвеноста за тимска работа. Особено што флексибилноста, адаптибилноста и соработките не се силни страни на досегашните човечки ресурси . Меѓутоа, ако сакаме да ги развиваме и подготвуваме човечките ресурси за да можат квалитетно да одговорат на предизвиците, флексибилноста и соработката мора да се развијат во јаки страни на расположивите ресурси. Домашната обука е добра алатка за да се постигне тоа.

Врз основа на постигнатите резултати со воспоставената ПРЧР, ДЗС ги утврди идните активности поврзани со образованието на своите вработени во наредниот краткорочен период, со цел да се постигне ефикасна, квалитетна и навремена едукација на вработените во услови на ограничени финансиски ресурси:

1. Воспоставување на регистар за обука за регистрирање на сите обуки, теми и учесници со повеќе променливи;
2. Исполнување на очекувањата на развојот на кариерата на постојните вработени;
3. Подобрување на посветеноста и задржување на вработените;
4. Понатамошен развој на системот на менторство;
5. Понатамошен развој на програмата за новите вработени;
6. Воспоставување на систем на вреднување за колективни и индивидуални достигнувања оо завршувањето на обуките.

Научен допринос на трудот: Во овој труд, преку проучување на случајот на одделен завод за статистика, предложена е политика за развој на чоевчките ресурси во услови на ограничувања наметнати со буџетски рестрикции.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

11. **B. Novkovska**, Measuring Non-standard and Informal Employment in the Republic of Macedonia, Research paper, WIEGO, October, 2008. (Paper for the WIEGO meeting on “Measuring Informal Employment in Developed Countries” 31 October-1 November 2008, Harvard University).

- *Достапност на трудот:* http://www.wiego.org/sites/default/files/publications/files/Novkovska_Measuring_informal_empl_Macedonia.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)

- *Опсег на трудот:* 1,5 а.а.
- *Објавен во:* Google Scholar
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* J46

Во текот на последните 15 години, состојбата на пазарот на трудот во Република Македонија е влошена. Бројот на лица кои се невработени, обесхрабрени, подвработени и со ниска плата се зголемува. Податоците од Анкетата за работната сила (АРС) како најцитиран и најсигурен извор на податоци за на пазарот на трудот во Република Македонија покажуваат дека пазарот на труд се карактеризира со релативно ниска стапка на учество на работната сила и со многу висока стапка на невработеност. Моменталната состојба на пазарот на трудот во Македонија е одраз на економската, социјалната и политичката трансформација на земјата по независноста во 1991 година, но, исто така, на долгорочните проблеми во економијата на земјата. Во периодот на економска и политичка транзиција на земјата, многу внимание е посветено на анализа и политички дебати во врска со невработеноста. Сепак мобилноста на работната сила и флексибилноста и сигурноста на вработено лице не се третираат соодветно и комплетна слика за состојбата на трудот се уште недостасува.
За потребите на овој труд, фокусот беше ставен врз првата анализа на нестандардното и неформалното вработување во Република Македонија, направени врз основа на податоците од АРС. Исто така, дискутирани се плановите за идни подобрувања на АРС, како неопходен предуслов за подобро разбирање, мерење и следење на динамиката на проемниет на пазарот на трудот.

Научен допринос на трудот: Во овој труд е направена детална анализа на пазарот на трудот во Македонија фокусирана врз нестандардното и неформалното вработување. Утврдено е дека во Македонија мнозинството на неформално вработените не работат од дома.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

в) Поглавја во книги

1. P. Petrova, Y. Gancheva, K. Stojanovik-Aleksoska, A. Bexheti, **B. Novkovska**, L. Kostarova-Unkovska, D. Atanasov, Zh. Chonteva, M. Donevska, S. Cucak, K. Sentic-Gaber, Child Poverty Study in fyr Macedonia, UNICEF 2007.

   - *Достапност на трудот:* https://www.unicef.org/socialpolicy/files/Macedonia_childpoverty.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
   - *Опсег на трудот:* 14,0 а.а.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-9989-116-38-4
   - *Проценет придонес на авторот:* 20%
   - *JEL класификација:* P29

Во оваа книга се дава детален преглед за состојбите со сиромаштијата на децата во Република Македонија. Во Глава 1 се прикажани дефинициите и методологијата на истражувањето спроведено од тим на експерти во оваа област. Во Глава 2 се прикажани основите макроекономски индикатори и нивото на сиромаштија во Македонија. Во Глава 3 се изнесени расположивите податоци за сиромаштијата и социјалната исклученост во Македонија. Во Глава 4 е даден преглед на

неодамнешните реформи во Македонија. Во Глава 5 е прикажана законската регулатива за прашањата на децата. Во глава 6 е даден преглед на буџетските средства што се доделуваат за децата. Во Глава 7 се изнесени клучните заклучоци сугестии за подобрување на состојбите, врз основа на анализата на сите податоци прикажани во книгата.

Научен допринос на трудот: Во овој труд детално се проучени состојбите со сиромаштијата на децата во Република Македонија и се даадени сугестии за нивно подобрување.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 20 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд.

2. S. Elder, **B. Novkovska**, V. Krsteva, "Labour market transitions of young women and men in the former Yugoslav Republic of Macedonia", International Labour Office Geneva, July 2013.

- *Достапност на трудот:* http://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/documents/publication/wcms_492719.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (research paper)
- *Опсег на трудот:* 6,7 а.а.
- *Објавен во:* ILO Cataloguing in Publication Data
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2309-6780
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* J40

Овој труд е првиот труд објавен од Меѓународната Организација на Трудот, а се однесува на младите лица и пазарот на трудот. Главната цел беше да се утврди преминот на младите лица од образвониот процес кон пазарот на трудот. Главната причина за направените анализи е превисоката невработеност кај младите лица која долг период е повисока од 50%.

Невработеноста и подвработеноста на младите во Република Македонија претставуваат голем трошок за земјата во економска, политичка и општествена смисла.

Едно од секои две млади лица во работната сила е невработено. Високата стапка на невработеност на младите – меѓу највисоките во светот – значи загуба на инвестиции во образованието и обуката, намалување на даночната основа и повисоки социјални трошоци. Во исто време, долгите периоди на невработеност во раните фази на живот влијаат на можностите за добивање на работни места во работниот век на младите. Со оглед на тешкотиите со кои се соочуваат младите во земјата, сегашната генерација е во опасност да стане исплашена генерација. Исто така, високата стапка на невработеност кај младите луѓе може да биде извор на социјална нестабилност.

Во Глава 1 се даваат воведни напомени и се изнесуваат главните сознанија за проблемот. Во Глава 2 се поставува социо-економскиот контекст и контекстот на пазарот на трудот во земјата и се дава опис на целите и методологијата на процесот на истражување. Во Глава 3 детално се прикажуваат карактеристиките на младите изведени од истражувањето. Во Глава 4 детално се разгледуваат фазите на транзиција на младите на пазарот на трудот. Во Глава 5 се разгледуваат импликациите од разгледаните состојби врз креирањето на политиките и се изнесуваат препораки за потребните мерки за намалување на периодот на вклучување на младите вовработеноста по завршување на образовниот процес.

Научен допринос на трудот: Во овој труд детално се проучени премините на пазарот на младите жени и мажи на пазарот на трудот во Република Македонија. Врз осна на тие сознанија се

изнеусуваат прпеораки за тоа како да се намали периодот на вклучување на младите жени и мажи во вработеноста од моментото на завршување на образованието.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд.

3. М. Доневска, В. Димитриевска, **Б. Новковска**, "Сиромаштија – состојби во Македонија", Филозофски факултет, Скопје 2011.

- *Достапност на трудот:* printed
- *Вид на трудот (категорија):* универзитетски учебник (university textbook)
- *Опсег на трудот:* 18,3 а.а.
- *Објавен во:* COBISS
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-4508-61-8
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* I30

Ова е првиот ученик во Македонија од подрачјето на сиромаштијата.
Овој труд ги елаборира конвенционалните содржини на научната дисциплина сиромаштија, при што е користена изворна и релавантна литература иденоставна математичко-статистичка поддршка, приспособен на студенти од соодветните студиски години, што се смета за посебен квалитет на трудот. (рецензија од проф. д-р Димитар Ефтимовски).

Посебно треба да се нагласи вредноста на самиот пристап, каде што се интегрирани квантитативниот пристап и богатството на методи што тој ги нуди во поглед на анализата на сиромаштијата и квалитативниот пристап, кој проблемот на сиромаштијата го посматра одвнатре со сите последици што сиромаштијат ги носи. (рецензија од проф. Д-р Милева Ѓуровска)

Следниве поглавја од книгата се изработени од д-р Благица Новковска:

Глава 2. Сиромаштија, нееднаквост и општествена стратификација: во оваа глава се објаснети сиромаштијата и нееднаквоста, нееднаквоста во распрелбата на доходите, факторите коишто влијаат на нееднаквоста на дистрибуцијат на приходите и врската помеѓу сиромаштијата и општествената стратификација.

Глава 3. Поим, концепти и методи за мерење на сиромаштијата: во оваа глава е дефинирана сиромаштијата во функција на мерењето и опишани се концептите и методите за мерење на сиромаштијата.

Глава 4. Линии на сиромаштијата: во овааа глава се објаснети апсолутната линија на сиромаштија и релативната линија на сиромаштија и се споредени помеѓу себе, објаснета е субјективната линија на сиромаштија, разгледани се правнополитиќки телинии на сиромаштија и линијата на сиромаштија утврдена врз база на индексите на депривација.

Глава 6. Еквивалентни скали: во оваа глава е воведен поимот на еквивалентните скали и опишана е неговата функција, опишана е конструкцијата на еквивалентние скали и влијанието на еквивалентните скали мерењето на сиромаштијата.

Глава 7. Профили на сиромаштијата: во оваа глава се опишани врски помеѓу сиромаштијат аи економскиот статус, сиромаштијат аи возраста, сиромаштијата и родот, социјалната исклученост на малдите лица во Македонија и сиромаштијата и другите социодемографски белези.

Глава 8. Мерење на сиромаштијата во Република Македонија: во оваа глава се објаснети лината на сиромаштија, дадени се концепциските основи на мерењето на сиромаштијата и опишани се

мерната единица и изворите на податоци.

Научен допринос на трудот: Во овој труд детално се опишани состојбите со сиромаштијата во Република Македонија, како од социлошки, така и од социоеконмски аспект.

Личен научен допринос на авторот: личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење со статистичките вредности.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на домашните рецензенти кои овој научен труд го оцениле како монографија.

2.2.3.2. После избор во звање доцент

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

1. Dumičić, Ksenija, **Blagica Novkovska**, and Emina Resić. 2019. Editorial for the special issue:"Advances and Trends in Post-transition Countries: Statistical Modelling Approach". *Business Systems Research Journal* 10 (2): 1–5.
    - *Достапност на трудот:* https://doi.org/10.2478/bsrj-2019-026
    - *Вид на трудот (категорија):* уреднички труд (editorial)
    - *Опсег на трудот:* 0.5 а.а.
    - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
    - *Трудот е каталошки евидентиран:* **e-ISSN:** 1847-9375
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 30%
    - *JEL класификација:* P2, C5

Опис на трудот

Во дадениот специјален број на Истражување на деловните системи ги истакнува неодамнешните достигнувања и трендови во земјите по транзицијата, земајќи го предвид пристапот за статистичко моделирање. Девет трудови што се избрани за ова специфично издание претставуваат подобрувања и нови техники (методологија) во статистичкото моделирање и нивната употреба во различни аспекти на развој во земјите во пост-транзиција.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува анализа на трудовите што се објавуваат во специјалниот број од аспект на статистичкото моделирање.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економското моделирање, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го

оцениле како уреднички труд (editorial).

2. **Novkovska, Blagica**, and Ksenija Dumičić. 2018. Energy Consumption as an Indicator of Hidden Economy: Comparative Analysis. *Business Systems Research Journal* 9 (2): 96–107.

- *Достапност на трудот:* https://doi.org/10.2478/bsrj-2018-0022
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 1.2 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **e-ISSN:** 1847-9375
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 60%
- *JEL класификација:* O17

Опис на трудот

Сивата економија претставува голем проблем за сите национални економии, особено за оние во земјите во развој. Во овој труд се дискутирани методите за одредување на големината на скриената економија. Посебно внимание е посветено на методите во кои се користи потрошувачката на електрична енергија како индикатор (методот на Лацко и методот на Кауфман и Калибердам). Користени се модифицираниот метод на Лацко прилагоден за една одделна земја и софистицираниот метод на Кауфман и Калиберда. Се покажува дека ваквите методи се ефикасни во мерењето на скриената економија во малите отворени економии изложени на сериозни надворешни влијанија. Трудот ги претставува резултатите за Македонија и прави нивна споредба со резултатите за Хрватска, како добар пример за другите држави од Западен Балкан. Се заклучува дека моделните методи кои вклучуваат потрошувачка на енергија се особено ефикасни во одредувањето на големината на скриениот економски сектор во малите отворени економии како оние на земјите од Западен Балкан.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува адаптирањето на методите за статистичкото моделирање на сивата економија за пресметување на обемот на сивата економија во малите отворени економии како оние на земјите од Западен Балкан.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 60 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економското моделирање, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

3. **Novkovska, B**., and N. Novkovski. 2018. Energy consumption and hidden economy in Macedonia: Causes and responses. *Journal of Policy Modeling* 40 (1): 166–181.

- *Достапност на трудот:* https://doi.org/10.1016/j.jpolmod.2017.11.004
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 1.6 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти

- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **e-ISSN:** 0161-8938
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 80%
- *JEL класификација:* E26 Q43 P28

Опис на трудот

Во трудот се предлага еденкомпактен аналитички модел за проценка на големината на скриената економија (H), користејќи две влезни варијабли: вкупна потрошувачка на електрична енергија во земјата и бруто домашен производ.
Добиен е аналитички израз за H, како експлицитна функција на n (година) и два параметра: H (0) (големината на скриената економија во основната година (n = 0)) и параметрите μ (еластичноста за потрошувачка на електрична енергија во однос на бруто домашниот производ) и r (релативна ефикасност на скриената економија во споредба со редовната економија).
Покажано е дека големината на скриената економија може ефективно да се процени врз основа на варијациите на потрошувачката на енергија. Користејќи ги резултатите за случајот со Македонија, идентификувани се неколку осцилации што се припишуваат на драматични настани и се предлага пристап на политика на одговарање на надворешни шокови што создаваат сова економија, а не на општо прифатените фактори (на пример, одаточувањето).

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува усовршувањето на методот на Кауфман и Калиберда за мерење на сивата економија преку потрошувачкат на енергија, со добивање на аналитички облик и воведување на нов параметар што ја изразува релативната ефикасност на сивата економија во однос на регуларната.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 80 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економското моделирање и спецификите на сивата економија, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (Research article).

4. **Novkovska, Blagica**, Irena Palić, and Sabina Hodžić. 2018. Editorial for the special issue:“Advances in statistical modelling for economic Policy-Making” in Croatian Review of Economic, Business and Social Statistics." *Croatian Review of Economic, Business and Social Statistics* 4 (2): 1–4.
    - *Достапност на трудот:* https://doi.org/10.2478/crebss-2018-0007
    - *Вид на трудот (категорија):* уреднички труд (editorial)
    - *Опсег на трудот:* 0.4 а.а.
    - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
    - *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 2459-5616
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 60%
    - *JEL класификација:* C5

Опис на трудот

Статистичкото моделирање е од суштинско значење за анализа на различни аспекти на економската политика. Анализата на економската политика значително се развиваше со децении со развојот на статистичкото моделирање. Честопати имало јавни дебати во врска со соодветните одговори на креаторите на економската политика на економските флуктуации. Здравото статистичко моделирање треба да обезбеди основа за соодветно донесување одлуки на макро и микро ниво, а со тоа и прашањето за статистичко моделирање да добие поголема важност. Ова специјално издание претставува девет трудови што опфаќаат користење на статистички методи за истражување и модели за анализа на фискалната, монетарната и енергетската политика, здравствената и спортската квантитативна анализа, методите на истражување и индексите на цените, како и анализата на дигиталното општество.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува анализа на трудовите што се објавуваат во специјалниот број од аспект на статистичкото моделирање.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 60% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економското моделирање, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како уреднички труд (editorial).

5. Kjosev, Sasho, and **Blagica Novkovska**. 2017. Developing Social Accounting Matrix for Macedonia: a challenge ahead. *Croatian Review of Economic, Business and Social Statistics* 3 (2): 10–19.
    - *Достапност на трудот:* https://doi.org/10.1515/crebss-2017-0006
    - *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
    - *Опсег на трудот:* 1.0 а.а.
    - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
    - *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 2459-5616
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 40%
    - *JEL класификација:* C54, C55, C82, O21

Опис на трудот

Матрицата за социјално сметководство (SAM), заедно со пристапот (SESAME), обезбедува многу корисна основа за длабински анализи на сите социо-економски текови во развиените економии. Целта на овој труд, по првичното објаснување на теоретските основи на овие методи за развојна анализа, е да придонесе за подигање на свеста за итната потреба за развој и спроведување на овие методолошки пристапи во Република Македонија. Посебно внимание се посветува на анализата на моменталната состојба поврзана со подготвеноста на националниот статистички систем да ги обезбеди сите потребни статистички податоци и логистичка поддршка за поефикасна подготовка и имплементација на овие методолошки пристапи во националната економија. Трудот детално ги

анализира податоците кои опишуваат особено важни аспекти на положбата на работниците на пазарот на трудот насочени кон нивно користење како основа за пристапот СЕСАМ. Извршена е компаративна анализа во однос на земјите од ЕУ. Трудот завршува со презентирање на практични препораки кои треба да доведат до подготовка и имплементација на SAM и неговото проширување (SESAME) во Република Македонија. Тоа треба да се искористи за успешен процес на донесување одлуки поврзани со креирање и спроведување на ефикасни макроекономски и развојни политики во земјата.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува предлогот за приспособување и примена на методот на матрицата за социјално сметководство којашто се покажува функционална кај развиените економии и за Република Македонија.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на социјалните сметки, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

6. **Novkovska, Blagica**, and Violeta Milenkovska. 2020. How to build robust on-line job-interview resistant to health-risk generated crises. *UTMS Journal of Economics* 11 (2): 243–250.

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.11.No.2/HOW_TO_BUILD_ROBUST_ON-LINE_JOB_INTERVIEW_RESISTANT_TO_HEALTH-RISK_GENERATED_CRISES.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 0.8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 60%
- *JEL класификација:* M51, O15, O33

Опис на трудот

После почетокот на пандемијата КОВИД-19 и забележаниот екстремен негативен ефект врз економијата, стана јасно видливо дека создавањето на систем за вработување на на лица избегнувајќи ги физичките пречки присутни при здравствени ризици е неопходен за одржување на постигнатото ниво на напредок на компанијата. Во овој труд, тековните состојби во врска со прашањето за користење Интернет-интервјуа во процесот на вработување се дискутираат од различни аспекти. Презентирана е квалитативна и квантитативна анализа за важноста на интервјуата преку Интернет и можностите за нивниот развој. Предложена е организација на процесот на вработување, вклучително и интервјуа на Интернет, со користење на софистицирани алатки за анализа на ИКТ. Разгледана е можноста малите и средни компании да користат ваков систем. Вклучувањето на услуги на трети страни е идентификувано како функционално решение за градење на стабилен систем на регрутирање на кадри. Се очекува ваквиот пристап да доведе до

создавање на робусни системи за интервјуа, отпорни на ненадејни шокови, особено создадените од здравствени кризи.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува предлогот за организација на системот на интервјуа за вработување отворен на ненадејни удари, како што се здравствените кризи.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 60 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на организација на бизнис ситеми, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

7. Dumičić, Ksenija, **Blagica Novkovska**, and Emina Resić. 2020. Share of adults who order goods or services online influenced by share of those with digital skills broken down by gender: cluster analysis across European countries. *Sarajevo Business and Economics Review* 38: 97–114.

- *Достапност на трудот:* https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=917396
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 1.8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1986-5473
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* C3

Опис на трудот

Овој труд го истражува влијанието на дигиталните вештини на жените и мажите врз процентот на поединци што нарачуваат стоки или услуги преку Интернет во избрани европски земји. Во ЕУ28, од 2007 до 2018 година, овој процент се зголемува линеарно за 2,8 процентни поени на годишно ниво, и е двојно зголемен од 30% на 60%, па врз основа на линеарната прогноза за екстраполација, се очекува тој да достигне 65% во 2020 година. Во 2017 година, процентот на такви корисници на Интернет се движел од 13%, за Црна Гора до 82%, за Велика Британија, со просек од 48%. Со фокусирање само на кандидатите за ЕУ, освен Црна Гора, која има минимална вредност на разгледуваниот индикатор, Северна Македонија има 15%, Србија 31% и Турција достигна 21%, и тие се вклучуваат на групата со Романија Бугарија, Грција и Хрватска. Анализирани се корелациите на процентот на жени и мажи кои имаат основни или над основните дигитални вештини со главната варијабла што се испитува, а се чини дека позитивната корелација е малку посилна за женската отколку за машката популација. Групирањето на земјите во кластри се чини дека е различно кога се користи променливата што покажува основни или над основните дигитални вештини за жени и мажи, покажувајќи во Словенија изненадувачки видлива промена од помалку, во 2007 година, до повеќе развиените кластери на земји, во 2017 година, кога се користат податоци за жените. Овој резултат може да се искористи во подобрување на продажните пристапи и техники, со перспектива за подобрување на деловните резултати и задоволството на клиентите, и може да биде корисен за креаторите на образовните политики во недоволно развиените земји, за да се влијае на зголемување

на усвојувањето на дигиталните вештини и кај обата пола.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува наоѓањето на поврзаностана дигиталните вештини на жените и мажите врз процентот на поединци што нарачуваат стоки или услуги преку Интернет.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на утврдувањето на поврзаност помеѓу индикатори за разни појави преку статистичко моделирање, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

8. Milenkovska, Violeta, and **Blagica Novkovska**. 2019. How To Build Total Quality Management System For Higher Education In A Small Country. *UTMS Journal of Economics* 10 (2): 227–235.

- *Достапност на трудот:* https://www.utmsjoe.mk/files/Vol.%2010%20No.%202/UTMSJOE-2019-1002-08-Milenkovska-Novkovska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* претходна комуникација (preliminary communication)
- *Опсег на трудот:* 0.8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* I21; I29; K39; M3

Опис на трудот

Во овој труд детално е дискутирано прашањето за ефективно воспоставување на систем за управување со целосен квалитет во високото образование во Македонија. Во последните две децении во Македонија, се случија значителни промени: воведување на Болоњскиот систем, формирање приватни високообразовни институции, придружени со повеќекратни измени на соодветната државна регулатива. По период на интензивни промени, актуелната состојба на системот на високо образование е релативно стабилна, овозможувајќи воведување на широко применлив систем за управување со квалитет наменети да се користат во иднина на долг рок. На централно ниво, одредена улога се очекува да ја има Агенцијата за квалитет на високото образование, одговорна за акредитација и евалуација на високото образование во Македонија, според новиот закон. Ефективниот систем треба да произведе вредност за сите засегнати страни. Авторите сметаат дека во следниот период ќе се воспостават оптимални услови за воведување рамномерен систем за целосно управување со квалитетот што ќе поддржи забрзано подобрување на квалитетот на услугите за високо образование.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува предлогот за организација на системот за целосно управување со квалитето во високото образование.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и

методолошко владеење на проблематиката на организација на системи на квалитет, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како претходна комуникација.

9. **Novkovska, Blagica**. 2019. Relationship between shadow and green economy: less shadow more green. *Green Finance* 1(2): 130–138
   - *Достапност на трудот:* https://doi.org/ 10.3934/GF.2019.2.130
   - *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
   - *Опсег на трудот:* 1.9 a.a.
   - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 2643-1092
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 100%
   - *JEL класификација:* E26, Q43, P28

Опис на трудот

Главната цел на трудот е да се утврди релативната ефикасност на сивата економија (r) во однос на редовната економија. Проучени се национални економии со различна големина и ниво на развој (Македонија, Албанија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Израел, Чешка, Унгарија, Швајцарија и САД). При пресметките бил користен софистициран метод на потрошувачка на енергија. Откриено е дека односот r за различни економии варира во голем опсег од 0,14 до 0,70, опфаќајќи го скоро целиот интервал на теоретски очекувани вредности (од 0 до 1). Затоа, светските економии значително се разликуваат не само од големината на скриената економија, туку и по ефикасноста на користењето на енергетските ресурси во неа. Се очекува дека мерките што водат кон намалување на скриената економија, исто така, ќе обезбедат значително зголемување на ефикасното користење на енергијата и, очекувано, разни други ресурси. Интервенциите во секторот скриена економија со цел позелено производство на енергија се чини дека се особено важни за тековната транзиција кон зелената економија, бидејќи троши голем дел од вкупната енергија заради ниската енергетска ефикасност во овој сектор. Како заклучок, при креирање политики насочени кон справување со сивата економија, треба да се земат предвид двата аспекта - големината и енергетската ефикасност.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува примената на усовршениот метод на Кауфман и Калиберда за мерење на сивата економија преку потрошувачкат на енергија, во утврдувањето на ефикасноста на сивата економија во различќни земји.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економското моделирање и спецификите на сивата економија, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

10. **Novkovska, Blagica**, and Ksenija Dumicic. 2019. Ordering Goods and Services Online in South

East European Countries: Comparison by Cluster Analysis. *UTMS Journal of Economics* 10 (2): 163–173.

- *Достапност на трудот:* https://www.utmsjoe.mk/files/Vol.%2010%20No.%202/UTMSJOE-2019-1002-03-Novkovska-Dumicic.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 1.1 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 60%
- *JEL класификација:* C38; C53; L81; L86

Опис на трудот

Голем број на набавки преку Интернет на стоки и услуги денес е рапидно растечки дел од современата економија. Тоа е поврзано со брзи промени во трговијата, како и во начинот на живот на целото население. Во овој труд се проучува влијанието на главните фактори врз набавките преку Интернет во земјите од Југоисточна Европа во споредба со земјите од ЕУ-28. Користејќи го избраниот модел на најмали квадрати, се покажува дека постои силна зависност на процентот на лица кои користат Интернет за нарачка на стоки или услуги од нивото на пристап до Интернет за домаќинствата и од процентот на лица на возраст од 16-74 години кои имаат основни или над основните целосни дигитални вештини. Врз основа на анализата на кластери, идентификувано е дека земјите од регионот признаени кандидати за идно членство во Европската унија (МЕ, МК, ТР, РС) демонстрираат слични обрасци на развој како и другите земји од регионот кои веќе се земји-членки на ЕУ (РО, ВР , БГ). Може да се очекува во иднина купувањето преку Интернет значително да придонесе за забрзување на економскиот раст на овие групи земји.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува утврдувањето на зависноста на процентот на лица кои користат Интернет за нарачка на стоки или услуги од нивото на пристап до Интернет за домаќинствата и од процентот на лица на возраст од 16-74 години кои имаат основни или над основните целосни дигитални вештини.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 60 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за утврдување на врски помеѓу индикаторите за појавите преку статистичкомоделирање, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

11. Dumičić, Ksenija, Lea Bregar, and **Blagica Novkovska**. 2019. Adult Participation in Learning in Digital Age: Profiles of Clustered European Union Countries. *Mednarodno inovativno poslovanje = Journal of Innovative Business and Management* 11(3): 20–34.

- *Достапност на трудот:* https://doi.org/10.32015/JIBM/2019-11-3-3
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 1.5 а.а.

- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1855-6175
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* C31, C38, D83

Опис на трудот

Во трудот е проучувано дали и во колкава мера дигитализацијата и интензитетот на истражувачката дејност во една земја (на пр. Словенија, Хрватска) влијаат на учеството на возрасните во учењето (APinL). Статистичката анализа за земјите од ЕУ28 за 2018 година, спроведена со комбинација на различни статистички методи, истакнува силни позитивни корелации на APinL со одбрани варијабли (човечки капитал; употреба на интернет услуги; интеграција на дигитална технологија; учество на трошоците за истражување во БДП – ГЕРД). Кластерингот и анализата на графиконот на профилот јасно откриваат три групи на земји кои се разликуваат според постигнатото ниво на дигитализација, што е во согласност со нивото на APinL. Високиот APinL во дигитално напредните земји може главно да се припише на зголемените образовни потреби и на новите иновативни форми на образование.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува утврдувањето на мерката во која дигитализацијата и интензитетот на истражувачката дејност во една земја влијаат на учеството на возрасните во учењето.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за утврдување на врски помеѓу индикаторите за појавите преку статистичко моделирање, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

12. **Novkovska, Blagica**, and Gordana Serafimovic. 2018. Recognizing the vulnerability of Generation Z to economic and social risks. *UTMS Journal of Economics* 9 (1): 29–37.
    - *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%209%20No.%201/UTMSJOE-2018-0901-03-Novkovska_Serafimovic.pdf
    - *Вид на трудот (категорија):* претходна комуникација (preliminary communication)
    - *Опсег на трудот:* 0.9 а.а.
    - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
    - *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1857-6982
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 60%
    - *JEL класификација:* : C22; C52; E24; I24; J29

Опис на трудот

Генерацијата Z, позната и како „Нет-генерација“ и „Дигитални домородци“, е од посебен интерес за истражувачите заради нејзините специфики што потекнуваат од промените предизвикани во секојдневниот живот од новите технологии. Познато е дека оваа група е многу ранлива на неколку економски и социјални ризици, во зависност од карактеристиките на општеството во кое живеат. Во овој труд е проучена социо-економската состојба на младите во некои мали земји со различни нивоа на развој. Особено значење се посветува на криминалитетот како фактор на ризик за генерацијата Z. Случајот со Македонија е детално проучен, користејќи ги релевантните податоци за периодот од 2007 до 2016 година. Откриено е дека криминалитетот е силно поврзан со големината на NEET (дел од групата што не е во образование, вработување или обука).

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува добивањето на нови сознанија за социо-економската состојба на младите од генерацијата Z во некои мали земји со различни нивоа на развој.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 60 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за утврдување на врски помеѓу индикаторите за појавите преку статистичко моделирање, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како претходна комуникација (preliminary communication).

13. Palevska, Valentina Mucunska, and **Blagica Novkovska**. 2018. The Participation of ICT in Activities of Economic Subjects in Small Economy. *UTMS Journal of Economics* 9 (2): 157–168.
    - *Достапност на трудот:* http://www.utmsjoe.mk/files/Vol.%209%20No.%202/UTMSJOE-2018-0902-05-Mucunska_Palevska-Novkovska.pdf
    - *Вид на трудот (категорија):* претходна комуникација (preliminary communication)
    - *Опсег на трудот:* 1.2 а.а.
    - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
    - *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1857-6982
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 40%
    - *JEL класификација:* : D83; L86; L96

Опис на трудот

Употребата на дигитална технологија во бизнисот е од посебен интерес за истражувачите, затоа што информатичките и комуникациските алатки генерираат промени што се одразуваат на продуктивноста на организациите и економскиот развој на земјите. Овој труд ја истражува врската помеѓу информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) и економските субјекти во малите земји, т.е. нивото на инвестиции и примена на дигиталната технологија во работењето на стопанските субјекти во Република Македонија и влијанието врз економскиот раст и развој. Соодветни податоци за периодот од 2013 до 2017 година беа искористени за анализа на состојбата. Врз основа на добиените индикатори, се покажа дека економските субјекти недоволно инвестираат во информатичко-комуникациска технологија што резултира со ниско ниво на примена во работењето, а со тоа и намалена продуктивност и профитабилност. Заклучено е дека

привлекувањето странски директни инвестиции и зголемувањето на извозот бараат македонските организации да го променат постојниот начин на работа со зголемување на употребата на ИКТ и активно вклучување во имплементација на Е-бизнис во нивното работење.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува добивањето на нови сознанија за врската помеѓу информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) и економските субјекти во малите земји.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за утврдување на врски помеѓу индикаторите за појавите преку статистичко моделирање, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како претходна комуникација (preliminary communication).

14. Milenkovska, Violeta, and **Blagica Novkovska**. 2018. How to Establish Uniform Higher Education Quality Management System for Macedonia. *UTMS Journal of Economics* 9 (2): 213–220.

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.%209%20No.%202/UTMSJOE-2018-0902-10-Milenkovska-Novkovska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* претходна комуникација (preliminary communication)
- *Опсег на трудот:* 0.8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* : I21; I29; K39

Опис на трудот

Управувањето со целосниот квалитет на високообразовните институции е од огромно значење за современото општество и претставува зголемен интерес за истражувачите. Во овој труд детално се дискутира прашањето за ефективно воспоставување на систем за управување со целосен квалитет во високото образование во Македонија. Се дискутира за моменталната состојба на системот и законодавната околина. Откриено е дека по значителни промени во системот, воспоставено е стабилно развиено правно опкружување. Детално се дискутирани движењата на бројот на дипломирани студенти во периодот 2000-2016 година и е идентификувано потеклото на варијациите. Забележано е заситување на овој индикатор во последната деценија и потеклото на заситувањето е објаснето. Врз основа на искуствата од другите земји со развиен високообразовен систем, се даваат предлози за воспоставување ефикасен систем за управување со тотален квалитет за случајот Македонија. Предложен е детален модел за воспоставување на заеднички систем за управување со целосен квалитет.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува добивањето на нови сознанија за движењата на главните индикатори за опфатот и постигањата на системот на високото образование и предложен е ефикасен систем за управување со церлосниот квалитет за случајот Македонија.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за утврдување на врски помеѓу индикаторите за појавите преку статистичко моделирање, како и практичното владеење со методите за воспоставување на управување со целосниот квалитет, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како претходна комуникација (preliminary communication).

15. **Novkovska, Blagica**. 2017. Regional development disparities and their connection with hidden economy. *UTMS Journal of Economics* 8 (2): 151–158.

- *Достапност на трудот:* http://www.utmsjoe.mk/files/Vol.%208%20No.%202/UTMSJOE-2017-0802-09-Novkovska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (Review)
- *Опсег на трудот:* 0.8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* : : E26; R11; R58

Опис на трудот

Регионалните диспаритети во развојот на регионите на една земја може да го забават растот на целата национална економија. Потребно е утврдување на ваквите диспаритети заради креирање на соодветни економски политики, потребни за преземање активности против факторите што го попречуваат економскиот раст. Сивата економија е, од друга страна, феномен што рефлектира разни слабости на економијата поврзани со слични фактори, како оние што влијаат на регионалниот развој. Во овој труд се разгледува прашањето за поврзаноста помеѓу регионалните диспаритети и движењето на скриената економија во разгледаните региони. Индексите на развој за осум региони на Република Македонија се утврдени за периодот 2008-2015 година. Економските, демографските и (вкупните) индекси на развој се пресметуваат со употреба на економски (БДП по глава на жител, стапка на невработеност, итн.) и демографски индикатори (природен раст на населението, стапка на нето миграција, итн.), како и рангирање по ниво на развој за различни подпериоди. Три од осумте региони се покажуваат значително послаби од националниот просек, еден регион се покажува значително подобро од просекот, а останатите се покажуваат близу до националниот просек. Забележана е тесна врска на регионалните диспаритети со движењето на сивата економија за разгледаните региони, што укажува на тоа дека диспаритетите и сивата економија се поврзани. Затоа, економските политики што се занимаваат со регионален развој и сива економија мора да бидат координирани со цел да се добијат максимални резултати за регионите и целата земја.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува добивањето на нови сознанија за врската помеѓу регионалните диспаритети и сивата економија.

Личен научен придонес на авторот:

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за утврдување на врски помеѓу индикаторите за појавите преку статистичко моделирање, како и во неговото широко познвање на појавите поврзани со сивата економија, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд.

16. **Novkovska, Blagica**. 2017. Severity of the Issue of Excluded Young People in Macedonia from Education, Trainings and Employment: How to Cope With? *UTMS Journal of Economics* 8 (3): 295–306.

- *Достапност на трудот:* http://www.utmsjoe.mk/files/Vol.%208%20No.%203/UTMSJOE-2017-0803-08-Novkovska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* претходна комуникација (Preliminary communication)
- *Опсег на трудот:* 1.0 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* : J29; D63; I21

Опис на трудот

Прашањето на младите на возраст од 15-24 години кои се дел од НОВО (Не се во Образованието, Вработувањето или Обуката) е од посебен интерес за истражувачите и креаторите на политики, бидејќи социјалното исклучување има силно негативно влијание врз основните потреби на лицата. Утврдувањето на обемот на горенаведениот социјален феномен е основа за анализи и креирање политики со цел да се справат со нив. Овој труд известува за резултатите од 10-годишната анализа на базата на податоци за млади луѓе на возраст од 15-24 години во Македонија, кои се дел од НОВО. Младите луѓе кои се идентификуваат како НОВО имаат многу висок ризик да станат ранлива група за сиромаштија и социјална исклученост. Статусот на овие луѓе станува сè поважен низ цела Европа, а нивното вклучување во општеството е клучна цел на политиката на европско ниво. Податоците прикажани во трудот укажуваат на потребата од постојана, ефективна и добро насочена поддршка на младите со цел да се обезбеди одржливо нивно вклучување во образованието и пазарот на трудот. Ова вклучување бара долгорочни стратегии за зголемување на образовните вештини, компетенциите и вработливоста на младите. Овие стратегии треба да бидат насочени кон ефективни обуки за извршување на помошни задачи поврзани со употребата на новите технологии за кои се очекува да бидат доминантни во 21 век, со создавање на нов вид на професионално образование.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува добивањето на нови сознанија за социо-економската состојба на младите на возраст од 15-24 години кои се дел од НОВО (Не се во Образованието, Вработувањето или Обуката).

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за проучување на социо-економските појави и утврдување

насоки за креаторите на политиките во решавањето на наведениот проблем.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд.

17. **Novkovska, Blagica**. 2016. How Strongly the Hidden Economy of a Small Country can be Influenced by Drastic Events: Case of Macedonia. *UTMS Journal of Economics* 7 (2): 187–195.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%207%20No.%202/UTMSJOE-2016-0702-05-Novkovska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (preliminary communication)
- *Опсег на трудот:* 0.9 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* **ISSN:** 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* : E26; Q43; P29

Опис на трудот

Сивата економија претставува голем проблем и за земјите во развој и за развиените земји. Од посебен интерес е прецизното утврдување на временската шема на сивата за малите економии во развој, кои покажуваат многу особености. Неколку методи за проценка на скриената економија ефикасно се користат во економските истражувања. Потребен е соодветен модел базиран на некои од овие методи за малите економии во развој. Во оваа работа е предложен модифициран модел на потрошувачка на домаќинствата на електрична енергија. Користејќи го овој модел, пресметани се временските варијации на сивата економија во Република Македонија за периодот 1992–2014 година. За под-периодот 1999-2007 година, добиените вредности се во одлична согласност со вредностите објавени во литературата добиени со динамичкиот метод на повеќекратни причини и повеќе индикатори, докажувајќи дека методот предложен во оваа работа дава многу релевантни резултати. Така добиената временска шема на скриената економија во Македонија, користејќи деконволуција со Гаусијани, е опишана со пет придонеси: основно ниво од 32% и четири гаусови пика што одговараат на хиперинфлација, Косовскиот конфликт, безбедносна криза во Македонија и банкарска криза. По истекот на ефектите од овие шокови, сивата економија се приближува кон основната линија со околу 32%. Предложено е да се користи овој модифициран метод за проценка на големината на сивата економија во разни мали економии.

Научен придонес на трудот:
Научен придонес на трудот претставува добивањето на нови сознанија за двиѓењето на сивата економија на национално ниво во мала економија силно изложена на надворешни шокови.

Личен научен придонес на авторот:
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за утврдување на мерењето на сивата економија.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како претходна комуникација (preliminary communication).

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции

1. Milenkovska, Violeta, and **Blagica Novkovska**. Perspectives for Total Quality Management in Higher Education in Macedonia. 2018. In *6th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2018, Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs October 15–16, 2018, Skopje, Macedonia*, pp. 279–288.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/congress-programm-2018
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40 %
- *JEL класификација:* I21, I29

Опис на трудот

Во овој труд детално е разгелдано прашањето за ефективно воспоставување на систем за управување со целосен квалитет во високото образование во Македонија. Врз основа на искуствата од другите земји, се даваат предлози за случајот со Македонија. Во Македонија, суштински промени се случија во последните две децении: воведување на Болоњскиот систем, формирање приватни високообразовни институции, придружени со повеќекратни измени на соодветната државна регулатива. По период на интензивни промени, актуелната состојба на високообразовниот систем е релативно стабилна, што овозможува воведување на во голема мера применлив систем за управување со квалитет наменет да се користи на долг рок. На централно ниво, одредена улога се очекува да има Агенцијата за квалитет на високото образование, одговорна за акредитација и евалуација на високото образование во Македонија, според новиот закон. Целта на системот за целосно управување со квалитетот во високото образование е да се постигнат задачите на институцијата на ефикасен начин, задоволувајќи ги потребите на корисниците по разумна цена на услугите. Тој систем се состои од збир на активности кои редовно се извршуваат со цел да се постигнат дадените цели. ИСО 9000 стандардот важи генерално за разни видови на организации. Неколку специфичности треба да се земат во случајот на високото образование. Во литературата се покажува дека основата за управување со целосен квалитет може да се формира со користење на моделирање на деловни процеси. Особено внимание при креирањето на моделите треба да се посвети на задоволството на дипломираните студенти. Често се земени предвид и трајното подобрување на перформансите, лидерството и тимската работа. Општествената одговорност на компанијата заедно со ефективниот систем за управување со целосен квалитет обезбедува солидна основа за одржливо подобрување на перформансите на институцијата. Од особено значење е употребата на теоријата на заинтересирани страни во креирањето на моделот, бидејќи деловите вклучени во процесот имаат суштински различни карактеристики. Ефективниот систем треба да произведе вредност за сите засегнати страни. Покрај тоа, за да се искористи максимум од вкупниот систем на управување, потребно е организациско учење. Авторите сметаат дека во следниот период ќе бидат воспоставени оптимални услови за воведување униформен систем за управување со целосен квалитет кој ќе поддржи забрзано подобрување на квалитетот на високото образовните услуги..

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот претставува утврдувањето на можностите за ефективно

воспоставување на систем за управување со целосен квалитет во високото образование во Македонија и предлагањето на структура на таков систем, за која се очекува да биде функционална и екфикасна.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на системите за целосно управување со квалитетот.

Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.

2. Mitevska Petrusheva, Katerina, **Blagica Novkovska**, and Valentina Mucunska Palevska. Ethics and Moral values in the Concept of Global Education. 2018. In *6th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism, ICON BEST 2018, Global Education, Skills and Competencies: How to Deliver High Quality Business Education in Accordance with the Market Needs October 15–16, 2018, Skopje, Macedonia*, pp. 309–316.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/congress-programm-2018
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,7 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30 %
- *JEL класификација:* I 21, I 23

Опис на трудот
Во овој труд се разгледува концептот на глобално образование, што е многу важно во глобалното општество и глобализацијата на пазарот на трудот. Овие прашања сè уште не се доволно препознаени и нивната примена е сè уште ограничена, особено во областа на високото образование во помалку развиените земји. Глобалното образование е насочено кон подготвување на учениците да стекнат основни знаења и информации за актуелни теми од социјалниот, економскиот, политичкиот и културниот живот што ќе им овозможи да изградат соодветни разбирање, ставови и вештини. Затоа, целта е да ги подготви учениците за глобално, свесно и проактивно учество во локалното, како и во глобалното опкружување. Суштината на овој пристап се засновува на етички и морални норми и вредности, почитување на човековите права, мултикултурализам, почитување на индивидуалноста и различностите истовремено. Концептот на глобално образование во процесот на високо образование има за цел да ја открие потребата за нејзино пошироко вклучување. Во овој труд е направена компаративна анализа на студиските програми, на некои универзитети во Југоисточна Европа. Анализата на трудот го идентификува нивото на посветеност на високообразовните институции за да им се овозможи на младите да ги стекнат потребните знаења и вештини за деловна етика и морални вредности.услуги.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува утврдувањето на можностите за ефективна примена на концептот на глобално образование на универзитети во Југоисточна Европа.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на пазарот на трудот и образованието и промената на тие методи во организацијата на образовните системи.

Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.

3. Naumovska, Ljupka, and **Blagica Novkovska**. 2017. Mind the gap: Generation Y and Z socio-economic choices. In *Proceedings of The 5th International Conference on Research in Behavioral and Social Science, Barcelona, Spain, December 7-9, 2018*, pp. 70–77.

- *Достапност на трудот:* https://www.doi.org/10.33422/5icrbs.2018.12.94
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40 %
- *JEL класификација:* J21

Опис на трудот
Диференцирањето на генерациите под влијание на технологијата предизвика брзи и радикални промени во 21 век од социјален и економски аспект. Развојот на новата технологија постојано ги менува начините на кои луѓето бараат работа, извршуваат задачи, купуваат и донесуваат одлуки. Генерацијата Y и генерацијата Z се технолошки и медиумски водени генерации, што ја доживуваат четвртата индустриска револуција, економски и социјални турбуленции и глобални промени. Оттука, разбирањето на карактеристиките на генерациите Y и Z, и нивната хронолошка разлика, како и карактерите на поединците, е од важност не само за сегашните анализи, туку и за предвидување на иднината. Во Македонија, прилично високата стапка на невработеност и ризикот од сиромаштија создаваат посебни тешкотии во економскиот напредок на генерациите Y и Z. Имајќи ги предвид празнините во професионалниот раст на генерацијата Y што се јавуваат поради неповолното економско опкружување, можеме оптимистички да се потпреме на нашата прогноза дека, негативните ефекти може да се намалат за генерацијата Z, земајќи го предвид позитивниот тренд на употреба на Интернет и пристапот до податоци, образование и социјализација. Сепак, оваа претпоставка мора правилно да се моделира во рамките на предложената мерка со цел да се создаде ефективно и одржливо продолжување на професионалниот развој, образованието и социјализацијата на генерацијата Z. Потребни се соодветни економски политики на национално ниво со цел да се искористи максимумот од потенцијалите на генерациите Y и Z.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува унапредување на разбирањето на карактеристиките на генерациите Y и Z, и нивната хронолошка разлика, како и карактерите на поединците.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на пазарот на трудот и образованието и промената на тие методи во проушувањето на младите во општеството.

Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.

4. Dumičić, Ksenija, Berislav Žmuk, and **Blagica Novkovska**. 2017. Regression analysis of e-commerce: Focusing the selected EU candidates and the EU countries. In *Knowledge and business challenge of globalisation in 2017: conference proceedings of the 7th international scientific conference*,

Celje, 17th November 2017, pp. 156–164.

- *Достапност на трудот:* https://www.researchgate.net/profile/Berislav-Zmuk/publication/323029081_Regression_analysis_of_e-commerce_focusing_the_selected_EU_candidates_and_the_EU_countries/links/5ee8c690a6fdcc73be7fdc9b/Regression-analysis-of-e-commerce-focusing-the-selected-EU-candidates-and-the-EU-countries.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,9 a.a
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30 %
- *JEL класификација:* L81; L86

Опис на трудот

Нивото на развој на една земја може да се мери не само на традиционален начин со употреба на Бруто домашен производ (БДП) по глава на жител, туку и со воведување на некои современи мерки. Една од таквите мерки е процентот на индивидуи кои неодамна го имале последното купување преку Интернет, т.е. нивото на усвојување на е-трговијата, што покажува колкав дел од луѓето во една земја користат опција да направат трансакција за купување или продавање преку Интернет во одреден временски интервал. Целта на трудот е да се истражи влијанието на неколку варијабли врз нивото на усвојување на е-трговија кај избраните кандидати на Европската унија (ЕУ) (Поранешна Југословенска Република Македонија, Србија и Турција) како и во земјите-членки на ЕУ-28. Во трудот, нивото на усвојување на е-трговијата, како што е дадено во методологијата на Евростат, се проценува според променливата набавка на Интернет од страна на физички лица, на возраст од 16 до 74 години, кои последното купување преку Интернет го извршиле во претходните 12 месеци. Влијанието се забележува со користење на регресивно моделирање каде што беше применет пристапот на сите можни регресии. Како објаснувачки варијабли во моделирањето со регресија, користени се четирите варијабли: БДП по глава на жител по паритетот на куповна моќ (ПКМ), државни трошоци за образование, стапка на пенетрација на Интернет и ниво на Интернет вештини на поединците. Првично, се развиени 15 стандардни модели на линеарна регресија во најмали квадрати. Сепак, само три модели на регресија беа задржани и доизградени во детали. Во процесот на избор на модел, три регресивни модели исполнија два услови, кои беа претходно поставени од истражувачите, како што се прикажани понатаму: се открива дека сите објаснувачки променливи се статистички значајни на ниво на значење од 5% и тие имаат најнискао вредност на индикаторот на Gallow Mallow кај регресивните модели со ист број на објаснувачки варијабли. Претпоставките за регресија биле задоволени од сите три избрани модели на линеарна регресија. Сите четири објаснувачки променливи се појавиле најмалку кај еден од избраните модели. Понатаму, во сите три набудувани регресиони модели, знаците на проценетите вредности на параметрите кај објаснувачки променливи се позитивни. На тој начин, може да се заклучи дека зголемувањето на објаснувачката променлива исто така треба да има позитивно влијание на нивото на е-трговија или на нивото на развој на една земја, соодветно. Во идните истражувања, развојот на нивоата на е-трговија во земјите-членки на ЕУ и кандидатите за ЕУ треба да се следи во различни временски моменти.

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот претставува утврдувањето на влијанието на неколку варијабли врз нивото на усвојување на е-трговија кај избраните кандидати на Европската унија (ЕУ) (Поранешна Југословенска Република Македонија, Србија и Турција) како и во земјите-членки на ЕУ-28.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за утврдување на врски помеѓу индикаторите за појавите преку статистичко моделирање, со што се дава придонес во решавањето на овој проблем.

Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.

5. Kjosev, Sasho, and Blagica Novkovska. 2017. Social Accounting Matrix-Methodological Basis for Sustainable Development Goals Analysis in the Western Balkan Countries. In *Proceedings of the 14th International Symposium on Operational Research SOR'17*, pp. 33–38. Slovenian Society INFORMATIKA, Section for Operational Research, Bled, 2017.

- *Достапност на трудот:* printed
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,6 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* C54, C55, C82, O81

Опис на трудот
Техниката на социјална сметководствена матрица (САМ) се покажа како исклучително корисна за давање основа на длабински анализи на сите економски текови и врски меѓу нив. Високо развиените методи веќе се применуваат во развиените земји, каде што го покажаа својот потенцијал за исцрпни анализи и следење на реализацијата на целите за одржлив развој. Воспоставениот САМ во институциите што произведуваат официјални статистички податоци е од особено значење за производство на САМ организирани податоци. Во случајот на земјите од Западен Балкан, ваквите институционални капацитети за производство на САМ и нивната употреба сè уште не се утврдени. Во овој труд, ние предлагаме создавање на мрежа за социјално сметководство на Државните заводи за статистика во регионот на Западен Балкан, за развој на методологија SAM, SESAME и NAMEA прилагодена на спецификите, потребите и барањата на земјите од Западен Балкан. Наведени се очекуваните придобивки од оваа мрежа.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот се состои во предлогот за воспоставвуа на САМ мрежа за земјите од Западен Балкан по примерот на развиените земји.

Личен научен придонес на авторот
Личниот научен придонес на авторот во овој труд изнесува 40 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите за проучување на социоекономските појави.

Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд

6. Novkovska, Blagica. 2017. Modelling of temporal patterns of hidden economy in connection with energy consumption. *Proceedings of the 14th International Symposium on Operational Research SOR'17, Bled, Slovenia, September 27-29, 2017, Ljubljana,* pp. 47–52. Slovenian Society Informatika, Section for Operational Research, 2017.

- *Достапност на трудот:* printed

- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,6 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* : E26, Q43, P28

Опис на трудот
Во овој труд се дискутирани методите за проценка на големината на сивата економија. Особено внимание е посветено на методите што ја користат потрошувачката на електрична енергија како индикатор (методот на Лацко и методот на Кауфман и Калиберда). Се покажуваа дека ваквите методи можат да се користат за да се одреди големината на скриената економија во малите отворени економии изложени на сериозни надворешни влијанија. Прикажани се резултатите за Македонија и е направена споредба со резултатите за Хрватска, како добар пример за другите држави од Западен Балкан.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот се состои во мерењето на сивата економија преку модификуван метод на внес на енергија.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите на стистичкото моделирање и познавањето на економските појави, што е основа за ефективно решавање на проблемот и предлагање на потребните мерки за различни политики за справување со сивата економија.

Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд

7. Novkovska, Blagica. Excluded young people in Macedonia from education, trainings and employment-why and how to include them, Proceedings of the ICON BEST 2016 - The 5th Jubilee International Scientific Congress, GLOBAL TOURISM CHALLENGES IN 21st CENTURY, pp.199–208.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* P36

Опис на трудот
Овој труд ги презентира резултатите од 10-годишната анализа на базата на податоци во врска со младите луѓе на возраст од 15-24 години во Македонија, кои се дел од НОВО (Не се во Образованието, Вработувањето или Обуката). Младите луѓе кои се идентификувани како НОВО, не се ниту вработени ниту во образование или обука и имаат многу висок ризик да станат ранлива група за сиромаштија и социјална исклученост. Статусот на овие луѓе е сè поважен низ цела Европа и нивното вклучување во општеството е целна политика на европско ниво.
Тука, познатите резултати за ЕУ се споредуваат со вредностите за Македонија добиени во оваа

работа. Така, во ЕУ како целина, стапките на НОВО ескалираа на 12,0% во 2015 година, додека во Македонија достигна огромна вредност од 24,7% во истата година. Откриено е дека женските млади мажи имаат поголемо учество во НОВО од машките. Во истиот период со ризик од сиромаштија во ЕУ во 2014 година биле 23,8% од младите, додека во Македонија од ризик од сиромаштија биле 28,3%. Во 2015 година во Македонија биле вработени само 17,3% од младите на возраст од 15-24 години, додека во истиот период биле вработени 33% од младите во ЕУ 28.
Анализата презентирана во трудот ќе помогне да се разбере реалната димензија на исклученост на младите во Македонија и предизвиците што влијаат на животот на овој особено важен дел од населението. Нивното учество во НОВО може да влијае врз нив цел живот со сериозни индивидуални последици. Покрај тоа, таа исто така може драстично да ја деградира социо-економската состојба на земјата. Имено, лицата во НОВО се подложни на пад во скриениот економски сектор каде што продуктивноста е значително внатрешна на овој редовен сектор, со што се намалуваат вкупните перформанси на националната економија. Податоците пријавени тука ја поттикнуваат потребата од постојана и ефективна поддршка на младите со цел да се обезбеди одржливо вклучување на нив во образованието и пазарот на трудот. Ова вклучување има потреба од долгорочни стратегии за зголемување на младинските вештини, компетенции и вработливост. Овие стратегии треба да бидат насочени кон ефективна обука за извршување на помошни задачи поврзани со употребата на новите технологии за кои се очекува да бидат доминантни во 21 век, со создавање на нов вид на професионално образование.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува 10-годишната анализа на базата на податоци во врска со младите луѓе на возраст од 15-24 години во Македонија, кои се дел од НОВО (не во образованието, вработувањето или обуката)наравената анализата, што ќе помогне да се разбере реалната димензија на исклученост на младите во Македонија и предизвиците што влијаат на животот на овој особено важен дел од населението

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на социлајната исклученост, преку што се решава поставениот проблем со малдите лица лои се дел од НОВО.

Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд

8. Novkovska, B. 2016. The size of the hidden economy in Macedonia: Tendencies and challenges. *Proceedings of the ISCCRO: International Statistical Conference in Croatia, 05-06 May 2016, Zagreb, Croatia*, pp.182–189.

- *Достапност на трудот:* printed
- *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* O17, H26, H27, C3

Опис на трудот
Во сите економии има активности кои ниту се опфатени ниту регистрирани од официјални институции и кои, заради последиците што ги предизвикуваат, привлекуваат интерес на

истражувачите, статистичарите, креаторите на политики и целата јавност. Присуството и обемот на сивата економија во Македонија е водено од влијанието на различните причини и фактори, некои од нив произлегуваат од спецификите на економските и политичките настани во последните две децении. Овој труд дава сеопфатен преглед на дваесетгодишни податоци за сивата економија во Македонија проценети со методот на енергетски внес и моделот на латентна проценка. Откриено е дека различни фактори влијаеле врз нерегистрираните активности, но даночното оптоварување и избегнувањето на стандардите за работни односи се доминантно одговорни за високиот степен на скриена економија. Потребните мерки за различни политики за справување со сивата економија во Македонија се претставени на крајот од трудот.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот се состои во мерењето на сивата екомомија на Република Македонија за претходниот дводеценски период по два независни методи и утврдувањето на главните фактори за нејзиното генерирање.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на методите на стистичкото моделирање и познавањето на економските појави, што е основа за ефективно реѓавање на проблемот и предлагање на потребните мерки за различни политики за справување со сивата економија.

Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд

б) Поглавја во книги

1. Book-Novkovska, Blagica. *Skills demand and supply in North Macedonia: An analysis at regional and local levels*. European Training Foundation, 2020.
    - *Достапност на трудот:* https://www.etf.europa.eu/sites/default/files/2020-11/skills_demand_and_supply_north_macedonia.pdf
    - *Вид на трудот (категорија):*оригинален научен труд
    - *Опсег на трудот:* 7.2 а.а
    - *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 40 %
    - *JEL класификација:* I21, I29

Опис на трудот
Во трудот се претставени наодите од истражувањето спроведено од април до август 2019 година за состојбите на пазарот на трудот (страната на понудата и страната на побарувачаката) на стручни профили во три региони (Североисточен, Полошки и Југозападен) од Република Северна Македонија. Во трудот е опиша детално методолошката рамка, со цел да може понатаму да се репродуцираат соодветни резултати за дргуите региони, како и за наредени периоди, на конзистентен начин. Идентификувани се секторите на дејност коишто се брзо растечки и брзо опаѓачки за секој од регионите.
.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува утврдувањето на актуелните состојби со понудата и побариувачката во три региони од Република Северна Македонија и прогнозирањето на движењата на периодот од наредната деценија.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на пазарот на трудот и неговата поврзаност со образованието.

Рецензентската комисија овој некатегоризиран научен труд го оценува како оригинален научен труд.

2.2.4. Учество во научни проекти

2.2.4.1. После избор во звање доцент

1. Кандидатот, доц. д-р Благица Новковска, била истражувач на научно-истражувачки проект со наслов: "Жените во деловниот свет и менаџментот во Република Македонија" (*Прилог*).

Проектот е иницран и се реализира од Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, а поддржан од Универзитетот за туризам и менаџмент. Се спроведува во временски период од 8 месеци, со почеток од април 2017 година.

Целта на истражувањето е да ги открие и проучи несвесните и деликатни инхибитори за овозможување позитивно искуство и целосно искористување на жените на извршни и менаџерски позиции. Анализата опфаќа силни организациски елементи кои ги обликуваат искуствата на жените во корпоративна Македонија. Резултатите ќе придонесат за пошироко обелоденување на имплицитните бариери за женскиот кариерен развој и ретенција и ќе ги поттикне организациите да се вклучат во агендата за диверзитет во Македонија.

Менаџерската литература опфаќа непишани правила и аранжмани кои ги ја регулираат структурата на работното место и половата динамика. Овие елементи на организациската култура се субјективни и моќни. Тие имаат потенцијал за ограничување на женските можности за унапредување и потценување на нивното искуство на работното место. Многу меѓународни и домашни студии имаат идентификувано корелација помеѓу множеството од структурни и културни сили и подпросечното застапување на жените на сениорски функции. Значителни истражувања на културата на лидерството и авторитеот во корпоративните средини утврдиле дека улогата на полот, сексуалната припадност и моќта имаат значителен удел во кариерниот развој на жената.

Истражувањето ја следи оваа насока но ќе продолжи со понатамошно, продлабочено адресирање на јазот во нашето разбирање за влијанието на организациската поставеност кога се во прашање жените на работното место.

2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат нејзината повеќегодишна активна научна дејност, и ја афирмираат Доц.д-р Благица Новковскакако признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, доц. д-р Благица Новковска, опфаќа 28 научни труда од кои 20 се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, а освен тоа, објавила и 8 труда од се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции.

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на економските науки, област меѓународна економија, економска статистика и друго.

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажала способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на економските науки, за која се предлага во наставно-научно звање. Доц д-р Благица Новковска успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на правото, особено човековите права, деловното право и друго.

Доц. Д-р Благица Новковска поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека Доц. д-р Благица Новковска е квалификувана со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од областа на економските науки, меѓународната економија, економската статистика и друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е ***10 години активна во научно-истражувачката работа****;*
- Изработила и одбранила докторска дисертација;
- Објавила вкупно **19** ***научни труда*** во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки (**Web of Science** – 4 труда);
- Во зборници на трудови**,** објавила вкупно ***19 труда***;
- Објавила како коавтор 3 книги и како единствен автор ***1 книга*** рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија;
- Учествувала како истражувач во еден национален научен проект поддржан од УТМС *(Прилог).*
- Учествувала како екперт во 5 меѓународни апликативно-развојни проекти
- Научни трудови објавува на англиски јазик (41), и на македонски јазик (1);
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на економските науки;
- Активно учествувала на вкупно ***19 меѓународно научни конференции*** *(16 одржани во странство и 3 одржани во земјата*, со што покажала дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови,

предлози и препораки за унапредување на економската наука, посебно во областите за кои се врши избор.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на доц. д-р Благица Новковска по својот опсег, квлитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат економската наука, а особено областа на меѓународна економија, економска статистика и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, доц. д-р Благица Новковска, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредила научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека нејзините научни трудови и научен придонес ја афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, полето на економските науки, област намеѓународна економија, економска статистика и друго.

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидат ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот доц. д-р Благица Новковска во целост е квалификувана за избор во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, Научно-истражувачко поле Економски науки, област: 50309 Меѓународна економија, 50327 Економска статистика и 50329 Друго на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во согласност со условите дефинирани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018).

3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

3.1. Наставна дејност

Доц. д-р Благица Новковска била избрана како доцент на Економскиот факултет во јуни 2016 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Била ангажирана во наставата на првиот и вториот циклус на студии наУТМС.
Доц д-р Благица Новковска била ангажирана во наставата на првиот циклус на студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и тоа:
Ангажираност на прв циклус на студии:
Економија (Економски факултет, Факултет за менаџмент на човечки ресурси, Факултет за претприемачки бизнис, Факултет за туризам)
Статистика (Економски факултет, Факултет за менаџмент на човечки ресурси, Факултет за претприемачки бизнис, Факултет за туризам)
Меѓународна економија (Економски факултет),
Демографија (Економски факултет),
Трговски менаџмент (Факултет за претприемачки бизнис)
Осигурување (Економски факултет),

Ангажираност на втор циклус на студии:
Осигурување и реосигурување (Економски факултет),
Даночен менаџмент (Економски факултет),
Кредитна политика (Економски факултет),
Плати и наградување (, Факултет за менаџмент на човечки ресурси)

1.2. Стручна дејност

Доц. д-р Благица Новковска била рецензент на книгата „Политичка визија - вредносен модел на политички поредок“ од проф. д-р Љупчо Ристовски.
Доц. д-р Благица Новковска е Рецензент на трудови во меѓународни научни списанија и тоа:

1. Croatian Review of Economic, Business and Social Statistics https://sciendo.com/journal/CREBSS
2. Statistics in Transition New Series https://www.exeley.com/journal/statistics_in_transition
3. Interdisciplinary Description of Complex Systems – INDECS https://www.indecs.eu/
4. Business Systems Research Journal http://www.bsrjournal.org/

Доц. д-р Благица Новковска била член на Научни одбори на повеќе меѓународни научни конференции.

3.2.Оценка од самоевалуација

Во 2016 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје била спроведена самоевалуација на наставниот кадар. Во анкетните прашалници пополнети од страна на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент евалуацијата на наставниот кадар се врши со оценки од 1–5.

Д-р Благица Новковска има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите и високи оценки од студентската евалуација: 4,75 на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

3.3. Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност, доц. д-р Благица Новковска, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.

Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, но и вклучување на гости предавачи од практиката во рамките на предавањата.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредила наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Била ментор на над 30 дипломски работи, ментор на над 20 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 100 магистерски трудови.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредила својот наставен процес на Економски факултет, Факултет за менаџмент на човечки ресурси, Факултет за претприемачки бизнис, Факултет за туризам.

Исто така, кандидатот во средината ужива углед на амбициозен и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на правото и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

4.1. Рецензии

Кандидатот, доц. д-р Благица Новковска учествувала во поголем број меѓународни апликативно-развојни проекти. Понатаму е даден списокот на пет најзначајни од тие проекти работени во текот на извештајниот период:

1. „Придонес кон политиките за миграција на трудот засновани врз докази за здравствените и ИКТ секторите во Босна и Херцеговина“
2. „Мапирање и проценка на потребите на Ромите и мапирање на потребите на лицата со попреченост во Босна и Херцеговина“
3. „ STED (Skills for Trade and Economic Diversification) анализа во ИТ секторот во Босна и Херцеговина“
4. „Национална експертиза во поддршка на идентификацијата на понудата и побарувачката на вештини на регионално и локално ниво во Република Северна македонија“
5. „Колектирање на статистички податоци и информации за стручното образование и обука, вештините и вработувањето (во 12 земји)“

4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведените факти создаваат заокружена слика за кандидатот, доц. д-р Благица Новковска, како активна и стручно определена личност, која со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на поширокатa јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи правни концепти.

Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на правото. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на нејзиниот интерес, како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот правен развој на државата.

5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на доц. д-р Благица Новковска, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 166 став 2 од Законот за високото образование на Република Македонија за Критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор:

1. Кандидатот **доц. д-р Благица Новковска** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.

2. Кандидатот **доц. д-р Благица Новковска** има објавени дваесет и шест научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија кои се од соодветната област.
3. Кандидатот **доц. д-р Благица Новковска** има учество во еден научно-истражувачк проекти и пет меѓународни развојни проекти.
4. Кандидатот **доц. д-р Благица Новковска** има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
5. Кандидатот **доц. д-р Благица Новковска покажува** способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.

Кандидатот **доц. д-р Благица Новковска** била ментор на над 30 дипломски работи, ментор на над 25 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 100 магистерски трудови.

6.
7. Кандидатот **доц. д-р Благица Новковска** има позитивна оценка од самоевалуација.
8. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **доц. д-р Благица Новковска** и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
9. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за нејзините постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да заклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
10. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на економските дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Економскиот факултет** на **Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, доц.д-р Благица Новковска** да ја избере во наставно-научно звање **вонреден професор** *во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, Научно-истражувачко поле Економски науки, област: 50309 Меѓународна економија, 50327 Економска статистика и 50329 Друго.*

Рецензиона комисија:

д-р Сашо Ќосев, редовен професор, претседател
Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

д-р Јулијана Ангеловска, редовен професор, член
Економски факултет, Универзитет за Туризам и Менаџмент во Скопје

д-р Наташа Ристовска, вонреден професор, член
Факултетот за претприемачки бизнис, Универзитет за Туризам и Менаџмент во Скопје

Табела 1. Рекапитулација на научните и стручните трудови на кандидатот

Вид на трудот	Пред избор во доцент	После избор во доцент	Вкупно
НАУЧНИ ТРУДОВИ 1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија	2	17	19
2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции	11	8	19
3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции			
4. Книги	3	1	4
ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ	**16**	**26**	**42**
СТРУЧНИ ТРУДОВИ 1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии			
2. Проекти и рецензии		5	5
3. Прирачници			
ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ		**5**	**5**
4. Други трудови			
ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ	**16**	**31**	**47**

ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

ЗА ИЗБОР НА

д-р Сашко Граматниковски

ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** ОД ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

СОДРЖИНА

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ 170

2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ 171

3. ОДБРАНЕТИ НАУЧНИ ТРУДОВИ 172

3.1. Магистерски труд 172

3.2. Докторска дисертација 175

4. ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ 179

4.1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија, како и слични списанија и публикации 179

4.2. Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство 179

4.3. Останати научни трудови 179

5. ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА НАУЧНИОТ ПРИДОНЕС ВО ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ 180

5.1. Приказ и оценка на научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија и по вид слични списанија и публикации 180

5.2. Приказ и оценка на научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство 182

5.3. Приказ и оценка на останати научни трудови 183

Учество во научни проекти 183

6. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ 186

1.1. Оценка на севкупната наставна дејност 187

7. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА 188

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Нова Македонија“ на **17.12.2020** година, во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријави само д-р Сашко

Граматниковски, за звање редовен професор по група предмети од научно-истражувачко поле: 514 туризам и угостителство, област: 51413 туризмот и културно наследство, 51416 комуникации во туризмот и 51419 друго.

Во пријавата за конкурсот, кандидатот ги достави сите потребни документи според условите на конкурсот и соодветните прописи.

На седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот на туризам на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје одржана на 16.02.2021, определена е рецензентска комисија во состав:

- Д-р Аце Миленковски, редовен професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
- Д-р Слободан Ивановиќ, редовен професор на Факултетот за менаџмент во туризмот и угостителството во Опатија на Универзитетот во Ријека, Република Хрватска;
- Д-р Сашо Кожухаров, редовен професор на Економски факултет, Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје;

Оваа Комисија доби задача да напише рецензија во врска со изборот за наставник во наставно-научно звање редовен професор во научно-истражувачко поле: 514 туризам и угостителство, област: 51413 туризмот и културно наследство, 51416 комуникации во туризмот и 51419 друго.

Во својство на членови на Рецензентската комисија го прифативме именувањето. По разгледување на пријавата и приложената документација и по извршената анализа на научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, а врз основа на член 112 став 1 алинеја 7, член 164, член 166 став 3, член 171, член 172 и член 173 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018), како и врз основа на член 92 став 1 алинеи 2 и 14 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, Рецензентската комисија го поднесува следниот:

ИЗВЕШТАЈ

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ

Кандидатот д-р Сашко Граматниковски е роден 14.01.1975 година во Скопје. Основно образование завршил во 1989 година, а средно образование во 1993 година (насока информатички техничар). На Природно-математичкиот факултет (насока Етнологија) се запишува во 1995 година,

а основни студии завршува во 1999 година со просечен успех 9,54. Постдипломски студии запишува на ПМФ, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (насока Географски аспекти на планирање на туризмот). Магистрира во 2007 година на тема „Компаративни вредности на туризмот помеѓу југоисточниот дел на Големото и источниот дел на Малото Преспанско Езеро“. Докторира во 2010 година на Универзитетот во Нови Сад на тема „Туристичката валоризација на Македонскиот дел на Преспанското Езеро“.

Од 2006 година е избран за помлад асистент по група предмети од туризмолошко – географските дисциплини на Факултетот за туризам во Скопје и во 2007 година за асистент по група предмети од туризмолошките дисциплини, како асистент на Факултетот за туризам - Скопје. Во 2011 година е избран за доцент по група предмети од областа на туризмот.

На Факултетот за туризам ангажиран е на следните предмети:

На додипломски студии:

- Туризам, принципи и практика
- Културно наследство
- Туризам и транспорт
- Туристички дестинации

ОДБРАНЕТИ НАУЧНИ ТРУДОВИ

Магистерски труд

Сашко Граматниковски во 2007 година на Природно-Математичкиот Факултет при Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје во склоп на последипломските студии на насоката Географски аспекти на планирање на туризмот, го одбрани магистерскиот труд со наслов „Компаративни вредности на туризмот помеѓу југоисточниот дел на Големото и источниот дел на Малото Преспанско Езеро“, под менторство на проф. д-р Никола Панов и се стекна со звање магистер по географски науки – туризмолог.

Комисијата за одбрана на магистерскиот труд беше во состав: претседател, проф. Д-р Ристо Мијалов, Институт за географија на ПМФ, Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје, проф. Д-р Михајло Зиков, Институт за географија на ПМФ, Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје и проф. д-р Благоја Марковски, Институт за географија на ПМФ, Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје.

Магистерски труд

Сашко Граматниковски, Компаративни вредности на туризмот помеѓу југоисточниот дел на Големото и источниот дел на Малото Преспанско Езеро, ПМФ, УКИМ, Скопје, 2007

Покрај воведот предметот целите и задачите магистерскиот труд се состои од десет логично поврзани целини.

Во **првиот дел** се објаснува **географска положба и сообраќајна поврзаност на** просторот што е предмет на проучување на овој труд, кој се наоѓа во границите на две држави, Република Македонија и Република Грција. Бидејќи двата дела (во двете држави) се интегрирани во една природно-географска целина, а тоа е Преспанската Котлина, во проучувањето ќе бидат третирани како единствен простор, посебно гледано од природно–географски аспект. Во општествено-економските услови постојат разлики во двата дела, како последица на различниот општествен и историско-политички развој, кој се одразил и на степенот на развој на туризмот. Оттука и покрај поставената цел, овој простор во проучувањето да се третира како единствен и да се споредуваат двата дела преку исти параметри, тоа не може да се реализира.

Во **вториот** дел е објаснета туристичко-географска положба и опфатени се положбата во однос на емитивните подрачја, положба во однос на главните сообраќајни правци положбата во однос на останатите туристички просторни целини, положбата во однос на останатите туристички мотиви. Главната поента на овој дел е дека покрај туристичките просторни целини многу значајно е и постоењето на богатство на туристички мотиви во нив, кои се ноѓаат во непосредна близина на едно туристичко подрачје. Туристичките просторни целини во непосредна околина на Преспанската Котлина изобилуваат со многу туристички мотиви од повеќе видови, како од природно така и културно-историско потекло.

Во **третиот** дел објаснети се природно-географски карактеристики како фактор за развој на туризмот, овој дел изобилува со статистички податоци во подолг временски период за климатските услови и состојбите во областа, како и за облачноста, инсолацијата, релативната влажност на воздухот и магла. Хидрографски карактеристики, Преспанско езеро, Речна мрежа, Био-географски карактеристики, Пејзажно-амбиентални карактеристики.

Во **четвртиот дел** опфатени се антропогените карактеристики како фактор за туристичка валоризација. Како антопогени карактеристики земени се Културно-историските споменици, Културно-историски споменици во проучуваниот дел во рамките на Р. Македонија, Културно-историски споменици во проучуваниот дел во рамките на Р. Грција, Манифестации, Етно-социјални појави.

Во **петиот дел** Социо-географски карактеристики, се земени во предвид населбите и нивните основни карактеристики и населението и неговите основни карактеристики. Заклучокот од овој дел е дека во проучуваниот простор на Преспанската котлина спаѓаат 17 села. Од нив во делот на Р. Македонија се 8 села, а во делот од Р. Грција 9 села. Едно од нив, селото Опаа е раселено пред Првата светска војна, поради поплавувањата настанати со покачување на нивото на Малото Преспанско Езеро. Најголем дел од селата лежи на излезот од речните долини, во рамницата, а помал дел се наоѓаат до бреговите на езерата. Тоа е селото Ахил, кое се наоѓа на истоимениот остров, а другите две крајбрежни села се Нивици во Р. Грција и Наколец во Р. Македонија.

Во **шестиот дел** материјална база за развој на туризмот, се истакнува **значењето** за развојот на туризмот во одреден простор покрај природните услови и културно-историското богатство, како основни фактори, значајна улога има и материјалната база која овозможува наведените услови да можат да се искористуваат. Во материјалната база спаѓаат: сместувачките капацитети, сообраќајната, водостопанската, комуналната, здравствената инфраструктура и друго.

Во **седмиот дел** оценка на квалитетот на туристичката понуда се обработува начинот на анализа и оценка на квалитетот на туристичката понуда преку т.н. SWOT анализа. Анализата ги опфаќа четирите основни карактеристики кои се важни за да се добие комплетна слика за тоа што е предмет на проучување и истите се детално обработени во овој дел.

Во **осмиот дел** облици на туристичкиот промет објаснети се езерскиот туризам, селскиот туризам, манастирскиот туризам, манифестациониот туризам. Во овој дел објаснет е туристичкиот промет, во делот на Преспанската Котлина што е предмет на проучување, во сегашниот степен на развој на туризмот се базира исклучиво на езерскиот туризам. Заклучоците на овој дел се дека покрај езерскиот туризам во зачеток се селскиот, манастирскиот и манифестациониот туризам.

Деветиот дел, зонирање и туристичко-рекреативни локалитети**,** обработени се туристичкиот локалитет „Крани“, туристичкиот локалитет „Сливница“, туристичкиот локалитет „Штрбово“, туристичкиот локалитет „Наколец“, туристичкиот локалитет „Долно Дупени“, туристичкиот локалитет „Раби“, туристичкиот локалитет „Нивици“, туристичкиот локалитет „Марушица“, туристичкиот локалитет „Бели Водје“, туристичкиот локалитет „Попли-Штрково“, Островите Голем Град и Ахил, како посебни туристички локалитети.

Во **десеттиот дел** перспективи за развој на туризмот се наведува дека во македонскиот дел не постојат никакви строги норми во однос на квалитетот и архитектонскиот стил, нема никакви кредити ниту за стамбени ниту за туристички објекти. Затоа и покрај добрите природни одлики има стагнирање во развојот на туризмот во нашиот, македонски простор. Освен инвестициите во

југословенското време во локалитетот „Крани“ други инвестиции немало. Како резултат на тоа, тука по селата се наоѓаат по некоја мизерна кафана или продавница за основни намирници, додека во грчкиот дел има не само современо уредени таверни туку и релативно голем број на помали современо уредени хотели. Исто така голем е и бројот на специјално опремени соби за издавање за чии стандарди води контрола државата, бидејќи и таа финансира преку кредити.

Научниот придонес на магистерскиот труд се состои во теоретско-истражувачките вредности. Кандидатот користејќи релевантна литература, соодветни научно истражувачки методи и теренски истражувања констатира дека целокупната општествена заедница треба да завземе водечко место во водењето на туристичката политика преку координирање на голем број активности за водење активна туристичка пропаганда кон земјите кои можат да бидат потрошувачи на нашата понуда.

Личниот придонес се гледа во тоа што авторот преку стручна и научна анализа ги зема во предвид сите релевантни показатели од областа на компаративните вредности на туризмот.

Докторска дисертација

Сашко Граматниковски во 2010 година на Универзитетот во Нови Сад докторира на тема „Туристичка валоризација на Македонскиот дел на Преспанското Езеро“**,** под менторство на проф. д-р Саша Кицошев, редовен професор на Универзитетот во Нови Сад на Природно-математичкиот факултет, Департман за географија, туризам и хотелиерство.

Комисијата за изработка и одбрана на докторската дисертација работеше во состав: претседател проф. д-р Лазар Лазиќ, проф. д-р Аце Миленковски и доц. Д-р Драгослав Павиќ.

Со одбрана на докторската дисертација, кандидатот се стекна со титула **доктор на науки од областа на туризмот.**

Од досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научниот интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Прво со магистарскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирал својата истражувачка ориентација кон проучување на географските аспекти на планирањето на туризмот, а особено неговата улога и значење во функција на туризмот, каде посебно се специјализирал во областа на туристичката валоризација во Р. Македонија.

Докторска дисертација

Сашко Граматниковски, „Туристичка валоризација на Македонскиот дел на Преспанското Езеро“, Универзитетот во Нови Сад, 2010.

Покрај воведот, предметот, целите и задачите дисертацијата има дванаесет логично поврзани поглавја.

Во **првото поглавје** се прикажува географската положба и сообраќајната поврзаност на истражуваната територија за да се согледаат конекциите на регионот и достапноста на истиот за формулирање на препораки и препознавање можности за истражување.

Во **вториот дел** е објаснета туристичко-географска положба и опфатени се положбата во однос на емитивните подрачја, положба во однос на главните сообраќајни правци положбата во однос на останатите туристички просторни целини, положбата во однос на останатите туристички мотиви. Главната поента на овој дел е дека покрај туристичките просторни целини многу значајно е и постоењето на богатство на туристички мотиви во нив, кои се ноѓаат во непосредна близина на едно туристичко подрачје. Туристичките просторни целини во непосредна околина на Преспанската Котлина изобилуваат со многу туристички мотиви од повеќе видови, како од природно така и културно-историско потекло.

Во **третиот дел** објаснети се природно-географски карактеристики како фактор за развој на туризмот, овој дел изобилува со статистички податоци во подолг временски период за климатските услови и состојбите во областа, како и за облачноста, инсолацијата, релативната влажност на воздухот и магла. Хидрографски карактеристики, Преспанско езеро, Речна мрежа, Био-географски карактеристики, Пејзажно-амбиентални карактеристики.

Во **четвртиот дел** опфатени се антропогените карактеристики како фактор за туристичка валоризација. Како антопогени карактеристики земени се Културно-историските споменици, Културно-историски споменици во проучуваниот дел во рамките на Р. Македонија, Културно-историски споменици во проучуваниот дел во рамките на Р. Грција, Манифестации, Етно-социјални појави.

Во **петиот дел** објаснета е туристичката валоризација на социо-географските карактеристики како и нивните главни карактеристики. Исто така овој дел врши дескрипција на населението и неговите карактеристики.

Во **шестиот дел** материјална база за развој на туризмот, се истакнува значењето за развојот на туризмот во одреден простор покрај природните услови и културно-историското богатство, како основни фактори, значајна улога има и материјалната база која овозможува наведените услови да

можат да се искористуваат. Во материјалната база спаѓаат: сместувачките капацитети, сообраќајната, водостопанската, комуналната, здравствената инфраструктура и друго.

Во **седмиот дел** опфатена е заштитата на животната средина и културно историското наследство како предуслов за развој на туризмот од една страна и заштитата како можност за долгорочна одржливост.

Во **осмиот дел** валоризација на туристичките облици објаснети се езерскиот туризам, селскиот туризам, манастирскиот туризам, манифестациониот туризам. Во овој дел објаснет е туристичкиот промет, во делот на Преспанската Котлина што е предмет на проучување, во сегашниот степен на развој на туризмот се базира исклучиво на езерскиот туризам. Заклучоците на овој дел се дека покрај езерскиот туризам во зачеток се селскиот, манастирскиот и манифестациониот туризам. Овој дел ги опфаќа и резиденцијалниот туризам како и останатите форми на туризмот.

Деветиот дел туристички промет како индикатор за туристичкиот развој ја следи динамиката на развојот движењето на туристите и реализираните аранжмани.

Десеттиот дел, зонирање и туристичко-рекреативни локалитети**,** обработени се туристичкиот локалитет „Крани“, туристичкиот локалитет „Сливница“, туристичкиот локалитет „Штрбово“, туристичкиот локалитет „Наколец“, туристичкиот локалитет „Долно Дупени“, туристичкиот локалитет „Претор“, туристичкиот локалитет „Асамати“, туристичкиот локалитет „Марушица“, туристичкиот локалитет „Сирхан”, туристичкиот локалитет „Отешево и Царина“, туристичкиот локалитет „Стење“, туристичкиот локалитет „Коњско“, Островот Голем Град, како посебена туристички локалитет.

Во **единаесетиот дел** од докторската дизертација формулирана е оценка за квалитетот на туристичката понуда.

Во **дванаесетиот дел** перспективи за развој на туризмот се наведува дека во македонскиот дел не постојат никакви строги норми во однос на квалитетот и архитектонскиот стил, нема никакви кредити ниту за стамбени ниту за туристички објекти. Затоа и покрај добрите природни одлики има стагнирање во развојот на туризмот во нашиот, македонски простор.

Научниот придонес на докторската дисертација: Комисијата смета дека докторската дисертација на кандидатот Сашко Граматниковски преставува актуелна тема во областа на туристичко-географската проблематика. Тоа произлегува од фактот што дисертацијата има соодветна научно-истражувачка заснованост и е обработена според најсовремени методолошки поставки и методи својствени за оваа проблематика. Кандидатот успеал преку соодветни методи и

критериуми да ги валоризира туристичките локалитети. Особен научен придонес се огледува во фактот што во трудот е формулирана оценка за квалитетот на туристичката понуда, како и препораки за подобрување на состојбите како во подрачјето кое е предмет на истражување така и за целата територија.

Личниот придонес на авторот е 100% бидејки се работи за самостоен научен труд од извонредно значење, каде кандидатот навистина успеал да го разработи и анализира сите релевантни аспекти од обработената проблематика.

ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија, како и слични списанија и публикации

1. Daliborka Blazeska, Natasha Ristovska, **Sashko Gramatnikovski**, *The Impact of Digital Trends on Marketing*, UTMS Journal of Economics, Vol.11, No.1, pp.48–58, 2020 (EBSCO).
2. Aleksandra Stoilkovska, **Sashko Gramatnikovski**, Gordana Serafimovic, *The Influence of the Use of Power in Corporate Governance on the Socially Responsible Policies of a Competing Company*, UTMS Journal of Economics, Vol.10, No.1, pp.77–84, 2019 (EBSCO).
3. Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski**, Dejan Nakovski, *Statistical Data in the Tourism Research*, UTMS Journal of Economics, Vol.10, No.1, pp.57–65, 2019 (EBSCO).
4. **Sashko Gramatnikovski**, Ace Milenkovski, Daliborka Blazeska, The Impact of the International Tourism Receipts on GDP: The Case of Republic of Macedonia, International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management Sciences, Vol.6, No.4, pp.220–225, 2016.

Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство

Sashko Gramatnikovski*,The Positive Impact of Outsourcing in the Hotel Industry,* ICON BEST 2020 – The 7th International Scientific Congress "Alternative Paths for Development of Emerging Economies in Global Business Environment", 11 November 2020.

Sashko Gramatnikovski, Meri Nichkova, Marina Stojmirova, *Tourism as an Important Factor in Economic Development,* 6th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism ICON BEST 2018.

Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski**, Dejan Nakovski, *The Role of Cultural and Historical Heritage in Tourism Development of the Maleshevo Mountains*, Singidunum International Tourism Conference SITCON, Belgrade, September 2016, pp.155–160.

4.3 Останати научни трудови

1. Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski***, Macedonia, Encyclopedia of Tourism, Springer International Publishing, 2016.*
2. Sreten Miladinovski, **Sashko Gramatnikovski**, *Економика на туризмот*, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, 2020. ISBN: 978-608-4593-59-1

5. ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА НАУЧНИОТ ПРИДОНЕС ВО ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

5.1 Приказ и оценка на научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија и по вид слични списанија и публикации

Daliborka Blazeska, Natasha Ristovska, **Sashko Gramatnikovski**, *The Impact of Digital Trends on Marketing*, UTMS Journal of Economics, Vol.11, No.1, pp.48–58, 2020 (EBSCO).

Трудот се однесува на анализата на влијанието на современите дигитални трендови врз маркетинг стратегиите и активностите на организациите. Во трудот се разгледуваат промените што ги носи дигиталната трансформација во начинот на комуникација со потрошувачите, како и улогата на новите дигитални алатки и платформи во процесот на маркетинг управување. Особено внимание е посветено на значењето на интернет технологиите, социјалните медиуми и дигиталните канали во креирањето на маркетинг стратегии и унапредување на конкурентноста на организациите.

Научниот придонес на трудот: се состои во согледување на значењето на дигиталните маркетинг трендови како важен фактор за подобрување на комуникацијата со потрошувачите и за поефикасно позиционирање на организациите на современиот пазар.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на кандидатот во трудот се состои во учество во анализата на современите дигитални трендови во маркетингот и нивното влијание врз маркетинг стратегиите и деловните активности на организациите.

Aleksandra Stoilkovska, **Sashko Gramatnikovski**, Gordana Serafimovic, *The Influence of the Use of Power in Corporate Governance on the Socially Responsible Policies of a Competing Company*, UTMS Journal of Economics, Vol.10, No.1, pp.77–84, 2019 (EBSCO).

Трудот ја анализира улогата на корпоративното управување и влијанието на употребата на моќта во организациите врз креирањето и спроведувањето на општествено одговорни политики. Во истражувањето се разгледуваат различни аспекти на корпоративното управување и начинот на кој односите на моќ и донесувањето одлуки во организацијата влијаат врз развојот на стратегии и активности поврзани со општествената одговорност.

Посебен акцент е ставен на поврзаноста меѓу управувачките структури, донесувањето деловни одлуки и имплементацијата на политики кои имаат за цел да придонесат за одржлив развој и општествена одговорност на компаниите.

Научниот придонес на трудот: се состои во истакнување на значењето на корпоративното управување како фактор кој може значително да влијае врз развојот на општествено одговорните политики и практики во организациите.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на кандидатот во трудот се состои во учество во анализата на концептот на корпоративно управување и неговото влијание врз креирањето и имплементацијата на општествено одговорни политики во компаниите.

Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski**, Dejan Nakovski, *Statistical Data in the Tourism Research*, UTMS Journal of Economics, Vol.10, No.1, pp.57–65, 2019 (EBSCO).

Трудот ја разгледува улогата и значењето на статистичките податоци во научните истражувања во областа на туризмот. Во него се анализира значењето на статистичките информации како основа за разбирање на туристичките текови, планирање на туристичкиот развој и донесување на соодветни стратегиски одлуки во туристичкиот сектор.

Во трудот се истакнува значењето на систематското прибирање и анализа на статистичките податоци, како и нивната примена во научните анализи и истражувања поврзани со туристичката индустрија.

Научниот придонес на трудот: се состои во нагласување на улогата на статистичките методи и податоци како основен инструмент за анализа и планирање на развојот на туризмот.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на кандидатот во трудот се состои во учество во анализата на значењето на статистичките податоци и нивната примена во истражувањата во областа на туризмот.

Sashko Gramatnikovski, Ace Milenkovski, Daliborka Blazeska, *The Impact of the International Tourism Receipts on GDP: The Case of Republic of Macedonia***,** International Journal of Academic Research in Accounting, Finance and Management Sciences, Vol.6, No.4, pp.220–225, 2016.

Трудот се однесува на анализата на влијанието на меѓународните туристички приходи врз економскиот развој, со посебен осврт на нивното влијание врз бруто домашниот производ во Република Македонија. Во истражувањето се разгледува значењето на туристичкиот сектор како еден од важните фактори за економски раст и развој, при што се анализираат односите меѓу туристичките приходи и економските показатели. Посебно внимание е посветено на улогата на туризмот како значајна економска активност која придонесува за зголемување на приходите, поттикнување на инвестициите и подобрување на економските перформанси на националната економија.

Научниот придонес на трудот: се состои во укажување на значењето на туристичките приходи како значаен економски фактор кој придонесува за економскиот раст и развој, како и во согледување на поврзаноста меѓу развојот на туризмот и движењето на бруто домашниот производ.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на кандидатот во трудот се состои во учество во анализата на економските ефекти од туристичките приходи и нивното влијание врз економските показатели и развојот на туризмот во Република Македонија.

5.2 Приказ и оценка на научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство

1. **Sashko Gramatnikovski**, The Positive Impact of Outsourcing in the Hotel Industry, ICON BEST 2020 – The 7th International Scientific Congress "Alternative Paths for Development of Emerging Economies in Global Business Environment", 2020.

Трудот се однесува на анализата на примената на аутсорсингот во хотелската индустрија и неговото влијание врз ефикасноста и конкурентноста на хотелските компании. Во трудот се разгледуваат различните аспекти на аутсорсингот како современа менаџерска практика, како и неговото значење за оптимизација на деловните процеси во хотелските организации. Посебен акцент е ставен на придобивките од примената на аутсорсингот во подобрувањето на организациската ефикасност и намалувањето на оперативните трошоци.

Научниот придонес на трудот: се состои во укажување на значењето на аутсорсингот како современа менаџерска алатка која може да придонесе за подобрување на ефикасноста и конкурентноста на хотелските компании.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на кандидатот се состои во анализата на примената на аутсорсингот во хотелската индустрија и во согледувањето на неговото влијание врз деловните резултати и организациската ефикасност.

2. **Sashko Gramatnikovski**, Meri Nichkova, Marina Stojmirova, Tourist Potentials in Underdeveloped Rural Areas in the Eastern Region of the Republic of Macedonia, International Scientific Congress ICON BEST, 2018.

Трудот се однесува на анализата на туристичките потенцијали во неразвиените рурални подрачја во источниот регион на Република Македонија. Во трудот се разгледуваат природните ресурси, културното наследство и традиционалните вредности на руралните средини како основа за развој на руралниот туризам. Посебно внимание е посветено на можностите за развој на одржлив туризам во овие подрачја и на нивното значење за локалниот економски развој.

Научниот придонес на трудот: се состои во согледување на можностите за развој на туризмот во руралните подрачја и во истакнување на значењето на руралниот туризам како фактор за економски и регионален развој.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на кандидатот се состои во анализата на туристичките потенцијали на руралните подрачја и во согледувањето на нивното значење за развој на туризмот и локалната економија.

3. Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski**, Dejan Nakovski, The Role of Cultural and Historical Heritage in Tourism Development of the Maleshevo Mountains, Singidunum International Tourism Conference (SITCON), Belgrade, September 2016, pp.155–160.

Трудот се однесува на анализата на значењето на културното и историското наследство како фактор за развој на туризмот во регионот на Малешевските Планини. Во трудот се разгледуваат природните, културните и историските вредности на овој регион и нивниот потенцијал за развој на различни форми на туризам. Посебен акцент е ставен на улогата на културното наследство во креирањето на туристичката понуда и можностите за унапредување на туристичката атрактивност на регионот.

Научниот придонес на трудот: се состои во согледување на значењето на културното и историското наследство како ресурс за развој на туризмот и во укажување на можностите за валоризација на туристичките потенцијали на Малешевските Планини.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на кандидатот се состои во учество во анализата на туристичките потенцијали на регионот и во согледувањето на можностите за нивна туристичка валоризација и развој.

5.3 Приказ и оценка на останати научни трудови

1. Ace Milenkovski, **Sashko Gramatnikovski***, Macedonia, Encyclopedia of Tourism, Springer International Publishing, 2016.*

Трудот претставува енциклопедиска единица во меѓународната научна енциклопедија *Encyclopedia of Tourism*, издадена од престижната меѓународна издавачка куќа Springer. Во трудот се дава сеопфатен преглед на основните карактеристики на туризмот во Република Македонија, при што се анализираат природните и културните туристички ресурси, развојот на туристичката индустрија и нејзиното значење за економскиот развој на земјата. Посебен акцент е ставен на туристичките потенцијали, туристичката понуда и развојните перспективи на туризмот.

Научниот придонес на трудот: се состои во презентирање на основните карактеристики и туристичките потенцијали на Република Македонија во рамки на меѓународна научна енциклопедија, со што се придонесува за поголема научна и академска видливост на туризмот во земјата.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на кандидатот се состои во учество во подготовката и научната обработка на податоците поврзани со развојот на туризмот и туристичките потенцијали на Република Македонија.

2. Sreten Miladinovski, **Sashko Gramatnikovski**, *Економика на туризмот*, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, 2020. ISBN: 978-608-4593-59-1

Книгата „Економика на туризмот" претставува научно-стручна публикација во која се обработуваат основните економски аспекти на туризмот како значајна стопанска дејност. Во книгата се анализираат економските карактеристики на туристичката индустрија, туристичката побарувачка и понуда, економските ефекти од развојот на туризмот, како и улогата на туризмот во економскиот развој на националната економија. Посебно внимание е посветено на анализата на туристичкиот пазар, туристичката политика и значењето на туризмот како фактор за економски раст и развој.

Научно-стручниот придонес на книгата: се состои во систематско и сеопфатно обработување на економските аспекти на туризмот, со што се придонесува за подобро разбирање на економските процеси во туристичката индустрија и нивното значење за економскиот развој.

Личен придонес на авторот: Личниот придонес на кандидатот се состои во учество во подготовката и научно-стручната обработка на содржината на книгата, со посебен придонес во анализата на економските аспекти на туризмот и нивната примена во развојот на туристичкиот сектор.

Учество во научни проекти

1. **Carbon Initiative for Climate-resilient Agriculture – CARBONICA (Horizon Europe, 2023–2027)**

   Agriculture – Carbonica
   Програма: Horizon Europe
   Период: **2023–2027**
   Координатор: **Foodscale Hub (FSH), Грција**
   Конзорциум: **14 партнери**

Проектот „Carbon Initiative for Climate-resilient Agriculture – Carbonica“е насочен кон развој на иновативни решенија за климатски отпорно земјоделство и намалување на јаглеродниот отпечаток во аграрниот сектор. Основната цел на проектот е да се придонесе кон развој на иновативни решенија за климатски отпорно земјоделство и намалување на јаглеродниот отпечаток во аграрниот сектор, преку примена на современи истражувачки методи, дигитални алатки и модели за одржливо управување со природните ресурси.

Проектот се реализира преку повеќе меѓусебно поврзани активности кои опфаќаат: анализа на постојните практики и политики поврзани со управувањето со јаглеродот во земјоделството; развој и тестирање на нови пристапи и методологии за климатски одржливо производство; соработка меѓу научни институции, организации и стопански субјекти со цел пренос на знаење и практични решенија.

Во рамките на проектот кандидатот д-р Сашко Граматниковски е ангажиран како консултант во истражувачки активности, при што неговиот ангажман опфаќа учество во аналитички и истражувачки активности поврзани со развојот на концепти и модели за одржливо управување со ресурсите и поддршка на проектните истражувања.

2. **All Routes Lead to Rome (Erasmus+, 2019–2022)**

   All Routes Lead to Rome
   Програма: **Erasmus+**
   Референтен број: **2019-IT02-KA203-062798**
   Период: **2019–2022**
   Земји учеснички: **Италија, Македонија, Грција, Шпанија и Белгија**

Проектот „All Routes Lead to Rome”, претставува меѓународен проект реализиран во рамките на програмата Erasmus+, насочен кон развој и унапредување на образовни и истражувачки активности во областа **на туризмот и културното наследство. Основната цел на проектот беше** развој и

унапредување на образовните и истражувачките активности во областа на туризмот и културното наследство**, преку** соработка меѓу високообразовни институции и организации од повеќе европски земји.

Проектот се реализираше преку активности насочени кон:

- развој на современи наставни содржини и образовни материјали поврзани со туризмот и културното наследство;
- размена на знаења и искуства меѓу партнерските институции;
- организирање на научни и едукативни активности за унапредување на компетенциите на студентите и наставниот кадар.

Во рамките на проектот кандидатот **д-р Сашко Граматниковски** учествуваше како координатор и истражувач**,** при што беше вклучен во координацијата на проектните активности, учество во истражувачките задачи и подготовка на научни и едукативни материјали.

3. **PoliRural – Future Oriented Collaborative Policy Development for Rural Areas and People (Horizon 2020)**

   Програма: **Horizon 2020 – Research and Innovation Programme**
   Grant Agreement No.: **862448**
   Координатор: **Czech University of Life Sciences Prague, Чешка**
   Партнер од Северна Македонија: **Green Growth Platform – Скопје**

Проектот „PoliRural – Future Oriented Collaborative Policy Development for Rural Areas and People" има за цел развој на иновативни политики и стратегии за одржлив развој на руралните подрачја. Основната цел на проектот беше развој на иновативни политики и стратегии за одржлив развој на руралните подрачја, преку примена на аналитички и истражувачки методи и преку соработка меѓу научни институции, организации и креатори на политики.

Проектот опфаќаше активности насочени кон: анализа на економските, демографските и развојните трендови во руралните средини; идентификација на развојните потенцијали и предизвици на руралните региони; подготовка на препораки и модели за креирање на политики за одржлив рурален развој.

Во рамките на проектот кандидатот д-р Сашко Граматниковски учествуваше како консултант во истражувачки активности, при што неговиот ангажман се однесуваше на учество во анализата на развојните потенцијали на руралните подрачја и поддршка на истражувачките активности во рамките на проектот.

6. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Сашко Граматниковски досега бил избран два пати за асистент и тоа во 2006 година за помлад асистент по група предмети од туризмолошко – географски дисциплини на Факултетот за туризам во Скопје и во 2007 година за асистент по група предмети од туризмолошки дисциплини, како асистент на Факултетот за туризам - Скопје. Во 2011 година е избран за доцент, а во 2016 за вонреден професор на Факултетот за туризам.

На Факултетот за туризам ангажиран е на следните предмети:

На додипломски студии:

- Туризам, принципи и практика
- Културно наследство
- Туризам и транспорт
- Туристички дестинации

Во 2017-2019 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје спроведена е самоевалуација на наставниот кадар.

Според добиените резултати проф. д-р Сашко Граматниковски на Факултетот за туризам има постигнато успех од 4.69. Ова покажува дека проф. д-р Сашко Граматниковски има позитивна оценка во однос на наставната дејност, која е добиена со анкетирање на студентите кои ги изучуваат овие предмети.

6.1 Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност, д-р Сашко Граматниковски ја подготвува и изведува наставата на додипломските и на последипломските студии.

Кандидатот активно учествува во поврзувањето на наставата на сите нивоа со практичната настава, при што дел од наставните активности ги реализира преку наставни практикуми и теренска настава со студентите.

Со својата работа кандидатот значително придонесува за содржинско и методолошко унапредување на наставниот процес, при што кај студентите поттикнува развој на критичко размислување и потреба за континуирано стручно усовршување. Воедно, има изградено коректен и професионален однос во комуникацијата со студентите.

Кандидатот се залага за поврзување на теоретската со практичната настава, со што студентите полесно ја совладуваат наставната материја, а истовремено активно учествува и во вклучување на практичари во наставниот процес. Освен тоа, постојано настојува да го унапредува наставниот процес преку континуирано иновирање на своите наставни активности.

Во рамките на наставниот процес кандидатот учествува и во подготовка на учебна литература, меѓу кои и учебникот Економика на туризмот (2020), кој претставува значаен придонес за унапредување на наставата во областа на туризмот.

Врз основа на наведеното, Комисијата смета дека досегашната наставна активност на кандидатот покажува дека тој содржински и методички значително го унапредил наставниот процес на Факултетот за туризам.

7. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупната научна, научно-стручна и наставна дејност на кандидатот д-р Сашко Граматниковски, во неговите објавени научни и стручни трудови, биографските податоци и наставната ангажираност, Комисијата го констатира следното:

Содржината на трудовите што ги достави кандидатот, како и неговото долгогодишно академско и професионално искуство, несомнено укажуваат дека станува збор за афирмиран научен работник со значајно научно и наставно искуство во областа на туризмот.

Врз основа на биографските податоци на кандидатот и презентираните резултати од неговата научно-истражувачка и наставна активност (објавени научни и стручни трудови, учество на научни конференции, научни проекти и наставна ангажираност), Комисијата констатира дека станува збор за професионално изграден кандидат со изразени академски и педагошки способности.

Кандидатот активно придонесува за развојот и унапредувањето на наставниот процес, како и за развојот на научно-истражувачката дејност во областа на туризмот, при што успешно ја поврзува теоретската настава со практичната примена.

Кандидатот, покрај научните трудови, придонесува и кон унапредување на наставниот процес преку подготовка на учебна литература, меѓу кои и книгата „Економика на туризмот“ (2020), која претставува значаен придонес за развојот на наставата во областа на туризмот.

Имајќи ги предвид наведените факти, како и исполнувањето на законските услови предвидени со Законот за високо образование, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, кандидатот д-р Сашко Граматниковски да биде избран во наставно-научното звање редовен професор во научното поле:

514 Туризам и угостителство,

областите:

51413 Туризам и културно наследство

51416 Комуникации во туризмот и 51419 Друго

Рецензентска комисија:

- Д-р Аце Миленковски, редовен професор, **Претседател, с.р.**
- Д-р Слободан Ивановиќ, редовен професор**, член, с.р.**
- Д-р Сашо Кожухаров, редовен професор, **Член, с.р.**